СЕЌАВАЊЕ ЗА СЕЛОТО БУФ И НЕГОВИТЕ СТРАДАНИЈА

КОСТА АЛАБАКОВ

Коста Алабаков е роден 1927 година во селото Буф, Егејска Македонија.

Тој има две сестри и еден брат. Неговиот татко уште во 1937 година заминува за Австралија и Коста како најголемо дете е оставен да се грижи за семејството.

Во почетокот на втората светска војна, на шеснаесетгодишна возраст е мобилизиран од страна на Германците, но набрзо пуштен.

Во 1946 година неговата сестра Томанија се иселува во Австралија.

Коста бил активен борец од 1943г во ЕЛАС и ДАГ. Ги поминал сите патешествија и страдања што ги носи војната.

Во1948 година со целата фамилија заминува за Република Македонија. Живее најнапред во село Гајранци, потоа во Велес и Битола каде работи најповеќе во градежни претпријатија.

Во 1949 година се жени со девојка од неговото село која исто така е бегалка. Татко е на една ќерка и еден син. Во јули 1967 година се иселува за Австралија со својето семејство.

Таму работи се до 1990 година кога е пензиониран со боречка пензија. Неговата борба и борбата на Македонците е призната и од далечната Австралија.

За неговата херојска борба одликуван е со медал од страна на австралискиот премиер, а по повод 60 годишнина од победата над фашизмот.

ВОВЕД

За голготата на Македонците од Егејскиот дел на Македонија напишани се многу книги, испеани се многу песни, одржани се голем број конгреси и средби. Но, ретко кога човек може да прочита изворно дело како што е ова на Коста Алабаков

Делото има големо значење, бидејќи Коста е директен учесник во настаните и тоа не како обичен набљудувач, туку како човек врз кого се одвивале настаните. Тој со целата своја душа го почувствувал опожарувањето на неговото село Буф, врз своите плеќи го износил товарот на опстојот на неговото семејство, ги видел ужасите на смртта, немоќта да се помогне на својот близок.

Оваа книга не е само слика за селото Буф. Судбината на ова село ја дели цела Егејска Македонија, сите села и нејзини градови. Коста Алабаков не ја опишува низ својата книга само својата судбина, туку и судбината на своите блиски, на своите пријатели, соселани, соборци и сите кои се нашле во ужасниот виор на војната.

Оваа книга не е автобиографски запис и најмалку е тоа. Алабаков претставувајќи ни го селото Буф, ни ги претставува сите села од тој дел на Македонија: нивното секојдневие, разните обичаи по повод свадби, крштевки, слави. Ни го опишува селскиот живот, секојдневието на селските жени, деца, нивниот однос кон се што ги опкружува. Тука се опишани седенките, прошетките, првите симпатии... Опишан е чемерот и страдањата од сиромаштијата, од небиднината, опишани се чувствата кои ретко излегуваат на виделина... Значи, покрај автобиографското, историското, оваа книга има и етнографско значење.

Селото Буф е претставено и во бројки: број на жители, број на отселени, загинати... даден е список на лични имиња, презимиња. Изнесени се податоци за црковниот живот, за поединости како што е случката за преживеаниот Буфчанец од трагедијата на бродот Титаник и многу други занимливи и непознати случки. А најмногу од се во оваа книга можат да се најдат податоци за битките и борбите на партизаните од ЕЛАС и ДАГ. Тука се опишани разни случки, разни податоци за организацијата на партизаните, имињата на загинатите, инвалидите, командирите и командантите. Опишана е нивната судбина, трогателни настани, херојства, но и покрај решеноста да се борат до крај, доаѓа денот кога мораат да се откажат од своите идеали, од својата цел. И не само тоа: мораат да се откажат и од своето родно место, од својот дом. Да се разделат од своите блиски, од своите најмили. Да заминат во непознато за никогаш да не се вратат. Да останат откорнати, однесени од виорот на војната и одлуките и желбите на големите сили.

Во оваа книга најмногу од се може да се почувствува тагата до бескрај на човекот кој најмногу од се, како и секој друг, си го сака својот дом и своето родно место. А него го нема засекогаш. Останало само во мислите и неговата душа. За него неговиот дом останал вечен непребол.

Проф. Нада Алексоска

СЕЛОТО БУФ

Селото Буф се наоѓа во пазувите на планините Баба и Бигла и е едно од поголемите села во Македонија. Се наоѓа на 28 километри од Битола и 10 километри северозападно од Лерин, со надморска височина од 1,050 метри. Селото е сместено меѓу реките Лалешка и Лајчарска, кои врват низ селото со чиста ладна вода. Надвор од селото има и други реки Рајченцка, Влашкогумно, Осој, Селски Речишча, Таима и Присо. Сите овие реки се мешаат под селото и ја сочинуваат Синивирската Река која продолжува да тече низ селото Горно Клештина и се влива во Елешка Река и од таму оди во Црна Река, па во Вардар и продолжува за Солун каде се влива во Егејското Море. На реките има 28 мостови, некои се ѕидани, а некои дрвени. Во селото имаше 20 чешми и во 1875г. Буфчани доброволно го изградија селскиот водовод во должина од 5 километри. Селото имаше преку 300 куќи, претежно двоспратни кои беа ѕидани со тврд материјал: камен, вар и песок. Селото на исток граничи со селата Горна Клештина, Кладораби и Кабасница а на запад со влашкото село Псодери и Ѓерман. На југ со селата Рамна Шума и Арменско а на север со Раково и Битуша.

Буфчани од секогаш биле работливи. Ако на некој Буфчанец му се случела некоја несреќа, сите селани го помагале за да си ги помине страдањата и да си ги надополни загубите. Со такво единство во 1907г, со доброволен прилог и 3000 лири од селската каса си го изградија новото училиште на два спрата и приземје. Училиштето го посетуваа две одделенија забавачина кои учеа на грчки јазик иако дома се зборуваше македонскиот јазик.

Селото имаше 30 воденици за мелење на жито, 1 валавлица за шајаци и 1 селски казан за варење ракија. Буфчани одгледуваа земјоделски култури и се познати за буфскиот компир 'бинде'. Селаните одгледуваа пченица, рж, пченка и квалитетен грав. Во селото имаше 4 кафеани, 1 фурна за леб, 4 бакалници, 5 кондураѓи, 2 ковачи, 3 самарџии, 2 налбати, 1 бојаџија за вапцување предени шаци, 1 дуќан за боја, 1 бозаџилница, 1 дуќан за макари, копчиња, игли и се за женски потреби. Бидејќи Буф се наоѓа на стрмен терен немаше запрежни коли и се носеше со коњи, маски и магарија.

Првата населба во буфскиот реон беше основана од Славјани, а првобитното село се викаше Новосело и се наоѓаше во сегашната месност Градишта. Подоцна населбата се помести во долниот дел на месноста Таима, позната по името Пелиорот. Во 1946г. селото имаше 325 куќи со 2,250 жители и повеќе од 800 иселенци. Буфчани се Македонци од славјанско потекло и говореа Македонски јазик со јужно-битолски. Иако селото беше со векови под турска окупација, Буфчани си ја сочуваа националноста и честа. По неколку децении жителите на Пелиорот се преселија во Драгна и основаа нова населба, која беше изградена сред шумите меѓу двете реки, Лалешка и Лајчарска. Селото Турците го нарекоа Буф, бидејќи кога стигнале во селото, виделе многу буфови. Населението се проширувало и растело и го осволувало плодните долини покрас двете реки.

Во Буф се водеа значајни битки помеѓу војските на цар Самоил и византискиот император Василие II на тогашното Кале. Буф растел брзо и се развивал во голема населба, која што била центар за десетина околни села и при тоа станал познат под име Буфкол. Буфчани ги знаеле речиси сите занаети. Во селото се одржувал и пазар и имало преноќиште со 12 легла. Буфчани правеле веселби за време на празници и свадби на кои се собираа на средсело каде се свиреше и играше. Свиреа "и по три рала тапани'' како што велеа селаните кога на три места ќе засвиреше и ќе се зафатеа големи ора. Во летните попладнија младите се шетаа зад училишната зграда на просторот Тополиште меѓу двете реки и тука се правеше едното селско корзо. Корзо се правеше и на други две места – под црквата Св. Никола и кај црквичето Св.Тројца кое беше во јужниот дел на селото. Под селото, на источната страна, се наоѓаше манастирот Св. Ѓорѓи. Тука Буфчани праве излет за Ѓурѓовден и си печеа јагнија. Во 1861г. било отворено првото македонско училиште во кое децата учеле на македонски јазик под раковоство на поп Коста Трпков, кој донел за училиштето 186 книги од Белград. Грците, по граѓанската војна, во селото Буф поставија споменик на Поп Коста Трпков како заслужен борец за Грција. Спомекинот грците го открија со говори за историјата и Биографијата на поп Коста, велеа дека тој се борел за Грција, но кога ја откриј вистината спомениkот го забаталија и повеќе не го споменуваа. Спомениkот од поп Коста до ден денес уште стои на видно место во селото.

БРОЈ НА ЖИТЕЛИ

Година	1898	1913	1920	1928	1940	1951	1961	1971	1981	1991
Жители	1,900	2,228	1,709	1,760	1,989	766	723	281	190	154

ТОПОНОМИТЕ ВО БУФСКИОТ СИНОР

Афтилваје	Дабиче	Костов камен	Осојни ливади	Чамарогумно
Афтолоз	Дабичка река	Кортина	Прлејца	Чокрејолаз
Аџиоте нивје	Дебела леска	Кострец	Плочкасти рид	Чуглас
Аџиото ливадче	Дебелиот рид	Криви дол	Радоа ливада	Чулеец
Бакарно гумно	Дејковрид	Крсто	Раженож	Џемоо
Бакарна чешма	Деленче	Кулата	Рамна шума	Шербењца
Бачилишчата	Длабоки дол	Кусиот рид	Рамнишчата	Широка
Бела вода	Доќими	Клко	Рајченца	Широкиотпалег
Белеа шума	Долно доќими	Лазиштата	Рупата	Широка
Божиноите Мочарки	Долнакула	Лајчарите	Русев Палек	Шкревите
Белиоѓе	Драгна	Лајчарска река	Самио Орман	Шупуриште
Бигла	Дренско речиште	Лалешница	Свети Илија	Шупурка
Битушкото	Дга ливада	Лалешка река	Селски речишта	Шурбоарека
Бостанишча	Дга полења	Ледињето	Сини вир	Желката
Брачеврит	Дги рид	Леите	Синивирска река	
Брезојца	Думчејца	Личев мост	Сињако	
Бучалото	Дупџиштето	Мала есика	Скала	
Бучоо речиште	Елешките	Мармаклишта	Скинотината	
Влашко гумно	Ѓуровското ливаче	Мелиштето	Стајковски рид	
Влашки колиби	Златосоњца	Мечка	Стари лозја	
Вртешка	Збрниот рид	Мешкоо	Стрмол	
Вчејо лас	Змиарник	Миленкоа присоњ	Стрмна	
Гаришчето	Зрно речиште	Митрина вода	Стрчка	
Германцкото	Иванов сек	Ново село	Тајма	
Глогои	Изворо	Опаленото	Таимска река	
Голина	Јаболче	Осој	Тесното	
Голото	Јамите	Орлоа стена	Топлик	
Гноиштето	Јаоро	Остри врв	Топличка река	
Горни ливаѓе	Калапо	Орото	Тополишта	
Горно доќими	Калето	Пазарски пат	Трпезница	
Горна чука	Камчината	Палего	Тумбата	
Градишта	Капата мачина	Пачеврит	Ќерало	
Гривата	Караванцки пат	Пелиоро	Ќумурѓичкото	
Грка	Керало	Пенеригата	Уши	
Грмаѓе	Клешчинцкото	Пешчерата	Фрли камен	
Грнчарот	Ковчек	Пешкинката	Црвена дивјачка	
Гробот	Којчеа нива	Потсело	Црвењци	
Голото ритче	Колојца	Препасоа орница	Црквици	
Горникоо	Коларо	Присоњче	Цинцеото опалено	

Оваа карта од реќите, патиштата и синорите је нацрта Буфчанецот Димче Нацев Алабаков, кој умре во Битола.





БУФСКИ ИМИЊА И ПРЕЗИМИЊА

Имињата и презимињата на жителите на Буф се стари македонско-словенски имиња, кои најчесто завршуваат на ОВ, ЕВ и на ОВСКИ. Во текот на времето и практичната употреба, настанаа и подродови, на пример еден од поголемиот род “Опашинови’’ ги има: Милошов, Кочов, Намчев, Ќимечините и Савејчини. Родот Бранови станаа Гулеви, Богојои, Карафилои и други. Од родот Алабакови настанаа подродовите Видинои, Петреи, Колеи, Нелкои, Попои и Велјанои. Буфчани со исто име и презиме добиваа свои прекари, на пример - за Филко Тодоровски (Моди), за Филко Тодоровски (Трупио), на Крсте Миновски (Давкојчин), на Крсте Миновски (Малуко), Крсте Миновски (Грлето), Филко Бранов (Попето), Филко Бранов (Купето), Филко Бранов (Челингов). Овие се презимињата кои постоеја во Буф до 1948г:

Број	Презимина	Куќи	Број	Презимина	Куќи	Број	Презимина	Куќи
1	Алабакои	12	27	Еминагои	5	53	Панои	8
2	Ангелевци	8	28	Желеварои	3	54	Папазои	2
3	Анданои	4	29	Живанкои	1	55	Петлчкои	3
4	Андановци	5	30	Јанкои	1	56	Попои	3
5	Аспровци	5	31	Јанкуличините	1	57	Симои	3
6	Бајовси	8	32	Јанколовци	7	58	Скуманои	1
7	Бејкои	4	33	Јовеи	4	59	Србиновци	5
8	Богданои	1	34	Јовчеи	2	60	Стаматои	1
9	Богојои	2	35	Јошеи	4	61	Стреткои	1
10	Бранои	14	36	Караџовци	2	62	Табакои	3
11	Василовци	9	37	Карулеи	2	63	Тодоровци	13
12	Виткарои	1	38	Кашарои	1	64	Томеи	3
13	Вканои	1	39	Клашовци	6	65	Тргачои	5
14	Вчеи	3	40	Кипрои	4	66	Трпчинои	4
15	Вчмои	2	41	Колои	5	67	Ферманои	6
16	Гагачои	10	42	Костовци	5	68	Фрчои	1
17	Гичои	3	43	Кузманои	2	69	Цветковци	6
18	Грќините	4	44	Марковци	6	70	Цинцеи	7
19	Грујои	3	45	Маурдеи	6	71	Чокреи	3
20	Дамчеи	4	46	Мегданои	1	72	Џверкои	3
21	Дивитарои	11	47	Миновци	9	73	Џуранои	1
22	Дрончеи	1	48	Мучои	2	74	Шападовци	4
23	Ѓорѓовци	6	49	Настои	1	75	Шапарданои	10
24	Ѓореи	5	50	Нешкои	1	76	Шутарои	1
25	Ѓоршеи	4	51	Николои	1			
26	Ѓуровци	3	52	Опашинои	14			

ЖЕНСКИ ИМИЊА

Типичните женски имиња беа Марија, Мара, Алвона, Анастасија, Стасија, Тала, Божна, Вангелија, Елена, Ленка, Донка, Илинка, Фанија, Доста, Костадинка, Митра, Менка, Олга, Тодора, Крста, Темјана, Ордана, Спаса и многу други.

ИМИЊА НА МАЖЕНИТЕ ЖЕНИ

Мажените жени беа наречени спрема имињата на нивните мажи - Симејца, Филкојца, Атансица, Павлејца, Костадиница, Божиница, Крстејца, Стефојца, Јонца, Петрејца.

БУФСКИТЕ ЦРКВИ

Во Буф има изградени 3 цркви. Најголемата зграда во селото беше црквата Св Никола.



Црвата Св Никола

Манистерчето Св Тројца на крстот

Црквetп Св Ѓорѓи во месноста Драгна

Ѓурѓовден во Буф

На десната слика се група Буфчани на излет за Ѓурѓовден во местото на црквичето Св. Ѓорѓи (1910г) во Драгна, кое не постоеше, бидејќи во 1903г Турците го изгореа и не беше обновено до 1920г. Во првиот ред од лево се: Неделко Тодоровски Петре (Гркин), Јован Димитров, Трајче Кочов, Петре Кипров и Костадин Цинцев. Во вториот ред од лево се Трајан Андановски, Васил Бејков, Богоја Јовчев, Димитер Вчков-Свештеник, Филип Вчков, Илија Желеваров-Свештеник, Никола Георгиевски, Никола Ѓорев, Намче Колов, Илија Ѓоршев и Атанас Попов. Во третиот ред од лево се: Ило Цинцев, Коле Јошев, Јован Гацев, Трендо Мегданов, Стојан Цинцев, Ѓорѓи Тодоровски, Костадин Јунчев-Џамбазо, Јоан Ѓасев и Стефан Чокрев.

ВЕРСКИОТ ЖИВОТ ВО БУФ

Буфчани како побожни луѓе и добри верници цврсто беа приврзани и организирани околу црквата Св. Никола и располагаа со богата црковна каса. Секој Буфчанец сметаше дека му света должност е да подари за црквата некој предмет, производ и пари. Од црковната каса се помагаа сиромашните семејства, несреќните случаи, сираците како и откупување на слободата на тие што паѓаа по затворите. За пример е познатиот случај во 1906г. кога за убиството на предавникот Никола Влаот од село Псодери беа затворени поп Филип Вчков, Атанас Чокрев, Карафил Јошев, Трајан Бејков и Стефо Бранов и беа донесени во битолскиот затвор. Буфчани го ангажирале адвокатот Јусуф Ефенди и тој им рекол дека наполно е уверен оти ќе ги ослободи затворените, ако му исплатат 300 лири, половината веднаш а другата половина кога ќе бидат ослободени. Буфчани веднаш му изброиле 150 лири и по седумесечно натегање и пазарење Јусуф Ефенди ги ослободи во месец Јуни 1907г. Во подарувањето на пари, постоеше натпревар помеѓу селаните и се зборуваше низ селото кој е поовардa и кој е поскржав. За света должност се сметаше дека секој Буфчанец штом ќе се врати од туѓина треба да оди во црква, да запали најголема свеќа (ламбада) и да фрли во црковниот диск од спечалените пари за здравје. Црквата беше масовно посетувана во неделите и во празниците. Буфчани облечени во свечени нови алишта излегуваа на сред село каде се веселеа со ора до доцна навечер, каде се свиреше со две и три рала тапани. Селото беше големо и немаше неделен ден или празник кога не се правеа по две до три свадби. Црквата имаше и свои имоти кои се даваа под наем и така си остваруваше и свои добивки. Меѓу имотите беа ниви и ливади и го поседуваше и таканареченият ''стар ан'' на средсело кој при палењето на селото во илинденското востание останал цел, неоштетен заедно со уште седум куќи.

СВЕШТЕНИЦИ ВО БУФСКАТА ЦРКВА ДО 1948 год.

1. Поп Трпче од Ресен 1790 -1835г.
2. Поп Костадин Трпков Локачев-Буфски 1840 -1864г.
3. Поп Трајко (со непознато презиме) 1864 -1873г.
4. Поп Дамјан Нешков 1873 -1880г.
5. Поп Лазар Јошев 1880-1910г.
6. Поп Васил Попов 1910-1919г.
7. Поп Стефан Алабаков 1890 -1909г.
8. Поп Христо Монах 1893-1894г.
9. Поп Стојо Колов 1895 -1904г.
10. Поп Филип Вчков 1908 -1912г.

11. Поп Јован 1920 -1926г.
12. Поп Илија Желеваров 1903 -1948г, последниот свештеник во селото.

Поп Илија беше роден во Буф, каде заврши основно образование, а беше школуван во Битола. Пред да стане свештеник, тој учителствувал во повеќе села низ Македонија и со својата долгогодишна дејност тој остави силен белег во свеста на Буфчани како мошне добар и чесен богослужител, ама се соочи со многу тешкотии во својата свештеничка работа.

Грчките власти не дозволуваа по домовите да се зборува на мајчин јазик, ама тој по желба и настојување на Буфчани понекогаш својата богослужба ја вршел на македонски јазик. Тоа често пати им носеше непријатности на грчките власти, кои го тормозеа и му се заканувааа заради неговата непослушност.

По граѓанската војна во 1948-49г кога масовно се бегаше од селата, Поп Илија се најде во Полска, каде по неколку години емигрантски мизерен живот, умре на 7 Март 1956.

ПИСМО ОД ЦАНЕ ЈАНКОЛОВСКИ

Овоа писмо (пишано на грчки) ми го даде Цане Јанкуловски кое се наоѓало во Вангелието на црквата и докажува кои свештеници поминале во буфската црква.



Σημειώνω με χρονολογία ονόματα Ιερέων εις Εξοχήν Ιερού Εναγγελισμού του Χωριού. Ιερείς ήταν ως εξής

1) Πρώτος Ιερεύς του Χωριού ήταν ο Π" Δαμιανός (Το γένος Νέικος)
Το έτος 1702 Το Χωριό Μπούφι είχε 30 σπίτια. ——
2) Δεύτερος ο Π" Ταρφε από το ρέβενο (= Resen)
3) Τρίτος ο Π" Ταρφε από το Μπούφι (αυτός το 1860 ήταν 100 χρονών
4) Τέταρτος ο Π" Κώστας (Δεμίσιανης) αυτός ήταν Υιός του Π" Ταρφε —
5) Πέμπτος Π" Στέφανος } αυτοί οι 3 Ιερείς Ιερουργούσαν μαζή στο
6) Εκτος Π" Λαζαρος } Χωριο εις 3 ενορίες. ——
7) Εβδομος Π" Βαβιγειος }
8) Ογδοος Π" Χρήστος από το Μοναστήρι Το έτος 1893 – 1894 —
9) Ενατος Π" Στοΐος έτος 1895 εως 1904 —
10) Δέκατος Π" Στέφανος Παιχνιδιάρης από το Χωριό και Ιερουργούσε μαζή με τον
Π" Στοΐον ήταν 2 ενορίες από 100 σπίτια ο Καθένας
Το Χωριο ήταν 200 σπίτια και 3000 χριστιανοί Κάτοικοι. ——
11) Ενδέκατος ο Π" Ηλίας Ζερεβάρης Εχειροτονήθη το έτος 1904 και Ιερουργούσε
μαζή με τον Π" Στέφανον « Π" Στέφανος απεβίωσε το έτος 1910 »
12) Δωδέκατος Π" Φώτιος Εχειροτονήθη το έτος 1908. ——
Ιερείς στο χωριο το έτος 1914 ήταν ο Π" Βαβιγειος και Π" Ηλίας
ο Π" Βαβιγειος απεβίωσε 5 Μαρτίου 1919 ήταν 78 ετών. ——
13) Δεκατρίτος ο Π" Ιωάννης πρόδ. τον Απρίλιον 1919 στην Ενορία του Π" Βαβιγείου
14) Δεκατέταρτος ο Π" Πέτρος Μεράκος από έτος 1947 εως 1985
15) Δεκαπέμπτος ο Π" Αθανάσιος Καραγιάννης κατά 1986 —

БУФСКИ ОБИЧАИ И ВЕРСКИ ПРАЗНИЦИ

Буфчани си ги празнуваа сите христијански празници Ѓурѓовден, Митровден и Свети Никола Зимен. Мал број семејства си ја празнуваа Света Петка (25 Август) како фамилијарна слава. Поголемиот дел пак ги прославуваа како куќни слави Митровден, Свети Димитри (8 Ноември) и Св. Никола Чудотворец (19 Декември). На овие денови се одеше по куќите кои си славеа каде се пиеше, јадеше и се искажуваа благослови за домаќините, со желба за среќа и богат бериќет. Често се свиреше и се играше, така што надалеку се знаеше дека Буф слави и празнува. На денот на Св. Никола се одеше во главната селска црква која се полнеше со народ. Тогаш како и за други празници биеше големата црквена камбана, која се слушаше дури во пелагониските села. На 6 Мај, денот на Свети Ѓорѓи Великомаченик, Буфчани се собираа во месноста Драгна, на излет кај црквата што го носеше името на овој светител. По црковниот обред, започнуваа свирки и ора на широкиот простор до црквата Свети Ѓорѓи, каде се пееше и се играше преку целиот ден. Под дабовите сенки се постилаа веленца и се поставуваа богати јадења и се отвараа шишиња со вино и ракија. Ечеше целата Драгна од свирки, песни и игри и на раженот се вртеа јагнишња. Најмногу народ се собираш во црквата Св. Никола за Велигден. Велигденските празнувања започнуваа уште на Велики петок, кога ноќта Буфчани присуствуваа на убавата литургија, набљудувајќи го вртењето на Господ Исус Христос околу црквата. По третото вртење околу црквата дрвениот кип на Христос се внесуваше во олтарот. Буфчани се собираа на главната влезна врата и фрлаа цвеќиња, босилок по распнатиот Христос.

Потоа си земаа од китките босилок што се чуваа дома преку целата година за да им донесе здравје и да ги чува од лошо. Попот одеше и пееше напред на свечената поворка, придружен од група буфски пејачи.

ВАСИЛИЧАРСКИ ОБИЧАЈ

Славењето започнуваше вечерта на 13 јануари спротив стара Нова Година (Василица) со палење на новогодишен оган по широките патишта и раскрсници. Прибирањето на дрва за оган била грижа на децата, но подоцно им се придружуваа и повозрасните. Околу огнот се собираа и топлеа, пиеја ракија и печеа компири и колбаси. Секој присутен си носеше сноп рженица и си го потпалуваше и благословаше огнот. Огнот и просторот околу него преставувал свето место од каде што се молеше господ да даде добар бериќет. За бериќетната година Василичарите оделе по куќи за да благословат. За засилувањето на огнот се носело слама рженица, зошто се мислело дека колку што е огнот посилен, толку годината ќе биде побериќетна. Снопот рженица обично се носел на стап што го палеле за да го засилат огнот и притоа благословувале со зборовите; “Како што се сили огнот, така да се сили бериќетот”, а присутните околу огнот одговарале: ‘‘Амин, Госпот да те чуе’’. Стоејќи околу огнот со чашите ракија во раце покрај благословувањето, тие пееле;

Суроа суроа година
Голем клас на нива
Ж’т мајмун на леса
П’ лна куќа коприна
Црвено јаболко на нива,

Оваа песна ја пееле децата утредента на денот Василица кога оделе по куќите. Тие со стапчиња, со палунки на врвот, со торбиња на рамо, облечени со биволски, воловски или свински опинци, оделе по куќи пеејќи ‘‘Суроа, суроа година” тропајќи со стапчината на вратата за да ги дарува домаќинот. На повикот најчесто се одзивале бабите и постари жени и ги дарувале децата со сланина, колбаси, месо, костени, круши, јаболка и друго. Се разбира, кој како имаше и сето тоа беше проследено со блаослов. Покрај горе пеаната песна, се пееше уште една варијанта:

Суроа суроа година
Голем клас на нива
Суројца гаврилица
Гаврил коња вјааше
Перчето му се мафташе
Стари жени гледаа
Гологлаи бегаа
И на бога се молеа
Да се роди појќе жито
Дај бабо ченка и костен.

БАБАРСКИОТ ОБИЧАЈ

За бабарскиот обичај подготовките започнувале некој ден порано - формирање на бабарската група, собирање и подготовка на посебна облека, одбирање на што поинтересни маски, svонци, ангажирање на селски музичари свирачи, одбирање кој ќе биде невеста и кој ќе го носи собраното зајре. Така подготвената бабарска група најнапред се собирала околу огнот кој претходно беше запален на некоја раскрсница на патот.

Се заигрувало оро, а потоа тргнувале низ село пеејќи и со изведување на разни смешни движења повторно се враќале околу огнот. Формирањето на групата и нејзиниот број зависело од тоа колку младоженци биле во селото таа година, а тие се викале “бабарски зетови“. Главни во бабарската група биле зетот, невестата, докторот и попот. За улогата на невестата се одбирало погодно снаодливо момче, кој се облекувал во невестински алишта и бил шминкан. Попот исто така го облекувале во содветни попски алишта, носел кандилница од обична кутија полна со жар и со по некоја лута пиперка или курешници за арома. Докторот бил облечен во бело, носел чанта полна со лекови, сируп против кашлица (паурчиња, шишенца полни со вино и ракија), разни таблети (шеќерчиња) како и некакви смешни (самоизработени) слушалки и srцала. Покрај тоа, тие носеле на појасите и држеле в раце големи svонци што ги носеле прчовите или овчарски клопотарци. Во постаро време придружбата била со гајда и кавал, а подоцно со современи иструменти грнета, тапан, мало барабанче, бурија и тромблони.

Бабарите се движеле низ селото ноќно време, а тргнувале од кај огнот каде што прво заигрувале. Ги посетувале само куќите каде што имало младоженци, свршени момчиња и девојчиња, новороденчиња како и куќите во кои живееле бабите по жената на зетот. Бабарите го најавувале влегувањето во куќата со посилно svонење на svонците и со пеење на песни "Ајде, бабо излези да ги даруваш зетовите”. На тоа домаќинките одговарале “Поелете, влезете” пречекувајќи ги Бабарите со вино и ракија. Откако ќе наздравеле со “Аерлија, да биде домаќинке, за многу години да ни биде денот Василица, до година порадосни, да се ќердосаат младите и за помалите да си дочекаат, да се здрави и живи децата, да е жив домаќинот и на сите да му даде господ’’.

Истовремено во текот на благословувањето домаќините ги дарувале Бабарите со брашно, сланина, јајца, свинска маст, месо, колбаси и пари за невестата, зетот, докторот и попот. Тие определувале што да се извлече од домаќинот, особено ако бил поимотен. Така на пример кога докторот ’’лекувал’’, на болниот му давал лекарства шеќерчиња или го поднапивал ракиичка и барал да се плати затоа што лекарствата биле скапи и оти лекот немало да се фати. Тој препорачувал и што да јаде болниот. Попот од своја страна му пеел на болниот за здравје, а домаќинот бил подготвен да даде зајре и да плати за се што направиле докторот и попот за одржување на болниот. Речиси целиот разговор на Бабарите и домаќините бил исполнет со хумор, смеа и смешни зборови. Најголемата шега се правела на сметка на попот. Докторот и невестата возвраќале со иста мера. И така се одеше од куќа до куќа се до утрото кога ќе се приберea во претходно определена куќа.

Сето она зајре што беше собрано, како подарок, се носеше во таа куќа и таму се приготвувало за ручек. Се собирале чупиња и момчиња, младоженци и невести, се готвеле јадења, се сукале виалници и зелници, се пржеле колбаси, месо и сланина. Церемонијата завршувала со веселба на која подоцна доаѓале и други луѓе кои не биле директни учесници со бабарите.

Следното утро Бабарите го заигрувале зетовското оро околу огнот на средсело, каде што се собирале луѓе од сите маала, се играло лудо и се било преполно со хумор и смеа. Ората са започнувале само со зетовите, а невестите се фаќале подоцна, ама си одбирале до кого ќе се фатат. Се фаќале и оние кои имале задача да ја украдат невестата и ја криеле во скришни места во плевните. Кога зетовите ќе забележеле дека им ги нема невестите со силно svонење растрчувале да си ги бараат. Кога ќе ги најделе, уште посилно ги удирале svонците. Тој што ќе ја најдел, бил должен на (рамена) да ја донесе на оро.

Оваа церемонија траела до пладне и завршувала со одење на заедничка веселба и ручек.

ВОДИЦИ

Водици се славеше на 19 јануари кога се заградуваше мостот кај училиштето на реката Лалешка. Попот ќе зепееше пред фрлањето на крстот и неколку млади скокаа во бистрата ама студената вода да го бараат крстот. Се веруваше дека тој што ќе го фати крстот ќе бил најсреќен и дека господ ќе му даде среќа и долг живот. Сите тие што скокаа по крстот потоа го шетаа низ село и влегуваа во секоја куќа. Домаќинката го даруваше крстот со пари, чорапи, крпи, грст брашно, сланина а децата ги почастуваа со пијалок или кафе.

Фотографијата е од вирот каде се фрлаше крстот за Водици. Буфчани се собираа на двете страни на реката да го гледаат обредот на Водици. Тоа беше вистински празник, кој поминуваше со благословување, пиење, пеење и играње. Јас кога бев 16 години возрас решив да скокнам по крстот. Таа година снегот беше еден и пол метер а температурата беше минус 35 степени. Сите младинци се наредивне покрај вирот и кога попот го фрли крстот во водите ние сите скокнавме внатре. Дека беше многу студено додека си ојдов дома алиштата ми замрзнаа на мене и дури не можев да си ги извадам. Голем студ ме фати и останав болен во постела за неколку дена.

РЕЖЕЊЕ НА ЛОЈЗАТА

На 14 февруари Буфчани го одбележуваа денот на Св. Трифун или како што го викавме “Трифун Пијаницата“. Буфските лозја главно се наоѓаа во месноста Јаблче, Присово и Скала. На тој ден мажите одеа на лозјата, закројуваа лози и се напиваа ракија и вино и благословуваа за побогат род на лозјето и за подобро здравје и среќа во годината. Некои си печеа колбаси и месо и подготвуваа богати ручеци. Меѓу Буфчани се раскажуваше и за лошиот газда и добриот момок. Газдата на “Трифун Пијаница“ го испратил момокот да го закрои лозјето. Кога момокот ќе се врател назад, газдата ќе го прашал дали го закроил лозјето и дали лојзето плаче. Момокот кога ќе потврди, газдата ќе започнел да благословува. Ама момокот на лошиот газда му го исекол целото лозје до корен и затоа му рекол: “Газда, лозјето толку плаче што кога ќе го видиш и ти ќе заплачеш“.

ЛУПЕЊЕ ПЧЕНКА

“Ченка лупење“ беше вистински празник за младите. Вечеринката за ронење пченка се очекуваше со голем интерес од девојките и момчињата. Тие се собираа по куќите каде што имаше повеќе пченка за лупење. Младите си разговараа, се бендисуваа и прикажуваа која со кого се гледа и која со кого се сака. Ова беше единствениот начин за младите да се соберат заедно, да си разговараат, да се запознаваат и да се вљубат. Не беше редок случај познаствата формирани на вечеринките за лупење пченка, да завршат со брак.

ДЕН НА ГАЗЕЊЕ ЦРЕПНИ

14 јуни беше празникот на Св Еремија, денот за газење црепни (церепни). Младите Буфски девојки се собираа групно, некои кај Вакавската Ливада, а некои на ледињето кај црквата Св. Никола. Тука им се носеше глина, плева и вода и тие со боси нозе ја газеа и мешаа калта. Кога беше готово, си ја делеа замесената глина и секоја си правеше црепни за нивните домашни потреби, за печење на зелници, погачи, пупалина и друго. Во ново испечената црепна се месеше погача од која сите каснуваа. Се веруваше дека тоа ќе им донесе на сите среќа, здравје и бериќет.

На сликата седнати од лево на десно се Коста Тодоровски, Илинка Ангелевска, Томанија Василова Ѓореа и Полекција Тргачоа. Просту од лево на десно се Фанија Јанкуловска, Томанија Ѓореа, Стасија Јанкуловска, Томанија Ѓоргиева Ѓореа, Томанија Ангелевска и Ордана Јанкуловска.

ОБИЧАЈОТ ЗА СВАДБИ

Вујко ми Ѓеле со вујна ми Ѓелејца Ангелевски
со браќата Васил и Коста и мојата мајка Митра

Свадбата на стрико ми Ило Алабаков
Јас сум седнат над стрико ми Ристо кој лежи

Во Буф свадбите се правеа само во есента, обично на Митровден и Арангел, а вдовците можеа да се преженат и во други денови. Две недели пред свадба од страна на двете фамилии - момчиња со карти полни со вино, одеа низ селото да канат за свадбата. На неколку жени, блиски роднини, од страна на зетот им се предлага да ја имаат улогата за посестрими. Една недела пред свадбата постари членови од страна на зетот официјално одеа да ги поканат кумот и побратимот. Во петокот пред свадбата започнуваа интезивните подготовки како сеење брашно и месење на лебот. Неколку мажи кулукчии заедно со оркестерот одеа да го канат кумот и заедно се враќаа во куќата на зетот. Во саботата, во зависност од годишното време, се колеа јагниња, свињи или јунци. Во неделата на денот на свадбата кумот повторно со тапаните оди најнапред во куќата на зетот. Таму се правеа разни обичаи - прво бричење на зетот се вели дека во тие времиња момчињата се женеле многу млади и дотогаш немале потреба од бричење. Музиката свиреше, а гостите му честитаа на зетот и ставаа парички во крпата која кумот ја користеше при неговото бричење. При напуштањето на својот дом невестата кршеше чаша. Тоа беше симбол на раскинувањето на тесните врски со нејзините родители, за да се посвети на нејзиниот сопруг и новото семејство.

Пред црквата попот ги пречекуваше зетот и невестата и заедно ги носеше пред олтарот во црква. Тие беа придружени од кумовите, деверите, посестримите и другите гости. Традиционално служење во црквата се одвиваше со молитва, размена на прстените и крунисување на младите. Церемонијата завршуваше со потпишување на венчанието, а гостите за тоа време се веселеа надвор во дворот на црквата. Од тука се одеше на сред село, каде почнуваше веселбата со ора и песни. Тука се изведуваа нови адети како на пример: побратимот ќе ја однесеше невестата на Кипровата чешма каде што младо момче ќе и ставеше паричка на ногата и на челото, а таа ќе го клоцнеше три пати. Потоа младоженецот ќе си ја ставеше паричката во џебот. Една од постарите жени ќе ги составеше рацете на невестата и така таа требаше да нацрпи три пати вода и да се напие. Потоа се враќаа назад на орото каде невестата ќе се поздравеше со нејзините родители бакнувајќи им рака. Веселбата продолжуваше до зајдисонце. Фамилијарната поворка заминуваше кај зетот дома без невестинските родители. Така при крајот на веселбата кога ќе наближеше вечерта при враќењето во новиот дом, невестата требаше да однесе дрва од дворот до оџакот, по скалите до огништето, додека присутните ја задева за нејзината улога како нова домаќинка. Додека овој адет траеше, гостите си играа со колакот и се внесуваше рубата во куќата. Потоа зетот и невестата ги дочекуваа гостите на врата и останува таму до крајот на свадбата, додека сите не вечераат. За време на свадбата имаше и друга традиција "носењето на печеното прасе". Деверот требаше да наддава пари, за да го добие прасето. Според овој обичај зетот и невестата беа многу срамежливи и затоа се вели "дремат како зет и невеста". Потоа деверите ги земаат невестата и зетот и ги носат во ќералот каде им беше наместена постелата за спиење. Обичајот беше за младоженците да спијат во ќералот на земја каде е послана сламена рогозина, козинено веленце и перница полна со слама, а одозгора црвено веленце со реси. Во понеделникот неколку мажи со свирачите и деверите одеа кај родителите на невестата со шише блага ракија. Таму крадат некои шишиња ракија или вино. Родителите на невестата им даваат жив петел и го украсуваат со разнобојни кордели и пари за да ги однесат назад кај зетот. Во неделите што следат зетот и невестата се канат кај нивните роднини и пријатели како маж и жена на вечера, што е познато како поканети на Сирници.

СПОРТСКИ ИГРИ НА БУФЧАНИ

1 - Панаѓоти Ѓорев
2 - Павле Николов
3 - Филко Опашинов
4 - Вангел Андонов
5 - Доне Андонов
6 - Гоче Ѓорев
7 - Наце Опашинов
8 - Цане Јанколовски
9 - Вангел Грќин
10 - Гоче Гичов
11 - Гоче Ѓорѓовски

Дресот беше црно-бели.

Младите во селото Буф играа многу спортски игри, кои обично се играа во неделите и во празниците, на ледините на селото. Горната фотографија е од Буфскиот фудбалсики тим. Фудбалот се играше на Вакавската Ливада во Горно Маало. Во почетокот се користеше топка од воловски влакна собрани во пролетта кога воловите се митареа и го менуваа влакното. Таквата топка не скокаше, ама кога се немаше друга и таа добро ги служеше. Буфчани топката ја викаа “шук“.

Буфските момчиња се натпреваруваа и во скокање во далечина со еден и со три скока. Тргањето на јаже беше многу интересно за тие што гледаа. За машките омилена игра беше “челикот’’ кој се играше со две стапчиња. Едното стапче се ставаше над дупка во земјата и со поголемото стапче се исфлуваше во далечина. Во постарото време децата “воларчињата’’ си играа “котка’’ каде метална конзерва или друг сличен предмет се настојуваше да се стави во дупка пред себе со дрвени стапови. Во Буф имаше и јавачи на коњи. Тие се натпреваруваа со своите грла кој побргу ќе истрча на одредена далечина.

На селските реки се заградуваа длабоки вирови каде се капеа децата. Како деца се натпреварувавме кој подолго ќе остане под вода и кој побрзо ќе го преплива вирот. Вакви вирови најчесто се правеа на реките Лајчарска, Лалешница и Дојкимската река. Некаде вировите беа длабоки до два метра, а долги околу дваесетина метри.

Буфчани се капат во најголемиот селскиот вир на местото Дојќими

ИГРАОРНА ГРУПА

Буфчани од секогаш беа весел народ. Сокоја недела во средсело се играше и се свиреше селската музика и селото си имаше своја играорна група.

На левата слике се играорците Гоче Ѓорев, Мара Опашинова, Ило Грујов, Мара Колоа, Раде Ѓуровски, Ленка Јанкуловска, Петер Опашинов, Тодора Ѓореа, Цане Василовски, Спаса Јанкуловска

Во Лерин се одржуваше натпревар меѓу леринските села и една година буфчани го добиј првото местото.
Обичајот беше во наредната година победникот да оди прв на парадата.
На сликата е Буфчанецот Ѓоче Ѓорев, кој горделиво го носи грчкото знаме на парадата.

На сликата е играорната група од Мелбурн во Гисборн, местото на Буфчани.

СЕЛСКИОТ МИРОВЕН СУД

Бидејќи во селото се случуваа непријатни случки помеѓу селаните, Буфчани си формираа свој селски "мировен суд" за да си ги решат проблемите без да се оди по судовите со скапи адвокати и судски трошоци. Мировниот суд го сочинуваа повидни луѓе, избрани од селаните.

Селаните кои не можеа да си ги решат недоразбирањата одеа кај мировниот суд кој ќе ги викнеше двете странки во селската канцеларија, каде се бараше погодно решение за спорот. На овој начин селаните ќе се сложеа, ќе си подадеа рака и ќе си продолжеа пак да бидат добри пријатели и добри соселани.

Овој суд постоеше уште во старите години и долната слика е од состанокот на мировниот суд од 18 мај 1932г.

Горниот ред – од лево

1 Кочо Панов
2 Јоан Кочов
3 Коле Ѓоршев
4 Симе Тодоровски
5 Нелко Ѓорев
6 Коле Петличков
7 Тодорче Јовев
8 Ендрија Ангелевски
9 Даскалот
10 Јоан Томев

БУФЧАНЕЦ ЈА ПРЕЖИВЕА ТРАГЕДИЈАТА НА ТИТАНИК

Поминати се веќе многу децении од трагедијата која се случи на 15ти април 1912г, кога потона британскиот брод Титаник, за време на првата пловидба, со 2,200 патници. Околу 800 патници се спасија а 1,517 загинаа. На овој брод патувале и двајца Буфчани, печалбарите Ило и Стојан Ферманов, кои биле сместени во третата класа. Раскажувањата на преживеаниот Стојан Ферманов за епилогот на Титаник ми се свежи, иако се поминати многу години. Се сеќавам на белокосиот старец во Битола, кој во паркот кај болницата, ни раскажуваше за пропаст на Титаник. Не само јас, туку сите што бевме околу него внимателно го слушавме кога зборуваше за целата трагедија. Тој се спасил на една врека со кафтици лежејќи се додека пристигнале бродовите за помош. Стојан доживеа длабока старост од преку девеесет години. Тој беше погребан во гробиштата Св. Недела во Битола.

БУФЧАНИ ВО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Во текот и по Илинденското востание во Буф и воопшто буфскиот револуционерен центар се одиграле многу настани. На 14 јули 1903г над селото Буф главниот востанички штаб го прогласи 2 август "ден за востанието''. Гоце Делчев, идеологот на македонската револуционерна организација ВМРО, престојувал за кусо време и оттука заминал за Костур.

Тогаш во селото имало околу 60 востаници под оружје. Селото било на двапати запалено при што настрадаа многу селани. Буф имаше две чети - со едната раководеше војводата Наум Попов – Буфчето, а со другата Атанас Ферманов.

Наум Попов - Буфучето

Атанас Ферманов

Многу Буфчани по балканските, како и по првата светска војна побараа излез од тешката економска положба иселувајќи се во прекуокеанските земји на печалба. Буфчани беа меѓу првите Македонци кои се доселија во Австралија, особено во градот Мелбурн. Буфчани има исто така и во САД и Канада. Како резултат на развиеното печалбарство Буф започна брзо да се гради и развива. Богатите Буфчани изградија нови куќи, нови чешми и други објекти од важност за селото. Во селото започна да навлегува и светската мода. Буфчани заживеаја градски живот кој малку се разликуваше од малите гратчиња на овој дел на Балканот.

ОПОЖАРУВАЊЕ НА БУФ

На 31 јули 1903г. ноќта, 3,000 илјадна турска војска, придружена со башибузук, го нападнаа Буф и ги ограбија сите куќи и амбари. Го запалија селото и црквата Св. Ѓорги. Останаа само пет крајни куќи и стариот ан. Убиени беа двајца мажи и седум жени и деца.

На 29 август, селото повторно беше нападнато од околу две илјади аскери. Тогаш 44 жени и моми беа одвлечени по аскерските шатори надвор од селото и обесчестени. На 28 септември по шест часовна и жестока борба меѓу 60 востаници и 4,800 војници селото го изгореа и заклаа тројца мажи и обесчестија 52 жени и моми.

МИНАТО НА ЈОВАН АЛАБАКОВ

Од селото Буф потекнува истакнатиот револуционер од илинденскиот период, Јован Алабаков (поп Стефанов), кој го ликвидира опасниот шпион Никола Влаот од Псодери. Со убиството на тој злосторник Буфчани и жителите на околните села беа ослободени од зверствата што врз нив неказнето ги вршеше Влаот. Убиството на овој отпадник беше организиран од Буфчани.

Јован Алабаков го отепал Влаот во селскиот стар "ан" каде Влаот пиел секоја вечер со својот пиштол и веднаш избегал дома каде го скрил и им рекол на жена му: ''Еве, тука е пиштолот и ако некој од нашиот сој излези кумита, да му го дајш на него''. Се поздравил со неа и со дечињата и заминал.

Прво отишол во Бугарија а од таму во Америка каде останал долги години. Кога Јован слушнал дека на синот Кире му се родило второ машко, тој решил пак да се врати во селото кај фамилијата. Пред да тргне за Буф, се навратил во кафето каде се собирале неговите пријатели за да ги почести за внучето и да се поздрави. Од голема возбуда тој добил срцев напад и пред очите на пријателите засекогаш престанало да чука нивното револуционерно срце. За жал не си ја виде пак родната грутка па ниту фамилијата.

Во 1943г кога се појави партизанското движење, од 13 куќи Алабакови, јас бев првиот што излегов партизан. Во 1944г дојдов во селото и тогаш ме сретна Баба Јоњца. Таа ме викна и ми даде една казма и ме однесе во ''аурот'', измери нешто со педа и ми рече да копам таму во зидот. Јас удрив два, три пати и плитарот се скрши и се отвори дупка. Баба Јоњца ја пикна раката во дупката и извади нешто завиткано во крпа. Ја рашири крпата во која беше завиткан пиштол, полн со мас и ми рече ''Коце, јас 30 години го чував аманетот од дедо ти Јован што ми го остави, па сега ти го давам и ти бери му гајле''. Јас го зедов пиштолот, го избришив убаво од мрснотиата дури светна како да беше нов. Пиштолот примаше седум фишеци, ама имаше само три. Јас си истругав 4 други од шмајзерот и насилно ги ставив во колото, без да помислам дали куршумите се од истиот калибар.

По некое време, со мојот соборец Филип Василев, од Арменско, кој беше одгворен на НОФ, а јас на НОМС на реонот Буф, поминавме кај манастирот во Арменско и таму сретнавне патрола од грчката војска и тука јас првпат го употребив пиштолот од Дедо Јован. Но кога пукнав осетив како да ми ја откина раката од рамо, шкрапнав повторно, ама пошолот не пукаше. Избегваме од тука и кога стигнавме во Груечината воденица, на видело си го видов пиштолот, колото и цевката беа расцепени. Го фрлиф во јазот и тука заврши споменот од дедо ми Јован Алабаков.

По војната Баба Јоњца се пресели со фамилијата во Австралија и каде умре во градот Гералдтон. За убиството на Никола Влаот поопширно пишува Буфчанецот Атанас Петличков во брошурата ''Маќите и таќите на Македонците од турските зверства", издадена во Чикаго, САД, 1914г. Еден примерок од таа книга е сочуван во битолскиот музеј.

ЗАГИНАТИ БУФЧАНИ ВО БОРБИТЕ МЕЃУ ГРЦИЈА И ИТАЛИЈА

Овија Буфчани и доста други беа регрутирани во редовите на Грчката војска.

Филко Василов Трпчинов (1910 – 1941)
Учесник во грчко-италијанскиот фронт од 1940г.
Филко загина на 10 февруари 1941г во борбите на Бубеш близу месноста Ан-Баланско.

Јоан Митрев Петличков (1910 – 1941)
Служеше во 33-от полк на фронтот во 1940г. Јоан загина на 10 Февруари 1941г. во борбите на Бубеш близу месноста Ан-Баланско од минофрлачки оган.

Симе Спиров БАЈОВСКИ (1909 – 1940)
Обучен во солунската коњичка бригада. Во 1940г кога почна војната со Италија на 28 октомври нивната единица беше во Епир, околија Коница. Симе загина на 18 декември 1940г.

Коле Димко ВАСИЛОВСКИ (1916 – 1940)
Коле се обучуваше во 5-от полк. На фронтот во Албанија беше во 33-от полк, 3-ти Баталјон 9-та чета. Овој полк учествуваше на прва борбена линија од денот на почнувањето на војната.
На 30 декември 1940г во борбите за Клисура, Коле вршејќи курирска работа за четата, пренесувјаќи пораки и наредби, беше погоден директно во увото и умре.

Корун Јованов ДИВИТАРОВ (1919 – 1941)
Учествуваше во 33-полк, 2-от батаљјон, 5-та чета.
Во 1940г беше испратен како регрут на фронтот.
Корун загина на 25 Јануари во борбите во месноста Ан-Балабан.

МОИТЕ ПРВИ ШКОЛСКИ ГОДИНИ

Моите први сеќавања се од околу 5 години кога си играв со моите врсничиња облечени во селски кошулчиња, направени на рака од селско платно и обуени со опинчиња. На долните две фотографии се гледа моето одделение во 1934 (јас сум во кругот) и селското училиште кое беше изградено во 1907г.

Се сеќавам како еднаш трчав дома и како згазив во непечениот зелник и кога вечеравме тоа парче ми го дадоа мене да го јадам. Исто така се сеќавам кога дедо ми Ѓорѓи умре и кога оџакот се запали. Тоа многу не исплаши, затоа што тој секогаш велеше "Кога ќе умрам ако сака нека изгори и куќата''. На шест години тргнав на училиште - забаваче и почнав да учам грчки јазик. Грчкиот јазик не го знаев, бидејќи дома зборувавме македонски. Многу ми беше тешко, воопшто не разбирав што велеше учителката која покажуваше разни предмети и ни кажуваше како се викаат на грчки. Го завршив првото одделение во забавиште, а кога започнав во второ одделение забавишна група морав да учам на грчки јазик. Во првото одделение прилично го зборував грчкиот јазик. Училиштето траеше до шесто одделение и јас го завршив со скромни оценки - тројки и некоја четворка. Летното време на распустот одев да ги напасувам воловите, овците и коњите. Заедно се собиравме група деца и ја пасевме стоката.

Паметам како една вечер не забележав дека моите волови влегле во шумата. Додека по патот сите волови си одеа дома, моите требаше да останат последни. И така безгрижен си отидов дома, но кога погледнав во шталата, таму немаше волови. Се уплашив, не знаев што да правам ама мораше да му кажам на некого. Решив на стрико ми Ристо. Тој веднаш ме распраша каде ги видов за последен пат. Почна да се стемнува, го зедовме фенерот и стапот и двајцата тргнавме на местото каде што јас ги видов воловите последен пат. Стигнавме на местото, стрико ми го запали фенерот и тргнавме по трагите. Ги најдовме воловите, а тогаш тој ме фати за увото и ми рече: "Ете ги воловите''. Едниот од нив лежеше, а другиот стоеше до него. Ги спрегнавме воловите, со радост двајцата запеавме и весели стигнавме дома. Јас вечерав и спиев убаво, ама утрото повторно тргнав на пасење. Оттогаш натаму очите ми беа стално во воловите. Ние бевме десет деца и сите имавме по два вола и си имавме ред за пасење. Заедно си игравме и правевме вирови за капење. Понекогаш печевме тиква, некогаш печевме компири и кочани. Кога попораснав пасев овци кои ги молзевме два пати на ден, еднаш наутро и еднаш на ужина, а ноќе ги носевме низ нива за да ја ѓубрат. Потоа почнав да орам, копам, жнијам, косев и врзвував сено, а ноќе го пасев коњот. Си носев веленца за спиење и си берев дрва за оган. Кога подпораснав и станав момче, почнав да одам на корзо каде се загледувавме по чупина и си се шетавме по попретки (на седенки).

ГО ЗАГИНАВ ОПИНОКОТ ОД НОГАТА

Кога бев околу 8 години одевне обуени со опинци од воловска кожа напраени дома со врвци. Еден ден јас ги пасев волојте и целиот ден врнеше па јас цапав во водата и јас не си го осетив декја опинокот се накисна и врфцата се скина. Опинокот ми падна од ногата ама јас си продолжив да одам по чорапи за долго време можеби и целиот ден. Вечерта кога си дојдов дома и провав да си ги собуам опинците и само тогаш видов дека сум со еден опинок. Не сакав де ме скарат па не реков ништо за опинокот. На сабаљето му кажав на баба ми Ѓорѓица дека немав мајка да му се пожалам. Баба ми ме праша каде си го извадив и јас му реков дека ги собув тука во куќата. Баба ми одговори "Можи да го зеде кучето или некоја мачка"'. Така со мала лага јас се спасив од лошото. Ми ги даде нејзините опинци и ми рече дека ќе ми направи други за мене. И така лошото помина лагата сврши и другиот ден со нови опинци си отидов со волојте.

ПАК СИ ГО НАЈДОВ ПАЛТОТО

Иам едно шајачно палто кое ми беше омиленото дека убаво ми стоеше и многу ме топлеше. Кога се разделивме со стриковите, нас ни падна една "црна'' овца, која во првата година ни роди "бело'' јагне, а другата година едно "црно'' јагне. Така се собраа три овци. Во пролетта ги острижавме и имавме три руна волна. Баба Стефојца и даде на мајка малку волна скришум од вујните. Мајка ја испра волната и кога се исуши ја исчепка, ја излачи навечер пред дупчето од ќумбето, бидејќи немавме газија. Во тие денови таа одеше аргатка по туѓите куќи, за да ни донесе парче леб за вечера. Навечер, по темница работеше на фурката, за да направи предено. Во собата каде што спиевме наземја, најде од некаде еден разбој и кога ќе си дојдеше, поткајуваше, а и рано стануваше да поткае малце. Така исткаа неколку аршини шајаци. Еден ден ми рече: "Ајде, Коце, денес ќе одиме во Елешката ливада''. Овоа му беше името дека таму имаше две големи елешки дрва. Ја зедовме секирата, еден сор и едно вреќиче и тргнавне. Јас се качив на елешката да лупам со сорот и да сечам од гранките корупка а таа од земја со секирата до каде што можеше да стигне. За кусо време си го наполнивме вреќичето. Таа го зеде котелот што перевме во тремот, пред фурната, го стави на перустијата, ги напика корупките во котелот. Јас со едно котле носев вода од реката и го полнев котелот со вода. Мајка го запали огнот под котелот и за некое време водата зовре. Другиот ден ги извади корупките од котелот со раце и ги стави шајаците во водата, во котелот. Го запали оганот и со стап ги притискаше шајаците. Потоа го однесовме котелот кај реката и ја истуривме водата. Таа ги испра шајаците и кога се исушија, беа вапцани црни, од корупките од елешките. Ми соши долго палто, на рака, кое многу ми се допадна. Толку убаво ми стоеше, а и многу ме топлеше. Палтото си го носев кога пасев овци и волови, ама еден ден го изгубив, не знаев каде си го оставив. Кога школската година почна и времето се залади, си го барав палтото, ама никаде го немаше. Така си одев на училиште без палто.

Секоја недела од училиште не носеа во црква. Еден ден пред влезот на црквата, во тремот, си го видов обесено моето палто. Истрчав дома да и кажам на мајка. Таа одма отиде во црквата да го побара. Клисарот му рече дека некој го нашол некаде и го донел. Ова беше еден од највеселите денови, зашто си го најдов палтото и повеќе не ми студеше.

ОСТАНАВМЕ БЕЗ МАЈКА И БЕЗ ТАТКО

Во 1937г. татко ми ја истера мајка и таа требаше да си оди кај татко е во Ангелевци, а ние останавме со него во Алабакови. По некое време татко замина за Австралија, а ние останавме во куќата со баба Ефа, мајка на татко и со двајцата стриковци, Ило и Ристо, браќа на татко.

Јас имав десет години, сестра ми Томанија имаше 12, брат ми Доне 8 и најмалата сестра Фанија имаше само 6 недели. Ние заедно останаме таму 6 години. Јас пасев овци, Доне ги пасеше воловите, а сестра ми Томанија работаше со стриите по нивите. Баба Ефа ја чуваше Фанија. Кога Томанија заврши шесто одделение, ја пратија да учи во училиште за домаќинство во Лерин, каде што учеше три години. Јас избегав од дома и отидов да живеам со мајка ми. Во Ангелевци живеев околу 6 до 7 месеци, ама Алабакови преку суд ме зедоа назад.

Мајка Митра

Татко Герман



Томанија

Јас Коста

Доне

Фанија

Јас продолжив да ги пасам овците и еден ден 7 глави се одделија од булукот и загинаа во планината. Другиот ден ги најдовме удавени од мечката на ридот. Една од овие овци беше на стрико ми Ило и кога тој слушна за овцата, почна да ме тепа со голема лутина и не одбираше каде ќе ме удри, со клоци и тупаници. Толку бев изнатепан што решив на подмолен начин да го убијам. За ова му се доверив на кметот во селото кој беше вујко на братучет ми Диме. Тој ме посоветува да не го напрам тоа, бидејќи ќе скапам по затворите. Немајќи што да правам, се помирив со тоа. Имавме една ливада која беше далеку од селото повеќе од еден час одење. Еден ден стрико ми Ристо ми ги товари двата коња со сено да ги истерам во селото. По патот едниот коњ си го преврти самарот и јас не можев повторно да го натоварам. Го врзив едниот коњ за едно дрво и се вратив во ливадата да му кажам што ми се случи. Тој ме фати за увото и со трчање ме тргаше назад до коњите. Јас врескав од болка, ама ништо не ми помогна. Го товаривме коњот и си дојдовме дома. Јас цела вечер не спиев од болка од увото кое ми потече и ме болеше цела недела.

Малата сестра Фанија је чуваше баба ми Ѓорѓица (која на галено си ја викавме Бајица). Еден ден решија да ја посинат во некое семејство, бидејќи баба ми се жалеше дека не може повеќе да ја чува. Јас и Томанија не сакавме да ја одделиме Фанија од нас и решивме со знаење на мајка да побараме од стриковите да ни ја дадат старата куќа и нивите на татко ми и стоката. Ама, двајцата ни рекоа: ''Ако мајка ти дојде тука, ние ќе ја заколеме''. Томанија се исплаши, но јас не потклекнав на нивните закани. Отидов кај кметот на селото и заедно отидовме кај началникот на полицијата, кој ми рече дека јас сум наследник на имот на татко ми и ако имаат нешто против, да одат да го видат него.

Другиот ден јас решив да не одам да ги пасам овците, влегов во старата куќа каде имаше сено и почнав да го фрлам од чардакот во дворот. Стигна Баба Ефа и ми рече да не бидам улав и да не го фрлам сеното.

До тогаш јас си ја сакав баба ми и никогаш не и погрешив, ама сега ме налути многу и и викнав да бега, оти ќе ја фрлам од чардакот. Тогаш стигна Томанија и таа проба да ме потсети дека ако продолжам вака, стриковите ќе ме истепаат. Јас бев многу лут, му ја фрлив метлата и му викнав да почне да мети и да не заборави дека вечер ќе бидеме заедно со мајка. Таа почна да мети и од радост плачеше. Ја исчистивме куќата и отидовне да си ги собериме парталите од новата куќа за да ги донесеме во старата. Томанија отиде и ја доведе мајка во нашата куќа. Вујна Костадиница помина и ни донесе сомун леб и сирење за вечера. На скалата имавме еден кепенец и вечерта го затворивме за никој да не дојде. По 6 години разделени пак се собравне како фамилија. Другиот ден брат ми Доне не отиде да ги паси воловите, а јас отидов кај стриковите Ило и Ристо. Од нив побарав да си ја делиме живата стока, за да можеме ние да си живееме како посебна фамилија. Имавме 2 вола, 1 маска и 26 глави овци. Бидејќи еден вол беше подобар, за него ставивме 10 глави овци, а на другиот вол кој беше постар му ставивме 15 глави овци, на маската 1 овца и кучето што ги чуваше овците. Фрливме ждрепка и нас ни падна маската, а нив им паднаа воловите. Во делбата ни дадоа само еден кутел жито, бидејќи не одевме на жнеење, зошто бевме мали.

Лозјата таа година се исушија и народот почна да си ги пресадува со нова лоза. Таа цела зима јас и мајка одевме во местото Присоо за да го спремиме лозјето. Требаше да копаме шанаци широки 60см, длабоки 70 до 80см, на растојание од 50см. Земјата беше бигорлива и копањето беше многу тешко. Мајка копаше а јас ринев. Повеќе пати нашето јадење беше леб, пипер и вода. И многу пати мајка ќе го надробеше лебот во мисурка и ќе го посолеше со пипер, ќе му туреше вода од стомната. Ние копавме по 10 часа дневно и ископавме нешто повеќе од половината. Сестра ми Томанија ги собра нејзините пријателки и пријатели кои си донесоа свои алати за копање и со песни во еден ден го ископаа целото лозје. Мајка свари грав со лути пиперки и го донесе во две котлиња. Ги стави во средината за сите да сркаат од нив. Кога лозјата се кроеја мајка побара од некои соселани прачки од лози и ние ги посадивме. Ама во 1948г кога лозјето почна да раѓа ние го напуштивме огништето и го оставивме лозјето некој друг да јаде грозје и да пие вино и ракија.

Во 1941г војната почна а во 1943г Германците дојдоа во селото и ги собраја коњите и со секој коњ требаше да има и селанец. Ме зедоа мене со мојот коњ. Не однесоа во Лерин и не облекоа во германска униформа. Кога бевме готови, не упатија од Лерин преку Бигла, Желево, Смрдеш и ја поминавме границата и влеговме во Албанија. Од таму не пратија кон Биглишча, Корча до Ерсека. Потоа пак ја поминавме грчката граница и влегоме во Ипиро. Тамо ги пасевме коњите по цел ден и ништо не работевме. Не хранеа на казан, а јадењета беа многу невкусни. Спиевме надвор, понекогаш во шатори и таму останавме 6 месеци. Потоа се вративме назад во Албанија, во градот Ерсека. Таму ги врзавме коњите во една штала и ни рекоа да си ги земеме нашите алишта. Не товарија во еден камион и не одведоа во Лерин. Кога стигнаме во Лерин, наидовме на лицититација на коњи. Тогаш јас се доближав до едно мало убаво коњче и му реков на Германецот дека коњот е мој. Јас бев облечен во германска униформа и затоа тој ми го даде коњчето без пари. Германците ни дозволија да си одиме дома и алиштата да им ги донесеме назад по еден месец.

Јас имав неполни 16 години. Го однесов дома коњот, но наскоро моравме да го дадеме во замена за еден осмак жито и едно магаре. Магарето беше току мрзливо, што кога крмакот му го изеде мочилото, тоа не мрдна ниту малку. Дедо ми Стефо, татко на мајка ми, го отепа магарето со секирата и му ја одра кожата за да си направи опинци. Мајка ми отиде во

селото Клештина кај братучедот Доне Ангелевски да му ја побара неговата магарица, ама тој ја имаше истерано по ридот и таа беше полна со вошки, готова да пцовиса. Доне отиде да ја побара по ридот, ја најде, а мајка ја донесе дома. Ја истриживме, сваривме чемерика и ги натопивме вошките. Така ја поткрмивме, ја потхранивме и таа се поправи. Кога зајакна и го ставивме самарот од магарето и почнавме да работиме со неа.

Кон крајот на 1948г. кога го напуштивме огништето и избегавме од селото, магарицата ја оставивме кај дедо ми Стефо. Научивме дека тој подоцна ја продаде за три наполеони, кои ќи чуваше за да ни ги даде нас кога ќе се вратиме назад. Но, тој умре и не не виде повеќе .

Јас се главив момок во една куќа каде ме плаќаа со жито. На брат ми Доне му собравме волови од селото да ги пасе и од таму исто така ни плаќаа со жито. Добивме некој аванс жито додека да го ожнееме јачменот за да преживееме. Сестра ми Томка работеше кај вујковците и се хранеше таму. Јас јадев со фамилијата каде бев главен, а мајка ми одеше аргатка и оттаму носеше по некое парче леб за Донета и малата сестра Фана. Есента собравме доста жито. Од нашата нива ископавме компири, пиперки, кромид и праз. Јас со магарето однесов 6 товари дрва во Клабучишта, зедов едно прасе кое мајка го израни со коприви и тревје и кога го заклавме, имавме месо и сало за готвење.

И така мајка остана со нас да не гледа и ние не останавме гладни. Со стриковците решивме да ги делиме нивите со ждрепка, ама тие си ги задржаа подобрите, а нас ни ги дадоа полошите без ждрепка.

Во есента 1943г јас излегов во партизаните на ЕЛАС. Татко ми направи документи и сетра ми Томанија отиде во Австралија. Мајка, Доне и Фанија останаа во селото и продолжија да си ја работат малкуте земја и живееја во голема сиромаштија. Мајка одеше аргатка по туѓите ниви за да го крпат животот.

Томанија со Татко во Австралија (1946-47г)

Слика со мајка, Томанија, Доне и со нашите деца. (околу 1970г)

1934 Америка - Седнатите се дедо ми Ѓорѓија и татко Ѓерман. Просту во средината е тетин ми Аврам Цветковски.

1952 во Скопје – Фанија, жена ми Стасија, Доне, татко Герман со керка ми Ленче и јас.

БУФЧАНИ ВО ВОЈНИТЕ

Буфчани дадоа драгоцен придонес во борбата против фашизмот во Егејска Македонија. За Буфчани предавството во Варкиза во Февруари 1945г. беше неприфатливо и неподносливо, затоа повторно се организираа во редовите на народно ослободителниот фронт за Егејска Македонија. Буфчани активно се вклучија во борбените единици на Демократска Армија на Грција (ДАГ). Во 1946г. за време на граѓанската војна во Грција селото ги даде првите борци на леринскиот одред Вичо. Бројот порасна на 250 борци во разни формации на армијата, кои се бореа против монархофашистите. Во текот на целата граѓанската војна од Буф излегоа 250 борци од кои 20 беа жени, како активни борци во редовите на ДАГ. Над 120 Буфчани си ги дадоа своите животи, додека 30 останаа трајни инвалиди. Во виорот на граѓанската војна како резултат на неуспехот на војната, дојде до опустошување на селото. Некогашното, големо и убаво планинско село, почна да умира, ги снема свирките, игрите и веселбите. Работливите Буфчани не можеа повеќе да ја обработуваат земјата и да го чуваат селото. Мнозина загинаа, а најголемиот дел се иселија во разни земји низ светот. Само за две години од 1949г до 1951г селото го напуштија 1,375 лица од кои 790 заминаа за Македонија, 138 во источните земји во Европа, 447 во прекуокеанските земји, од кои најголемиот број беа за Австралија. Така беше прекинат крвотекот на убавото село Буф, се распарчи неговото срце и исчезна животот од питомата котлина под планината Баба и Бигла. Илјадници Буфчани го понесоа драгиот спомен за родното село и денеска во илјадници срца ширум светот продолжува да чука срцето на едно револуционерно село, никогаш непокорено и секогаш чесно брането од нечесните посегнувања по него. Тежи болката по родното село, но радува и податокот што во Австралија се доселија многу Буфчани кои се прилагодија на животот во новата татковина.

ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА БУФ НЕ ИСПРАТИЗА КУРИЕРИ

Еден ден во јануари 1943г со мојот другар Коле Опашинов, ни дадоа едно писмо да го однесеме во соседното село Арменско. Времето беше студено и врнеше снег. Имаше наврнато повеќе од 50см. Тргнавне рано утрото и кога стигнаме на ридот меѓу Буф и Арменско, по свиокот од џадето се појавија германски војници. Кога не видоа испукаа по нас неколку куршуми во воздух. Почнаа да ни викаат да слеземе на патот. Јас го извадив писмото од џебот и го закачив во снегот. Слеговме кај нив и ни донесоа еден тумач на грчки кој не праша каде одиме. Му рековме дека сме на пат за село Арменско да си ги видиме роднините. Со рацете горе не претресоа до кожа, ама ништо не најдоа. Не зедоа да одиме со нив за селото и кога стигнавне во горниот крај кај црквата, на Колета му рекоа да оди во селото сам, да го побара кметот и да го донесе тука. Мене ме задржаа со нив, а на Коле му рекоа дека ќе ме убијат ако тој не се врати назад.

Јас седнав зад авлијата да не ме дува ветрот, зошто беше многу ладно, а бев и слабо облечен. Тука чекавме повеќе од два часа додека Коле се врати со кметот. Кога стигнаа, германскиот офицер му рече на тумачот да ни каже дека сме слободни да си одиме назад во Буф. Јас и Коле радосно тргнавне со брзање што побргу да избегаме, зошто ни беше страв да не не стрелат од зад грб. Го поминавме ридот на Арменско и влеговме во буфскиот синор. Дури тогаш се почувствувавме слободни, свесни дека се спасивме и останавме живи. Кога стигнавне во селото, веднаш отидовме кај секретарот на партијата и му кажавме што се случи, а тој се насмеа и ни рече да си одиме дома како ништо да не се случило со нас.

ИЗЛЕГОВ ПАРТИЗАН ВО ДВИЖЕЊЕТО НА ЕЛАС

Во 1943г јас влегов во организацијата на Народно Ослободителен Младински Сојуз (НОМС) и по кусо време станав партизан во редовите на ЕЛАС.

ФОРМИРАЊЕ НА ПРВИОТ МАКЕДОНКСИ ОДРЕД - БИГЛА

На 2 август 1944г. во селото Поздивиште се формира македонски одред под името "Бигла". За командант беше поставен Димитар Тупурков - Титан, татко на сегашниот Васил Тупурков - Циле. Комесар беше Михаил Кереминџиев и началник Ило Димов - Гоче. Јас бев меѓу најмладите борци во бригадата и мене ме поставија за личен курир на Гоче.

Одредот немаше долг век, бидејќи на Грците не им одговараше и тие побараа од раководството одредот да се расформира за политички цели. Јас се сеќавам во тие есенски ладни денови кога бевме во селото Статица како грчката делегација дојде да разговараат со нашето раководство за расформирање на одредот. Иако таа вечер времето беше многу ладно и цела ноќ врнеше дожд, ние партизаните останавме под стреите на куќите и чекавме да видиме што ќе стане. Околу два часот наутро, излезе Гоче од куќата со кренати раце на вратата и извика "Не се предаваме''. Со еден глас сите извикавме "Ура". Грчката делегација си отиде налутени а ние тргнавме весели накај планината Бигла каде си зазедовме положба. Околу еден часот од кај местото Трсје, се појави црнило, партизани на ЕЛАС од Ипиро кои тргнале во потера по нас.

Ние тоа го очекувавме и нашето раководство донесе одлука да нема крвопролевање, туку да ја напуштиме положбата и да тргнеме по ридот меѓу Буф и Герман. Стигнавме на границата кај селото Љубојно, а цело време по стапките ни одеше 28-ата Дивизија на чело со командантот Јанули.

На 13 октомври ја напуштивме територијата на Егејска Македонија и поминавме во вардарскиот дел на Македонија кај селото Љубојно во Преспа. Баталјонот доби задача да слезе во Битолско на патот кај селата Велушина, Граешница и Драгош во област околу Лерин - Битола за да ги заштитува единиците на НОБ, кои водеа огорчена борба за ослободување на Битола и Прилеп. Нашиот баталјон денонoќно вршеше напад на германските колони. По ослободувањето на Битола, влеговме во градот и се сместивме во касарната Стив Наумов.

На 16-ти октомври стигна Воденскиот Баталјон со 600 борци преку Кајмакчалан и се приклучи во Леринско-Костурсиот Баталјон и одредот "Гоце Делчев", кој дојде од Бугарија со 200 Македонци. Од Егејска Македонија секој ден пристигнуваа нови борци и броевме преку 2,000 души. Сега имаше потреба да се формира поголема единица и затоа беше формирана Првата Македонска Егејска Ударна Бригада.

ФОРМИРАЊЕ НА ПРВАТА МАКЕДОНСКА ЕГЕЈСКА УДАРНА БРИГАДА

Командантот на бригадата
Илија Димов – ГОЧЕ

Гоче (лево) со политичкиот комесар на Македонските
единици на ЕЛАС - Маркос Вафиадис (десно)

На 18 ноември 1944г. во подножјето на Тумбекафе во Битола, кај сегашното фудбалско игралиште, борците од Вичо се построија гордо пред своите раководители Малимади и Кајмакчелан и се формира првата Македонска Егејска Ударна Бригада. За командант беше поставен Илија Димов - Гоче, а за политички комесар Михаил Керамитчиев.

Бригадата имаше 3 баталјони и еден одред со тешко оружје. Раководството на Народно Ослободителната Борба (НОБ) од овој терен и подари на бригадата трофеј, знаме на кое пишуваше "Прва Македонска Егејска Ударна Бригада". Сите положивме заклетва и поминавне под црвеното знаме при што го допревме со своја рака. Секој од нас до ден денес ја носи радоста во срцето како спомен од тој зимски ден.

Однекаде се слушна гласот на песната "Што ми е мило ем драго" и сите борци ја прифатија песната и се фати едно големо оро. Напред се фати и го заводе орото Командантот Гоче, гордо со знамето во рака и почна да ја пее "Млада партизанка да одам на таја Вичо Планина". Тој ден остана жив спомен во срцата на тие борци и раководители. Денот беше за пеење и играње оро.

По формирањето на бригадата првиот баталјон беше испратен во Струга кај селото Лабуниште. Вториот баталјон во кој бев и јас отиде во Прилеп и се смести во касарните под Маркови Кули.

На крајот на годината бригадата тргна од Битола и се состана со нашиот баталјон од Прилеп. Заедно продолживме за Гостивар преку Кичево со задача за чистење на балистичките остатоци на Шар Планина. Беше голема зима, над два метра снег, температура минус 35 степени. Бевне слабо облечени, полни со вошки, не добро нахранети, но сепак им се спротивставивме на балистите на Џемо. Моралот на борците беше нескршлив и со успех ја изведоа акцијата во селата Ѓорѓовишта и Калиште, каде беа откриени и уништени Џемо и Мефаил. Тука бригадата ги имаше и првите двајца ранети и еден мртов - Трајко Николов, од селото Росен. Како борец на 2-от баталјон и јас учествував во овие борби.

Во 1945г. некаде во месец април, бригадата тргна од Гостивар преку Тетово и пристигна во Скопје. Од Гостивар до Тетово одевме пешки а во Тетово се качивме на возот со теснолинејка познат како "Мали Киро" ама го претоваривме и машината не можеше да тргне. Тогаш не излажаа божем има балисти на ридот па сите скокнавме од возот и тој замина. Сите почнамве да го бркаме и го стигнавме дури на ридот, пак се качивме и продолживме до Скопје. Привремено не сместија во касарните во Кале и секој ден одевме на аеродромот и парадиравме подготвувајќи за прослава на ''први мај'' и дочек на другарот Тито. Потоа од Скопје со товарни вагони со возот продолживме за Битола, каде се собравме на истото место каде бригадата беше формирана и таму беше расформира.

Така заврши за секогаш Првата Македонска Егејска Бригада.

Сите борци и раководството беа распоредени во единиците на Југословенската Народна Армија (ЈНА) и оваа слика е од тие денови. Мене ме распоредија на обезбедување на грчката граница на караулата Преслап, над селото Драгош со мојот соселанец Вангел Дивитаров. Во зимата не повлекоа поради голем снег во селото Кишава, а во пролетта се вративме назад во караулата. Во 1946г. со Вангел решивне да избегаме и да се вратиме со партизаните во Грција.

Кога стигнавме пред моето село Буф, јас останав над селото, а Вангел, бидејќи немаше пушка, отиде во месноста Таима и во едно трло се најде со позадинците Симе Камбуро и Коле Патката. Вечерта тој остана таму да спие, ама Грците од селото вечерта го обиколија трлото, а утрото отворија оган и го запалија. Вангел загина, а Камбуро и Патката успеаја да го пробијат обрачот и избегаа живи.

Јас останав сам и му се приклучив на единствената група која беше на тој терен со околу 20-тина борци. По извесно време групата требаше да се врати назад во Југославија, односно во Македонија. Јас не сакав да одам со групата, ама морав, бидејќи сам не можев да останам во планината. И така решив и јас да се вратам со нив. Јас бев облечен во Југословенска војничка униформа. Откако ја поминавме границата и влеговме во селото Драгош, седнавме да одмориме. По кратко време поминаа двајца војници, кои ме познаа и ме пријавија во штабот. Не помина ниту еден час, стигна еден џип со два офицери кои ми покажаа дека се од УДБА (тајната полиција на ЈНА) и ме зедоа со нив. Јас не им се спротиставив. Ме однесоа во Битола, во зградата на УДБА, до Саат Кулата и ме ставија во една соба каде што имаше само сламарница. Стигна еден офицер и ми даде малку леб, мармалад и едно шише вода. Ми рече дека ќе спијам тука и ако треба да одам по нужда, треба да тропнам на вратата, за дежурниот да ме пушти да одам во тоалет. Другиот ден дојде еден водник кој беше наоружан само со пиштол и ме праша дали сум готов за пат за Скопје.

Отидовме на станица и се качивме во возот. По патот си разговаравме пријателски. Тој ме однесе во дивизијата Народна Одбрана (НО) каде заменик Командант беше Мајор Гоче. Јас му ја знаев неговата канцеларија и го замолив спроводникот да ме однеси првин кај Гоче, бидејки во ЕЛАС јас на Гоче му бев еден од куририте. Гоче ме прими и ме загради "Каде си бре Алабаче?''

Фотографијата е од10 октомври 1945г. - не отпуштија од војската како малолетни – јас имав 18 години.

БУФСКИ БОРЦИ ВО ПРВАТА МАКЕДОНСКА-ЕГЕЈСКА УДАРНА БРИГАДА

Коста Алабаков

Ставре Бранов

Полекција Тодорска

Вангел Клашовски

Филко Миновски

Симе Србиновски

Симе Тргачов

Гоче Цветковски

Јован Цинцев

Лазо Чокрев

Крсте Шападовски

Ристо Ѓоршев

Тоше Тодороски

Симе Скуманов

Вангел Дивитаров

Томе Ѓоршев

Лазор Василевски

Доне Цветковски

Вангел Колов

Коста Карулев

Коста Ѓичов

Од следните борци немам слики - Спиро Тодороски, Коста Желеваров, Коста Мучов и Ило Бејков.

За жал од сите 25 борци само јас останав жив. Иако некои беа помали од мене, сега сите се покојни, некои од природна смрт, а некои загинаа во планините низ Македонија и Грција за време на Демократската Армија на Грција (ДАГ).

ПИСМО ДО МОИТЕ СОБОРЦИ

Со овоа писмо сакам да се простам од сите 24 души кои зедоа учество во борбите на Шар Планина против балистите во многу тешка и студена зима на 1944г.

Драги Другари и Другарке Поликсена,

Сакам да ве потсетам за тие лоши ама убави преживувања кои си ги поминавне во нашите млади години. Се сеќавам кога се формира Бригадата во тие есенски ладни денови во подножјето на Тумбе Кафе во Битола. И кога си ја биравме најубавата партизанка и си гласавме со кревање на раце. И кога водителот ги изброи рацете и извика "Полексија од Буф", каква беше радоста на буфските борци. Ја кренавме на раце Поликсена Тодороска и је шетавме во дворот во битолската касарна Стив Наумов.

И кога тргнавме за Шар Планина, весели, се покажавме како добри и храбри борци на чело со нашиот водник Тоше Тодоровски (потпоручник).

Драги пријатели и мои соборци Буфчани, иако бевме слабо облечени и не добро нахранети со доста вошки во снагата, бевме многу весели, секогаш со песни и ора. Во пролетта на 1945г кога се вративме во Скопје, не ставија во составот на парадата и поминавме покрај Маршал Тито на плоштадот во Скопје. Повторно радост кога ни рекоа дека ќе одиме во Битола со надеж дека од таму ќе одиме во Грција за да се бориме. Ама радоста беше кратка, зошто во Битола не расформираа, не распарчија и со повеќето не се видовне повторно. Тука беше крајот на Првата Македонска егејска ударна бригада кога не распоредија во ЈНА низ цела Македонија.

Мои драги пријатели со ово писмо се простувам од вас, мои соборци, соселани и пријатели. Многу се потрудив да соберам слики од сите вас, до некаде успеав, ама од некои не најдов слики, бидејќи не можев да ви ги најдам вашите роднини и поколенија. Напишав за секого по малку, колку што можев и што знаев за вашата биографија, кога бевте родени и кога и каде заврши вашиот живот.

Драги другари, јас го напишав ова писмо како последен од сите нас, зошто после мене нема кој. Би сакал да се сеќаваат за нас и ако негде некој го сретне ова мое пишување и ако сака да се потсети на вас, тогаш нека ја види фотографијата и нека си рече „Славати, оти ти загина за Македонија".

Ве поздравувам со партизанскиот поздрав "Смрт на фашизмот – Слобода на народот''

– Коста Алабаков Мелбурн, Австралија (2011).

МАЛОЛЕТНИТЕ ПОД 20г ДЕМОБИЛИЗИРАНИ ОД ЈНА

Кога не отпуштија од Југословенската Армија јас отидов во Битола и се јавив во Егејскиот Одбор кој ме смести во една зграда близу до станицата. Таму си имав кујна и ми беше добро и по малку време си најдов работа кај едни трговци за овошје. Ама за многу кусо време ја напуштив работата по налог на организацијата НОФ, која ме коптира за реонски секретар и решив да се вратам во Грција како инструктор во позадина на Народна Ослободителен Младински Сојуз (НОМС) на реон од 13 села во кој беше и моето село Буф. Сите села од мојот реон беа под окупација на грчката војска и затоа ми беше тешко да поставам организации освен во Буф и Рамна Шума. Во тоа време на територијата на Вичо околу 28 до 30 души бевме позадинци одговорни под раководство на НОФ, Антифашистички Фронт на Жената (АФЖ) и НОМС. Ние бевме одговорни за околиите Леринска, Костурска, Калјарска и Преспа. Во летото 1946г дојде група партизани, околу 70, на чело со Кокинот и Калко кои останаа тука на Вичо и од тогаш почна партизанското движење на ДАГ во Македонија.

МОБИЛИЗАЦИЈА НА БУФЧАНИ ВО ДАГ

Во јули 1947г. целата младина од селото Буф беше мобилизирана и беа распоредени низ единиците на ДАГ. Многу од овие млади Буфчани ги натопија планините со буфска крв за слободата на Македонија. Многу останаа инвалиди и сираци.

На најголемиот број не им се знае ни дупката ни планината каде се закопани нивните коски. Не се зане ни кој ги закопа.

БОРЦИТЕ КОИ ГИ ПОЛОЖИЈА ЖИВОТИТЕ ВО ДАГ

Вангел Илов - ДИВИТАРОВ (1927 - 1945)
Учесник во НОБ од 1944г во Првата Македонска Егејска Бригада. Во 1945г се врати во Буфскиот реон и на 12-ти ноември отиде во местото Таима да се сретне со Камбуро и Коле Патката, во трлото на Филко Ферманов. Вангел ги чекаше целиот ден и вечерта кога тие стигнаа низ ноќта, полицијата и војската од Буф го обиколија трлото и утрото отворија оган и го запалија трлото. Командирот на полицијата влезе во трлото со намера живи да ги фати партизаните, но Камбуро го пречека на скалата и со еден рафал го покоси. Тој се стркала по скалите мртов. Не постоеше спас и мораше трлото да се напушти иначе ќе изгореа како глувци. Со брз и силен оган, на јуруш излегоа од трлото, но Вангел кој беше тешко ранет во нозете, падна во гумното пред трлото. Полицијата со кундаците го дотепа. Камбуро и Патката избегаа во шумата и тие се спасија. Со одобрение од полицијата, фамилијата си го зеде Вангела и го погреба во фамилијарните гробишта во селото Буф.

Оваа фотографија е од Коле Патката.
Не можев да најдам фотографија од Камбуро.

Јован Василев - ЦИНЦЕВ (Билако) (1925-1947)
Роден во сиромашна фамилија и работеше како момок по други домаќинства. Учесник во НОБ од октомври 1944г. во Првата Македонска Егејска Бригада. Учествуваше во борбите низ Западна Македонија против балистите. Во 1946г се приклучи во одредот Вичо и потоа во 16-та бригада на Ипсиланди, каде остана во истата единица за цело време. Во 1947г единицата прерасна во бригада и се најде во подрачјето на Грамос. Во ноември истата година на котата Голњо, единицата беше нападната со минофрлачи од владините единици и тука загина Јован.

Пандил Ѓоргиев - НАСТОВ (1922 – 1948)
Учесник во ДАГ од јуни 1947г. во бригадата на Ипсиланди во баталјонот на Дељани, а во подоцна беше прекомандуван во 107-та бригада. Во декември 1948г беше ранет во борбите кај Епир, каде беше фатен и убиен од контрашите (пушкарите) во селото Паракаламо, Ипирот.

Цане Донев – СРБИНОВСКИ (1926 – 1947)
Учесник во ДАГ од јули 1947г. Беше курир во 2-та чета на Сињачко, во баталјонот на Гарефи. Во август четата беше преместена во 14-та бригада. Единицата требаше да се поврзе со баталјонот, во месноста кај Кастанохорија, кога Цане како курир отиде да ги пренесе врските, но падна во рацете на владините војски. Тој се обидел да бега, ама беше фатен во септември 1947г и на зверски начин беше масакриран.

Цане Донев – ПАНОВ (1927 – 1947)
Учесник во ДАГ од јули 1947г. и борец во 14-та бригада. Во септември 1947г. при едно судирање во Нестрамско целиот вод беше опколен од владините единици. Командирот на водот реши да се предадат заедно со оружјето. Кога партизаните со кренати раце се доближија, партизаскиот водник брзо го извади револверот и го уби владиниот поручник. Поради ова разбесната војска почна со ножови и со стапови да удираат и да ги колат еден по еден. Меѓу нив беше заклан и Цане.

Доне Костадинов – КЛАШОВСКИ (1925 – 1947)
Учесник во ДАГ од јуни 1947г. Во баталјонот на Барба Кичо беше поставен одговорен за просвета, бидејќи тој имаше завршено некој клас гимназија во Лерин. На 7 септември 1947г. Доне ненадејно се слизна и падна потпрен на автомат на "Стено" кој испука неколку куршуми и тешко го рани во градите.
По некој час Доне подлегна на раните и почина. Во батаљонот имаше доста Буфчани соселани кои се собраа и го погребаа Донета во селото Страцин во Ипиро.

Доне Јованов - ЧОКРЕВ (1914 – 1947)
Роден во сиромашно семејство, заврши шесто оделение во основно училиште. Воената обврска ја регулира во 1935г. До окупацијата во 1941г работеше надвор од селото по градилиштата каде виде колку е тежок аргатскиот ден. Учествуваше на грчко-италјанскиот фронт. Од 1943г. беше член на работничкото движење во Грција. Член на КПГ од јули 1945г во селото и активно работеше во одборот на НОФ за развивање на движењето. На 20 јули 1947г замина во партизанските одреди со група од 86 Буфчани на Грамос и стана водни командир во баталјонот на Барбаља.
Учествуваше во најтешките борби на Грамос и на 26 јули беше ранет во борбата за пробив во Гревена. Без да му е дадена прва помош беше заробен и пренесен во воената болница на 15-та дивизија во Кожени. Тамо беше лечен 14 дена. За тоа време, месните реакционерни кругови и група дезертирани соселани, покренати од полициските агенти, дадоа изјава за Донета со тешки обвиненија. На 8 август 1947г му беше изречена смртна пресуда и беше убиен.

Корун Габрилов – ОПАШИНОВ (1916 – 1947 г)
Учесник во ДАГ од јуни1947г во четата на Котрумба, баталјон на Барбаља, кој покажа голема храброст во борбите во градот Гревена. Корун загина на 25 јули 1947г во борбениот напад во Гревена. Тој беше погребан во Гревена со другите соборци убиени во истата борба. На Буфчани Корун им беше познат како ''тапанџијата'' во еден селски оркестар.

Цане Симов - ГРУЈОВ (1924 – 1947)
Цане беше од богата фамилија со преку 100 глави овци. Како најголемо дете во фамилијата, тој беше овчар.
Учесник во ДАГ од јуни 1947г. а загина на 25 јули 1947г. во крвавите борби кои се водеа за ослободување на Градот Гревена.

Атанас Ѓоргиев – АЛАБАКОВ (1924 – 1947)

Член на НОМС од 1943г. Атанас водеше група од пет члена и активно соработуваше со организацијата на НОФ. Се ожени за Фанија Шутароа и му се роди машко дете, но набрзо жената му умре. На 7 април 19465г се ожени за Полекција Шападовска и таа му роди чупенце. Во јуни 1947г беше мобилизиран во ДАГ што значи дека Танас живееше со Полекција само една година и три месеци. Танас беше во батаљонот на Барбаља, четата на Котрумба. На 21 август 1947г четата се најде во тешка и нерамна борба во Самарина и таму Танас беше заробен со неколку други борци. Танас беше многу измачуван и тепан од војската и беше влечен по патот како куче, се додека не изблу крв и така умре. До сега не се знај каде беше закопан. Детето му живее во Босна и Херцеговина, а Полекција со чупето се во Канада.

Вангел Јоанов – ОПАШИНОВ (1923 – 1947)

Роден е во сиромашна, земјоделска фамилија и беше учесник во ДАГ во 14-та бригада од јуни 1947г. Во август 1947г. кај Дамаскиња, Вангел се задржа на запленетите материјали да бира автомат, ама беше смртно погоден со митролез од владината војска.

Диме Лазаров – ТОМЕВ (1914 – 1947)

Диме беше земјоделец на сопствените ниви. Учесник во ДАГ од јули 1947г. и беше распореден во инжинерската единица за “минирање на теренот’’. Во август 1947г. неговата единица доби задача да минираат некој терен во околинтата на Рупишта. Кога стигнаа на местото нагазија на миниран терен и во таа експлозија загинаа неколку партизани, меѓу нив и Диме.

Доне Андреа - ПАПАЗОВ (1923 – 1947)

Доне беше мобилизиран во ДАГ од јули 1947г и беше редовен борец во батаљонот на Аристиди, бригадата на Ипсиланди. Во октомври 1947г во еден судир во близината на Мечово, Доне беше тешко ранет и на пат за болница подлегна на раните и умре. Не се знај каде беше закопан.

Доне Јованов – ТРПЧИНОВ (1925 – 1947)

Доне беше учесник во ДАГ од јуни 1947г и борец во баталјонот на Карабера. Во една борба на 30 август 1947г. Доне беше убиен од минофрлач граната во месноста Ставро во Гревенско.

.

Спиро Стевов – ПАНОВ (1925 – 1947)

Учесник во ДАГ од јуни 1947г, како борец во 14-та бригада на батаљонот на Алки. Спиро го убија во декември 1947г во селото Зица, Дамаскино во една нерамна борба со силен непријател. Не се знае каде е гробот на Спиро.

Крсте Сотиров – ШАПАДОВСКИ (1918 – 1947)

Крсте беше сирак и одејќи момок тој го доби прекарот "јовејо момок'. Учесник во НОБ од 1944г во Егејската Бригада на територијата на НРМ. Во 1945г беше демобилизиран и во 1946г се приклучи во партизанските одреди на Вичо. Тој беше во батаљонот на Спартакот од Клештина и учествуваше во многу борби низ Леринско, Костурско и Кајларско. Во август 1947г кога селото Чор, Кајлари беше нападнато, Крсте беше готвач на четата на Пецо од Горничено. Тој го свари јадењето, го остави неговиот помошник да го гледа и дојде со нас да се борби. При отстапувањето Крсте беше тешко ранет со топовска граната која му ги скина двете нозе. Другарите го кренаа додека беше уште жив и го донесоа кај логорот, но по кратко време Крсте умре. Другиот ден околу ручек неговите другари соселани го погребаа под едно големо буково дрво, под сенка, во месноста на селото Грчка-Блаца.

Ристо Колев - ПЕТЛИЧКОВ (1917 – 1947)

Ристо беше учесник во ДАГ од јуни 1947г. На 23 јули 1947г кога Батаљонот на Барбаља беше опколен, се обида со јуруш да излезе од обрачот и да пробие кон Орњака, но беше откриен и нападнат од од авиацијата. Ристо беше погоден и тука тој умре. Не се знае каде е закопан.

Вангел Петрев – МАРКОВСКИ (1920 – 1947)

Роден во сиромашна земјоделска фамилија. Мобилизиран беше да служи војник во владината војска 1946г. При еден контакт со партизаните во февруари 1947г., Вангел премина на нивната страна во одредот на Вичо. Во јули замина со единицата на Грамос и беше борец на 14–та бригада во единицата на Василко. Вангел загина на 7 јули 1947 при една остра борба на Палеокремини.

Николе Ристов – ДИВИТАРОВ (1917 – 1947)

Николе беше занаетчија и во партизаните го поправаше оружјето. Поради оваа работа, тој одлежа и затвор. Учесник во ДАГ од јуни 1947г. Во ноември истата година, јужно од Самарина, при еден јуруш да се заземе висината, Николе беше смртно погоден. Се мисли дека и таму беше закопан ама не се знае каде му е гробот.

Цане Трајанов – ЃОРЕВ (1926 - 1947)
Цане потекнува од сиромашко семејство, бидејќи остана сирак без мајка од млади години. Стана учесник во ДАГ од јули1947г во единицата на Ламбро, Мавроto. Во ноември 1947г на месноста Калони-Гревенско беше заробен од владината војска со контра напад. Го ослободија, но кога повторно непријателската единица јуришаше, Цане беше пак заробен и владините војници го стрелаа. Не се знае каде е закопан.

Гоче Филипов – ТОДОРОВСКИ (1926 – 1947)
Гоче стана учесник во ДАГ од јуни 1947г. и учествуваше во сите борби каде се движеше 16–та бригада. Гоче беше убиен во октомври 1947г., од непријателски куршум, во време на офанзивните борби кај Горгопотамо, Смолика каде беше погребан од своите соборци и селани од таа единица.

Јован Тодорчев - ГАГАЧОВ (1924 – 1947)
Јован беше од сиромашка фамилија и татко му Тодорче, со двата синови Крсте и Симе беа во Австралија, ама поради војната не можеа да му праќаат пари. Јован беше симпатизер на движењето и беше во организацијата НОМС како курир кој носеше писма по селата. Во јули 1947г стана борец во ДАГ во 16-та бригада во батаљонот на Барбаља. Јован падна мртов во Јули 1947г кога беше пробивот, во борба на месноста Горгопотаму, Смоликас.

Велјан Павлев – КАРАЏОВСКИ (1915 – 1947)
Велјан потекнуваше од сирамашка фамилија. Во летните времиња тој работеше како аргат на туѓи имоти по Солунско и Драма. Во зимата беше момок во селото. Војната обврска ја регулира во 1936г. Учествуваше во грчко-италијанскиот фронт 1940-1941г. Член на КПГ беше од 1943г и активно работеше во движењето. Од 1945г беше во одборот на НОФ и работеше во конспиративни задачи на линијата помеѓу Буф и организацијата со градскиот комитет од Лерин. На 26 јуни 1946г. полицијата го бараше да го уапси, но Велјан предвреме се повлече во одредот на Бигла. Учествуваше во повеќе борби на подрачјето од Вичо. На 26 јули1946г беше ранет на Вичо и беше пренесен за лекување во Битола. Откако оздраве, се врати во одредите на 1-та чета на батаљонот на Ламбро-Мавроto. Учествуваше во операциите на Грамос, Смолика, Орљака и др. На 26 декември, 1947г во борбите за ослободување на Коница погина како десетар во уличните борби.

Атанас Симев – ТОДОРОВСКИ (1926 - 1948)
Атанас беше организиран во НОМС од јули 1947г и беше член на КПГ. Во 1946г. беше затворен од монархо-фашистите во Лерин. Од јуни 1947г беше во редовите во ДАГ, во групата на буфската територија со Ковлаката како стрелец на митралез. Атанас беше активен борец во четата на територијална одбрана во буфскиот реон. Во март 1948г. беше преместен во 16-та бригада во реонот во Синјачко а потоа во Антихасја на местото Арнандија, Каламбака. При едно отстапување, Атанас настојуваше да го спаси својот ранет соборец, ама двајцата беа заробени и заклани од владинцката војска.

Коле Крстев – ШАПАДОВСКИ (1924 – 1948)
Учесник во ДАГ од јуни 1947г во единиците на 107-та бригада. Единицата помина низ доста борби и Коле загина во една сурова борба во август 1948г

Диме Лазаров – ВАСИЛОВСКИ (1912 – 1947)
Роден 1912г. во имотна фамилија. Во 1947г Диме имигрира во Југославија ама кон крајот на 1947г беше вратен во ДАГ со група борци. Се јави во селото Агија Марина – Мургана од каде требаше да замине целата единица за Синјачко. На паатот паднаа во заседа и тука Диме беше убиен од монархофашиската војска.

Филко Атанас – ГРУЈОВ (1920 – 1948)
Учесник во ДАГ од 1948г. Филко се разболе и беше испратен привремено да се лекува на слободна територија. Филип умре на 6 април 1948г во селото Герман, Преспа.

Вангел Павлев – ЈАНКУЛОВСКИ (1922 – 1947)
Вангел беше организиран во НОМС од 1943г и учесник во ДАГ од јуни 1947г. Борец во 14-та бригада на баталјонот на Пандо Шиперков. Вангел учествуваше во многу борби и напади и загина на 8 март 1948г кај Несрамско-Ајља од непријателска граната.
Закопан е во Малимади.

Павле Филипов – ЈОШЕВ (1927 – 1948)
Учесник во ДАГ од август 1947г. борец во 14-та бригада во баталјонот на Пандо Шиперков. На 8 март 1948г. Павле беше убиен во борбата кај Нестрам Ајља. Од 14-та бригада во Нестрамцкото, 15 борци со командантот на батаљонот се погребани кај патот каде одеа единиците за Грамос.

Димитраќи Петрев - АНДОНОВСКИ (1925-1948)
Потекнува од занаетчиска фамилија. Татко му Петре, беше мајстор за костими. Стрико му Борис, за селска женска носија. Стрико му Методија беше налбат за коњи, волови, магарињa. Димитраќи беше уУчесник во ДАГ од октомври 1947г. како борец во 14-та бригада. Во јули 1948г. на висината Харос, беше заробен и масакриран од владината војска.

Ило Филипов – ЈАНКУЛОВСКИ (1928 – 1948)
Учесник во ДАГ од септември 1947г, борец во 14-та бригада на баталјонот на Пандо Шиперков. Ило беше заробен во јули 1948г. на висината Харос на Грамос каде разбеснети војниците му ја отсекоа главата со бајонети.

Симе Павлев – ЃОРШЕВ (1927 – 1948)
Учесник во ДАГ од јуни 1947г. Во јули 1948г на висината Харос во еден јуруш да се преземе висината, паднаа доста борци, а меѓу нив загина и Симе.

Филип Боризов – АНДОНОВСКИ (1924 – 1948)
Оганизиран во НОМС од 1943г и активно работеше во организацијата НОФ. Учесник во ДАГ од јуни 1947г во баталјонот на Аргири. Во јули 1947г беше отцепен од неговата единица во Грамос и се поврза со единиците на Сињачко додека повторно го најде својот батаљон. Во 1948г беше унапреден во десетар. Филип загина во јули 1948г. заедно со целото одделение, борејќи се во офанзивата на Грамос, во бункерот на висината Фурка, не допуштајќи и на непријателската војска да се качи на ридот.



Доне Спиров - ЧОКРЕВ (1929 – 1948)
Во 1947г. кога децата се собираа силум за партизани, Доне избега преку граница во Југославија. Во месец септември истата година, избеганите ги вратија назад во партизаните во ДАГ во Грамос. Во 1948г кога почна офанзиват. Доне се најде на висината Каменик, како стрелец на пушкомитролез. Тој се бореше храбро, но загина во јули 1948г во борбата на Грамос.

Јован Илиов – КОСТОВСКИ (1924 – 1948)
Беше работник во Германија до 1943г. Учесник во ДАГ од јули 1947г., во територијалната единица на Бувскиот реон. Командант им беше Илија Ковлаката. Јован беше готвач на Четата. Во февруари 1948г, кај селото Долно Котори целата чета беше нападната со минофрлач при што Јован беше убиен.

Лазо Минов – МИНОВСКИ (1919 – 1948)
Потекнува од средно имотна земјоделска фамилија. Учесник во ДАГ од јули 1947г во 18-та бригада во баталјонот на Фокас. Во април 1948г баталјонот се најде во Синјачко, близу селото Шани, каде беа откриени од авионите. При бомбардирање од страна на Грците беше убиен и Лазо .

Диме Ѓоргиев – ОПАШИНОВ (1929 – 1948)
Диме доброволно се приклучи во ДАГ во јули 1947г и се најде на Грамос во четата на Буфчанецот Димитров, како личен курир. Кога комадирот Димитров загина, Диме го преместија од местото курир. Во 1948г. во напад на колоната што одеше за Јанина Диме беше убиен од еден возач.

Ѓорги Павлев - ЃОРШЕВ (1919-1948)
Организиран во КПГ од 1943г - учесник во резервите на керавното. Во ДАГ беше од Јули 1947г. во батаљонот на Аргири. Во една борба успева да избега од рацете на непријателот и заедно со Филко Андоновски ја преоѓаа реката Бистрица и се јавија кај Командант Гарефи. Другиот ден заминаа за Прекопана, каде се најдоа во својата единица. Гоче беше командир на вод во батаљонот на Коља. На 9 август 1948г добива задача да јуриша кај Алевица каде беше тешко ранет во колкот на десната нога и требаше да се прејде реката Алиакмон. Борците трбеше да се држат на фортомата за да ја поминат реката ама Гоче ја отпушти фортомата и падна во водата. Неколку соборци скокнаа да го спасат ама го извадија удаен. Ово го сведочи Буфчанецот Цане Бранов.

Филко Ристов - ТОДОРОВСКИ (МОДИ) (1907-1948)
Во 1945г стана член на НОФ и во септември 1947г., беше назначен за воен одговорен на селото Буф. Со помош на непријателите Грците дознаа каде се крие и вечерта на 10 ноември 1947г. кога Филко со своите соработници се повлече во местото Бучооречичиште, отидоа, ги фатија живи на спиење и ги однесоа во Лерин. На 29 и 30 јули 1948г тој беше осуден на доживотен затвор. Незадоволни од пресудата, тие протестираа и затоа случајот беше повторно отворен. Филко го осудија на смрт и казната беше извршена на 4 август 1948г. кај црквата Св. Никола во Лерин, пред очите на неговата ќерка Фанија.

Гоче Пантев - ГРКИН (1921 – 1948)
Потекнува од сиромашка земјоделска фамилија. Тој беше мирен и реален човек. Учесник во ДАГ од јуни 1947г. Беше борец во баталјонот на Коља. Тој учествувал во многу борби во Грамос и Костурско. Беше убиен на 22 Јули 1948 г во една борба на Копанка, Алевица.

Диме Филков ЈАНКОЛОВСКИ (1915 – 1948)

Во окупацијата во 1943г. беше во одборот на Организацијата ЕАМ и член на НОФ во 1945г. Во 1948г беше затворен од грчките власти под обвинение дека соработувал со ДАГ и давал податоци од Лерин. Во куќата каде живееше беше извршено претрес, беа најдени копии од испишани војни формаци на Леринскиот полк. Во обвинението на судот како сведок се појави една жена. На 15 октомври 1948г беше осуден на доживотен затвор. По неговата жалба, на 21 октомври беше донесена смртна пресуда со бесење.
Казната беше извршена во Лерин.

Крсте Петрев КЛАШОВСКИ (1911 – 1948)

Во окупацијата во 1943г беше во одборот на ЕАМ. Во август 1948г беше затворен под овинение дека праќал податоци на ДАГ во врска со воени сили во Лерин. Беше извршен претрес во станот каде што живееше, при што беа пронајдени копии од испишани документи за воени формации на леринскиот полк. Повторно во обвинението на судот како сведок учествувала и една жена која влегувала во станот. На 15 октомври 1948г. беше осуден на доживотна робија. Обвинителот се жалеше и побара построга казна. Така на 21 октомври му беше донесена смртна пресуда со бесење. Крсте го обесија во зградата на режието во Лерин.

ПЕСНАТА ЗА БУФ И КРСТЕТА КЛАШОВСКИ



Музика и тест Васка Илиева (легендата на македонска народна песна). Оваа песна се испеа на средбата на егејските Македонци во 1997г. во Село Трново. Васка Илиева Песната ја составила кога била во Австралија со средбата на Клашовската фамилија.

Бог ги убил душманите што истурија наши села
наши места наши куќи
Изгореја буфско село, Буф ми беше прочуено
Со јунаци Македонци –Македонци патриоти
Први беа во борбите,
Бог ги убил душманите
Истепаја наши деца, наши браќа, наши мажи
Меѓу нима и мојто момче, мојто момче, Крсте Клашов
Си останав удовица, удовица со сираци
Со три чупи едно дете, машко дете
Мајкин Коле
Крсте Клашев ми остави, да му гледам сирачина
А највеќе машко дете
Да порасне да ме освети
Бог ги убил душманите нас жални препадиа
Чужди земји непознати еден со друг не се знајме
Буф имаше лични моми, лични моми песнопојки
Песна пеејќи играорки први беја на песните
На ората Буфски мајки изродија се јунаци
се јунаци Македонци први беа во борбите
се бореа за слобода за Македонија.

Вангелија Митрева – ТАБАКОВА (1927 – 1948)
Во 1947г емигрира во село Булкес во Војводина, Југославија. Во март 1948г со група борци се приклучи во ДАГ во борбите на Грамос. Во август учествуваше во борбата во Битушко поле и во септември на Малимади. Беше во 107-ма бригада во батаљонот на Даљјани. Загина на Маламида во септеври 1948г.

Крсте Јованов – ТОМЕВ (1926-1949)
Учесник е во НОМС од 1945г. и ДАГ од јуни 1947г во борбите на Грамос. Учесник беше во двете најсурови офанзиви на Грамос, во 1947 и 1948г. Крсте го убија во март 1949г во една борба кај Оксја, Грамос. Јас и Крсте бевме најверни и најблиски пријатели во селото и другарувавме како ергени .

Диме Јованов - ОПАШИНОВ (КОЧОВ) (1928 – 1948)
Учесник во ДАГ од јули 1947г. и беше борец во единиците на Костурскиот реон. Во декември 1948г во селото Смрдеш, беше нападнат од авијацијата на владините сили кој митролираа и фрлаа ракети. Диме тука загина.



Цане Атанасов – ВАСИЛОВСКИ (1924 – 1948)
Потекнува од средно имотна земјоделска фамилија.Член е во НОФ од 1945г. и учесник во ДАГ од јуни 1947г. Борец во борбите на Коница на Грамос во есента 1947г. Тој беше префрлен во Олимпик и Пиерија во коњичка чета. Дејствуваше во централна Грција. На 22 декември 1948г., беше поставена заседа. Тој со група соборци, на патот Воден-Караџова, беше нападнат. Таму паднаа осум борци, а меѓу нив беше и Цане.

Крсте Котев - ЕМНАГОВ (1917 – 1948)
Член е во НОФ од 1945г и учесник во ДАГ од јуни1947г. Во летото1948г беше во 107-та бригада на Волани, каде што капетан на четата беше Ристо од Костурско. Во 1948г учествуваше во битките на Грамос на висина од 1206 м. на Битушка Тумба, на Малимади и други места, каде се покажа со врвна способност. Во април 1949г беше пратен со група партизани да ги прекинат телефонските врски во Кларапско Леринско поле. Таму од заседа Крсте беше смртно погоден.

Симе Донев – СРБИНОВСКИ (1924 – 1949)
Потекнува од богата фамилија .Борец е на Првата егејска бригада, која делуваше на Шар Планина во Западна Македонија, против балистите. По расформирањето на бригадата беше војник во ЈНА и по извесно време беше демобилизиран. Потоа замина во ДАГ. Во 1946г беше унапреден во водник и многу време беше во Аграфата и Хасја. Симе во една тешка борба со надмоќен непријател е убиен во април 1949г во месноста Козјакас во Тесалија.

Симе Колев - ТРГАЧОВ (Манчев) (1925 – 1948)
Беше учесник во НОБ во егејската бригада од 1944г. и учествуваше во борбите на Шар Планина со балистите. Од 1947г беше во ДАГ во Аграфа со група партизани. Во 1948г при една борба во градчето Кардица беше ранет. Во импровизирана скривница се лечеа осум ранети борци во Аграфа, но тие беа пронајдени од владините војски и сите ранети беа убиени. Меѓу нив беше убиен и Симе .

Филко Јанев - МИНОВСКИ (1929 – 1947)
Учесник во НОБ од 1944г во Егејската бридада на територијата во Западна Македонија во борбите со балистите. Во 1946г се приклучи во ДАГ во Аграфата и учестуваше во многу борби од планината Парнас и околината на Карпениси. Во Декември 1947г четата требаше да се префрли на Пелопонез, преку воден пат, кај Нафпактон со чамци. Филко беше убиен на пат од Арахова каде се судриле со владини војски.

Домна Павлева – КАРАЏОВСКА (1924 – 1949)
Домна потекнува од многу сиромашка фамилија. Откако порасна, почна да оди аргатка, а понекогаш одеше само да и дадат да јаде во тој работен ден. Член на Антифашистички Фронт на Жените учесник во ДАГ од јули 1948г во 14-та бригада, во батаљонот на легендарниот командант Пандо Шиперков од село Смрдеш. Домна учестуваше во многу борби на Вичо, Грамос, Малимади. Таа загина во февруари 1949г кај Алевица во една од најкрвавите борби. Не се знае каде е закопана.

Доне Василев - ТОМЕВ (Ангелевски) (1927 – 1949)
Остана сирак и беше раненик кај Андреа Ангелевски. Учесник е во ДАГ од јули 1947г во 14-та бригада. Во 1948г во борбите на Малимади, Доне беше заробен од владината војска. Тој успеа да избега од нивните раце, ама од многу бегање се разболе на срце и мораше да оди во болница во селото Нивици. Во февруари 1949г Доне почина во болиницата.

Симе Марков - ВЧКОВ
Учесник е во ДАГ од јули 1947г како борец во 14-та бригада. Во 1948г на Грамос при експлозија на ракета, Симе остана глувонем и беше пратен во стационарната единица во месноста Белавода. Во август 1949г тој се најде на истурената позиција Којчева Нива каде беше тешко ранет од артилериска граната и подлегна на раните на пат за болницата. Симе беше погребан во Буфскиот синор.

Ѓорѓи Котев - ВАСИЛОВСКИ

Учесник е во ДАГ од 1947г. во 18-та бригада во баталјонот на Пецо Романот каде учествуваше во повеќе борби. На 25 август 1949г кога од Грамос требаше да се оди на други позиции загина од митралез. Истиот ден загина и Пецо Романот.

Доне Петрев - ШАПАРДАНОВ

Учесник е во ДАГ од јули 1947г кога како борец на Грамос беше испратен во подофицерска школа. Во Јули 1949г ја заврши школата и се врати во единиците на месноста Плати Дромо каде беше ранет. Кога го носеа во болница, беа отркриени од авијациата, беа нападнати и така загина Доне.

Пеце Крстев - БРАНОВ

Учесник во ДАГ од јуни 1947г во единиците на јужниот дел на Грамос во борбите 1947г и 1948 г особено во 1949г. При едно судирање со владините единици во пролета на 1949г неговата единица беше заробена. Офицерите и подофицерите беа стрелани, а меѓу нив беше и Пеце.

Стефо Лазаров - КЛАШОВСКИ

Учесник во ДАГ од 1946г кога се формира одредот Бигла. Во 1948г. Стефо заврши офицерската школа со чин поручник во бригадата на Софјанос во Источна Македонија. Тамо беше ранет во зглобот на коленото. По лечењето Стефо беше распореден во 14-та бригада како капетан на чета. На 11 август 1949г кога беше пробиен фронтот на ДАГ во месноста Лисецбарот, тој со својата единица се најде во неизлезна ситуација и за да не падне жив во рацете на непријателот се самоубил. Стефо покажа голем хероизам. Како офицер командуваше до самота смрт. Целата единица беше погубена немаше ниту еден заробен.

Стојан Илиев - МУЧОВ (ДИМИТРОВ)

Остана сирак од татко и во 1943г стана член на КПГ. Во наредната година Германците го зедоа со коњите да служи во комората во Албанија. Тој со неколку души избега од Аос, Потамос и се вклучија во ЕЛАС. Во 1943г беше поставен за заменик командир на полицијата во Преспа. По Варкиза Стојан се врати во селото. Полицијата го следеше неговото движење и една вечер се обиде да го уапси, ама обидот на полицијата не успеа. Вечерта кога си одеше дома, од селското кафе во темницата по него одеа и полицајци, ама Стојан не влезе дома, туку влезе во Шутарој и оттамо гледаше како го бараат. Во ДАГ беше учесник од 1946г, а во 1947г отиде на Грамос во борба. Беше командант на четата во Героплатано погони. Таму цел ден беа напаѓани од артилериски гранати. Борците имаа тешки загуби. Меѓу загинатите беше и Стојан.

Коста Ѓоргиев - МИНОВСКИ

Член во КПГ е од 1937г. Беше член на секретарјатот на месната организација во Буф од 1942г до 1946г. На 20 јули 1947г се приклучи во ДАГ и се најде на Грамос каде беше ранет во ногата. По лекувањето тој се врати повторно во единиците. Во март 1949г беше формирана ударна група и Коста беше еден од командантите. Групата имаше задача да уништи некои утврдувања во месноста на подрачјето Грамос каде требаше да поминат единиците. Ударната група партизани изврши повеќе задачи на тој дел но на 11 април 1949 г Коста загина при обид да а разбије една вкопана единица кај Оксја во Коница.

Блаже Јованов - ГИЧОВ (1924 – 1947)

Во 1947г се приклучи во ДАГ на буфскиот реон во четата на Илија Ковлакас. Блаже беше убиен во една борба на Голото кај Псодери. Другиот ден Грците го зедоа неговото тело и го однесоа во Лерин како трофеј за да го видат затворниците.

Симе Филипов - ГАГАЧОВ

Учесник во ДАГ од Август 1947г. како самарџија. Во август 1949г се најде во Коломлати, Костурско. Војската ја зароби целата единица на Симе и сите беа стрелани.

Вангел Ристов КОЛОВ (Стојов) (1926 – 1946)

Роден е во сиромашно семејство. Во 1944г стапи во редовите на Првата македонска ударна егејска бригада. Тој зеде активно учество во борбите на Шар Планина против остатоците на балистите. Беше меѓу најхрабрите борци, помошник на пушкомитролезецот. По расформирањето на бригадата беше распореден во ЈНА. Во 1945г беше отпуштен од војската како малолетен, немаше дваесет години. Подоцна отиде во Војводина, каде што се ожени. Многу брзо потоа тој се разболе и го однесоа во воената болница во Белград. По извесно време Вангел и подлегна на болеста. Погребан е на гробиштата на воените ветерани во Белград,со сите воени почести. На надгробната плоча му се напишани сите податоци како заслужен ветеран и борец.

Коста Кирев - Желеваров (1927-1946)

Борец во Егејската бригада од 1944г. Коста учествуваше во борбите на Шар Планина против балистите. По расформирањето на бригадата беше распореден во ЈНА во Штип каде се разболе. Коста умре во воената болница во Штип и таму е погребан.

Герман Ломев – АНДОНОВ (1927 – 1949)

Учесник е во ДАГ од јули 1947г. Се вооружа на Кајмакчалан и преку Снежник Планина замина за Грамос и зеде учество во борбите. Тој беше ранет во 1947г , а во1948г повторно беше ранет. Затоа беше испратен во укопите на Бела Вода. Во 1949г Герман се лечеше на Голото Ритче на Белавода, буфскиот реон. Тој загина во бункерот од артилериски гранати во јули 1949г.

Доне Колев ТРГАЧОВ (Манчев) (1928 – 1949)
Потекнува од земјоделска фамилија. Учесник е во ДАГ од август 1947г. Учествуваше во борбите на Грамос. Во 1947 и 1948г. беше во 14-та бригада во Лерин. Доне беше ранет во нападот на 12 февруари 1949г и таму беше оставен на бојното поле без помош. Разбеснетите грчки монархофашисти при сослушувањето го одвоија од групата и го стрелаа со други соборци.

Симе Намчев – ПОПОВ (1925-1947)
Организиран беше во НОМС од 1944г. Во 1945г стан член на НОФ и учесник во ДАГ од јуни 1947г. Учествуваше во операциите на Грамос 1947г. каде се истакна како храбар борец и беше пратен на подофицерска школа. По завршувањето на училиштето беше распореден во 107-ма бригада за командир на вод. Во јули 1948г. неговате единица требаше да се пробие кај Капсаља, но тој загина со повеќе соборци од неговиот вод.

Крсте Тодорчев – ШАПАДОВСКИ (1915- 1948)
Учесник во ДАГ од јуни 1947г. Беше во 107-ма бригада како борец. Во ноември 1948г со својата единица се најде на Шестевска Бука каде цела единица доживеа катастрофа. Крсте беше тешко ранет, немаше кој да му даде помош и подлегна на раните.

Гоче Наумчев – ДИВИТАРОВ (1916 – 1947)
Гоче беше уесник во ДАГ од јуни 1947г. Во Сињачко беше во 2-та чета во батаљонот на Гарафи. Гоче беше убиен во август 19847г. од невнимание на еден Буфчанец, кој беше задолжен да ракува со пушкомитралезот. Се зборува дека на Буфчанецот му заглавил фишек во цевката. Го донел митралезот каде седеле група партизани. Бил заврtен со цевката кон борците и во еден момент пушкомитралезот пукнал и заглавениот фишек го погодил Гоче во главата. Гоче заедно со други двајца партизани беа убиени и пренесени во селото Бобишта, Костурско каде беа погребени на селските гробишта.

Коста Крстев – МУЧОВ (1927 – 1947)
Член на прогресивната младинска организација од 1943г. Во 1944г стана борец во првата егејска бригада. Во 1946г во месец декември со поголема група соборци замина за Егејска Македонија, преку Кожув Планина, Пајак и Каракамен до централна Грција. Учестуваше во многу борби во централно подрачје на Македонија. Во февруари 1947г Коста како десетар загина во една борба во градчето Катерини.

Ристо Петрев - БАЈОВСКИ (1926 – 1947)
Учесник во ДАГ од јуни 1947г во батаљонот на Алки. Учествуваше во најсуровите борби на Грамос. Во декември1947г. во една борба во близина на селото Зица, Епир, беше погоден директно од минофрлач и целото тело му беше разнесено. Партизаните ги собраа поголемите делови од неговото тело и ги закопаа во една дупка.

Крсте Илиев – КОСТОВСКИ (1918 – 1947)
Учесник во ДАГ од јуни 1947г. Организиран од 1939г во КПГ, учествуваше во грчко-италјанскиот фронт. Од 1945г. работеше организирано во организацијата на НОФ, а од 20 јуни 1947г беше во единиците на ДАГ. Крсте загина на 25 јули 1947г. како борец на ДАГ во борбите на Грамос. Буфчани кажуваат дека бил храбар борец и голем другар и пријател за секој соборец во четата.

Атанас Котев - КОСТОВСКИ (1926 – 1947)
Учесник во ДАГ од јули 1947г. Беше во четата на Котрумба и учестуваше во многу борби како решителен борец. Атанас загина на 25 јуни истата година кога четата на Котрумба беше нападната во огорчените борби во Гревена каде загубите беа големи и многу борци беа убиени.

Коста Карафилоф - ДИВИТАРОВ (1924 – 1947)
Фамилијата на Коста имаше доста овци и кози. Коста во млади години беше овчар и козар. Беше учесник во ДАГ од јуни 1947г во баталјонот на Палеологот на месноста Палеокремини. Единицата на Коста тука водеше тешки борби дење и ноќе со многу мртви. Коста беше убиен во овие борби на 7 јули 1947г.

Ломе Ристов – ТОДОРОВСКИ (1912 – 1947)
Татко на три деца. Работаше во Германија од 1938-1942 г. Во селото прифати да биде полјак, а во средината на август 1946г заедно со своето оружје се приклучи во партизанската група на Буфскиот реон. Ломе учествуваше во борбите на Вичо и Синачко и потоа беше преместен во батаљонот на Ипсиланди. Учествуваше во повеќе борби во 1947г. Во ноември, на висината Гољо во Грамос, единицата беше нападната со минофрлачи и таму Ломе беше смртно погоден. Погребот беше извршен од негови селани, соборци во единицата. Нема податоци каде е закопан Ломе.

Доне Димев – ШАПАРДАНОВ (1930 – 1948)
Учесник во ДАГ од септември 1947г. и учестуваше во сите борби кои ги водеше 16-та бригада. Доне загина еден ден во февруари 1948г. во една жестока борба, во месноста Пиерија, Солунско. Не се знај каде е закопан.

Цане Пандев – ВОЛЧЕВ (1929 – 1948)
Учесник во ДАГ од септември 1947г, борец во 16-та бригада. Цане беше убиен во фебруари 1948г. при едно судирање со владините војски во Пиерија. Во истата борба беше убиен и Доне Шапарданов и тука двајцата беа закопани на истото место.

Гоче Трајанов – БРАНОВ (1924 - 1947)
Учесник во ДАГ од јули 1947г. Во август 1947г. неговата единица замина вооружена за Кајмакчалан, а оттаму на Грамос. Гоче се разболе од тифус и беше пренесен на лекување во село Хриси, каде умре во декември 1947г. Закопан е во селските гробишта.

Цане Боризов – ЦИНЦЕВ (1931 – 1948)
Потекнува од средно имотна земјоделска фамилија. Иако малолетен, тој се јави во одредите пред време, кон крајот на 1947г. како курир во 14-та бригада во батаљонот на Пандо Шиперков. На 8 март 1948г во истата борба и со иста граната со која е погоден Вангел Јанкуловски, Цане беше ранет и по некој час подлегна на раните.
Вангел и Цане се закопани еден до друг во Малимади.

Лазор Крстев – ЦИНЦЕВ (1924-1948)
Учесник е во ДАГ од август 1947г. Членуваше во повеќе единици како борец и учестуваше на Грамос. Во август 1948г на Клефти беше запален од ракета и соборците набрзо го угаснаа, само дел од облеката му изгоре. Во февруари 1949г беше ранет во борбата за Лерин. Замина да се лечи во болница. Други информации за Лазор нема. Ако некој нешто знае за Лазо Цинцев нека ми се јави.

Ристо Александров - ОПАШИНОВ (КОЧОВ) (1927 – 1949)
Остана сирак од мали години и беше учесник во ДАГ од август 1946г во одредите на Вичо. Поради болест беше ослободен, а во селото полицијата го ослободи како да се покајал. Во март 1947г кога се формира 18-та бригада, Ристо повторно замина во одредот на Вичо, во батаљонот на Спартакот, а подоцно беше во групата на куририте. На 12 февруари 1949г беше ранет во Лерин и набрзо им подлегна на раните. Ристо беше погребан до патот пред селото Псодери.

БУФСКИ БОРЦИ ОСТАНАТИ ИНВАЛИДИ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА НА ДАГ

Д-р Тодораќи Пантев Бранов - роден во 1928г. Беше борец во редовите на ДАГ од 9147г. Тодораќи е доктор на наука по градежништво и работаше како професор во Градежниот Факултет во Скопје. Сега живее во Скопје.

Гоче Илов Тодоровски –
сега живее во Битола.

Павле Коста Петличков -
сега живее во Битола

Доне Димев Тргачов –
сега живее во Битола

Гоче Крсте Марковски -
сега живее во Скопје

Цане Ристо Тодоровски –
Цане живееше во Торното, Канада
со жената и два сина.Тој умре пред некоја година.

Атанас Пантелиа Србиновски.
Живееше во Кичево и таму почина.

Фанија Пантева Миновска - беше тешко ранета во една борба,
потоа беше префрлена во Полска на лекување. Сега живее во Бугарија.

МЕРКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СЕЛОТО

За да се спречат поголеми жртви од бомбардирањата и честите препади од владината војска, раководните луѓе на селото презедоа соодветни мерки на безбедност. Беше определен воен комесар со свој заменик кои водеа ред и грижа за луѓето - да бидат навреме известени за движењето на владините војски и нивните намери. Ако престојуваат партизани во селото и сите оние кои учествуваа во партизанското движение, требаше да се засолнат или да се повлечат, за да не настрадаат тие или селото. За таа цел надлежните по безбедноста поставуваа луѓе на три места да стражарат на смени. Едно стражарско место беше кај манастирчето Св. Тројца од каде се контролираше Пазарски Пат. Другото место беше кај Ледињето близу црквата каде се гледаше патот што иде од Клештина и третото место беше во селото кај дуќанчето на Србиновци. Стражарите беа опремени со пушки и двогледи. Се што ќе забележеа во врска со какво било движење во реонот тие беа должни да известат кај одговорните во селото. Одговорните на селото исто така издаваа дозволи за излез и влез во селото. Друга важна мерка за обезбедување на селото беа куќите изградени од поцврст материјал во кој визбите и кералите ги приспособуваа за скривници, а почнаа да се прават и бункери. Во нив се собираа по неколку комшиски семејства, а таму ги поминуваа ноќите кои беа се почести. Буфчани живееја во ужасен страв. Секојдневните активности на селото бараа постојано движење за извршување на многубројните полски работи како напасување, напојување на стоката, која не можеше да се чува затворена во пондилите. Животот во селото наполно замре и ништо не остана од оној секојдневен живот.

МАСОВНО НАПУШТАЊЕ НА СЕЛОТО (1947–1949)

Годините на граѓанската војна и теророт што го спроведуваа грчките власти и воопшто грчката држава, а особено преку честите денонoќни бомбардирање на Буф, доведоа до масовен егзодус на Буфчани како и на илјадници Македонци кои бараја спас со бегање преку границата. Колони бегалци се упатуваа кон Грчко-Југословенската граница и во тие морничави мигови ништо вредно не се гледаше освен да се спаси жива глава. Морничава беше и глетката како тие избезумени страдалници, без никаков глас, со наведнати глави и насолзени очи го напуштаа родното огниште. Тие денови можеше да се види една морничава глетка. На широкиот простор, северо-источно од селото, во непосредна близина на црквата “Св. Никола”, на местото познато под името Ледињето, беа пуштени сами на себе стотици грла добиток, овци, кози, говеда и секаква друга домашна живина за да не пцовисаат затворени по трлата, пондилите и кочините. И по целото тоа плато можеше да се видат мрши од пцовисана стока, која од глад или студ, растргани од диви sверови се најдоа таму. Таквата морничава слика се гледаше со денови и со недели, а луѓето сочуствуваа со страдањата на стоката.

Мојата фамилија која од памтивек живееше во Буф, реши да го напушти огништето од дедо и прадедо. Она што таа есен можеше да се види, во тие студени ноќи и денови не може да се опише. На патеките се гледаа колони од деца, жени, болни и постари мажи. Млади немаше зошто сите беа на фронт. Тие натоварени на грбот, кој колку можеше да носи, а остатокот од тоа што можело да се земе од покуќнината, беше натоварено на коњи и магарија. Сите одеа кон север, право кон Југославенската граница. Фатени еден за друг, како синџир се движеше колоната, некои водеа добиток, други се држеа за товарот. Мајките носеа по едно, две деца кое во раце, кое за рака или на грб, стари баби, дедовци тешко се движеа и често паѓаа во калта, стенкаа, ама никој не пушташе глас, за да не ги открие непријателот.

Болката во душите на сите тие страдалници остави траен белег и горчина. Никогаш не се дозна колкав беше бројот на Буфчани кои пребегаа во тогашна Југославија, бидејќи беа распрснати насекаде, по села и градови низ Македонија, па дури и во војводинските села Крушевље, Ѓаково и Булкес, близу градот Сомбор. Сепак се споменуваше некоја бројка од 1,000 до 1,250 Буфчани. Ретко можеше да се најде цело семејство заедно, сите беа распрснати насекаде по источноевропските земји. Не беше ретко едно семејство да биде разделено по толку држави колку што броело семејството. Буфчани се погребени во Грамос, Вичо, Малимади, Кајмакчалан, Паек, Лисец и Радош. Буфската херосјка крв е пролеана по сите планини низ Македонија и Грција.

БУФСКИ ЖРТВИ ОД БОМБАРДИРАЊЕТО

Во 1947г. помеѓу јуни и ноември, селото беше бомбардирано 13 пати од кои 11 со артилеријата од Лерин и два пати од авионите. Исфрлени беа околу 60 гранати и една ракета.

Во 1948г. помеѓу март и декември селото беше бомбардирано 32 пати од кои 23 пати со артилерија и 9 пати со минофрлачи од 120 до 175 гранати.

Во 1949г. помеѓу јануари и август селото беше бомбардирано со сите огнени орудија 63 пати со 400 гранати и исфрлени се вкупно 635 гранати. Децата добија голем стрес и почнаа да бегаат од куќите без знање на родителите. Во 1947-1948г селаните почнаа да бегаат преку Раково кај Преслап за Драгош во Југославија. Следните Буфчани беа убиени во тие бомбардирања:

1. Коста Димев Гагачев, стар 19г
2. Росена Шападовска, 65г
3. Цане Богданов, 9г
4. Гоче Јовев, 10г
5. Лефтерија Јованова Гичова, 9г. Дечињата си играа со граната, која не беше експлодирана - 5 се убија, а неколку беа ранети.
6. Пандора Ѓорѓица Марковска, 24г - убиена од топовска граната во спалната во јуни 1947г. испалена од Лерин.
7. Павлејца Желеварова, 32г - убиена на 3 јули 1947 од Владината војска на ливадата каде береше сено.
8. Петре Ангелевски стар 70 г
9. Кариклија Александрица Ангелевска, 25 г и нејзино дете Николче, 2г.
10. Костадин, дете нејзино во крошната од некој месец. Овие четворица се убиени од ракета од авион во јули 1947г
11. Костадинка Атанасица Србиновска, 30г
12. Томанија Спиројца Србиновска, 23г
13. Томанија Волчева, 17г
14. Митре Петличков, 65г
15. Јана Илојца Кипрова, 45г
16. Петре Колов, 70г
17. Корун Тодоровски, 67г
18. Ордана Цветковска, 60г
19. Аврам Цветковски, 65г
20. Павле Бранов, 70г
21. Коте Цинцев, 80г
22. Павлејца Јанкуловска, 65г
23. Атанас Андановски, 70г
24. Колејца Бајовска, 65г
25. Петре Стаматов, 67г
26. Доне Караџовски, 19г
27. Костадин Петрев Ангелевски, 45г

29 Вангелија Димева Петличкоа, 15г

Прикажаните жртви од бомбардирањето во селото се 20 души. Заради околностите во 1949г. селото беше испразнето. Материјалните штети од експлозиите не се земени во евиденција. Последиците од досегашната борба за селото Буф се следните:

Загинати во борбите - 15 офицери, подофицери и старешини 123 лица
Инвалиди од тие борби со повисок инвалидитет - 30 лица
Сираци без татко останати 97 лица
Емигрирани во Југославија (состојба) во 1951 -790 лица
Емигрирани во Источна Европа - 138 лица
Емигрирани во прекуокеанските земји - 450 лица
Во селото останаа - вратени во 1950 г. - 760 лица
Разрушени куќи 150
Изгорени полски куќи – трла 75
Изгорени воденици 25

ПОСЛЕДНОТО ПИСМО ОД ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ

Неустрашливот партизан Лазо Ангеловски 23 годишен борец, македонец од село Граждани, Преспа беше заробен во селото Буф по закана од Монархофашистите и да го срелат ако не се покори на судот и полицијата во Лерин. Му рекоа дека ако тој истапи јавно и се откаже од кумунистичките идеи и националноста пред насобраните граѓани во Лерин и пред политичките затвореници ќе му го поштедат животот и ќе можи слободно да живее каде сака во Грција или Југославија. Ако не, тогаш ќе биди стрелан.

Во затворот беше мачен пет дена прет затворниците. Стенкаше од болки од раните по телото ама реши дека нема да ја порази борбата и нацијата и нема да го осуди движењето и другарите. Во тие последни саати од животот цел ден и ноќ на парче книга ги запишуваше последните зборови до стрико му Атанас Ангеловски на адреса Демир-исар Битола. Писмото што го напиша беше сочувано.

“Незаборавен мој Стрико Атанас, фатен сум од монархофашистите и затворен сум во Лерин во келија. Пред вратата стои стражар тиранин ме чува, со мене и не зборува. Сечена ми е устата од куршум, левата рака ми е повредена, тепан сум со кундаци на пушка.

Драги мој стрико, знам дека ќе се лутиш на мене и ќе плачиш те знам најповеќе ќе се лутиш што не те послушав да останам во Македонија. Ама сега ништо на вреди затоа да зборуваме се е свршено. Судбината таква била, знај сепак стрико. Јас немам никој поблиску од тебе. Паметвам како заедно живееме и по цели ноќи зборваме .

Затоа прости ми за се, знам те ставив во голема мака се оставам на тебе. Ако го примиш ова писмо кажи му за се на моите родители.

Татко, мајка ми и другарите мои. Топли поздрави испраќам посебно на сестра ми. Сите знам за мене ќе плачат. Стрико, ако го примиш ова писмо да знаиш ти оставам последна желба. Мајка ми и татко ми и двете сестри ти бери гајле за нив. Немам друго што да ти пишам ти знаеш за се што ме советуваше. Засе сум ти благодарен.

Сега чекам кога ќе умрам мачен сум, тепан. Ме терат да зборувам против борбата и партијата и нацијата за да ме ослободат. Јас ја избрав смрта, нема да зборувам по никој начин. Ранет сум во устата.

Секој ден прет мене носат на стрелање, тие се проштават од нас што сме останати во затвор. Вратата до мене на келијата се отвара, слушам врескање и викање због другари. Сите плачат за Мајка Македонија.Тоа ме чека и мене секој ден сат и нош.

Додека го пишам ова писмо слушам некој вика због другари, јас немам никој на овој свет. Затоа и јас понекогаш заплакувам. Ова што го пишам сум во свест. Драги стрико ако се ослободи некогаш Лерин дојди донеси мајка ми и сестра ми побарај го мојот гроб, нека поплачат крвави солзи може ќе ми омекнат коските да се разбудам.

Писмото го пишам ден и нош и секое доба тиранинот проверува што правам во келијата.

Денеска ќе ме извадат на говорницата да зборувам против Народно Ослободителениот Фронт (НОФ) и партијата. Смрт ме чека овде, кој влегува мртов излегува. Затоа нема да се предадам, речено ми е утре пред затворениците да одржам говор или да изберам смрт.

Јас немам поблиски од тебе стрико, ќе ме разбереш затоа поради крајот на животот ти го пишам ова писмо да знаеш не потклекнувам.

Јас ја одбрав смрта. Не ме плаши смрта. Нема ништо да проговорам нека знае целиот свет татко и мајка и сестра ми за последен пат због на сите, првен тебе и мојата мајка поздрв на сите последен пат од твојот Лазо. Смрт на фашизамот, слобода на народот,

Лерин 15-8 -1948г

ДЕЦА БЕГАЛЦИ

Потивнчките страни, атинскиот режим и ДАГ, ја искористија зимата на 1947-48 за подготовки за конечна пресметка. Оперативниот план на генералниот штабот на атинскиот режим предвидуваше со офанзивни дејства да и ги стисне единиците на ДАГ од внатрешноста на земјата и да го принуди да се концетрират во пограничните подрчја каде што со употреба на целиот свој воен потенцијал ќе ги уништи или ќе ги исфрли преку граница.

Демокртатксата армија, откаку не успеа да ги реализира решенијата на третиот пленум со кои се предвидуваше да го зголеми бројот на 65,000 борци и од пролетта 1948г да ја ослободи Егејска Македонија, деносе одлука решавачката битка против непријателот да ја изведе на Грамос. Оперативниот план на ГШ на ДАГ предвидуваше со примена на активна одбрана да го исцрпи непријателот а потоа да премине во контраофанзива и да го уништи. Спорет тоа во 1948г во целата земја особено во зпадна Македонија се очекуваа жестоки и крвави борби. Во рамќите на подготовките за решавачки битки привремената демократска влада реши децата и изнемоштаните старци да ги префрли преку граница. Врс основа на постигнатата спогодба помеѓу привремената демократска влада на Грција и владите на источно-европските земји и Југославија беа евакуирани мололетните деца од 1 до 16 години. Со оваа акција раководството на КПГ сакаше да ги поврзи родителите на евакуираните деца со ДАГ и ги мобилизираа во регуларните единици и помошните служби на ДАГ. Официјалното објаснување на решението за евакуацијата не децата беше дадено преку радио станицата "слободна Грција" на 4 март 1948г. На последниот балкански конгрес на младината што се одржа во Белград на 3 март 1948г по предлог на грчкиот преставник се донесе решение до сите претставници на демократските земји да се загрижат и да им се укажи помош на 12,000 деца од Грција кои беа од 3 то 15 години кои ќе се испратат во соседните демократски земји каде што ќе им се даде секаква помош, грижа и воспитување. За секој 25 деца да има и учителка која ќе се грижи за нив. По тоа следи писмо од привремената демократска влада до владите на источно-европски земји и Југославија.

Овие се имињата што ги имам најдено по различните книги и списанија.

ВО ПОЛСКА

Андоноа Панте Лена, Василовска Ѓорги Мара, Василовска Ѓорги Томанија, Вчкоа Марко Диме, Вчов Марков Полекција, Гагачов Корун Ендрија, Гагачов Корун Спиро, Гагачов Корун Полекција, Гагачов Симе Лена, Колов Костадин Вангел, Колов Костадин Фанија, Желеваров Петруш Наце, Опашинов Кузман Томанија, Опашинов Корун Фанија, Миновски Коста Полекција, Панов Јани Гоче,Панов Јани Полекција, Петличков Борис Гоче, Петличков, Диме Мара, Кипроа Митра, Србиновски Атанас Гоче, Србиновски Атанас Нико, Србиновси Атанас Коста, Србиновски Атанас Спиро, Опашинов Корун Симе, Ферманоа Стефо Мара, Шутаров Аврам Полекција и Миновски Коста Менка

ВО ЧЕХОСЛОВАЧКА

седнати – Вангел Јовев, Коста Јошев и Диме Ангелевски.
стојат – Стасија Симоа, Доне Јовев, Полексија Гичоа, Симе Гичов, Коста Ангелевкси и Симе В'чев.
Овие имиња се само од децата за кои имаме евиденција, ама бројот е многу поголем. Од нив 52 завршиле тригодишно стручно училиште во Осиек.

Во текот на 1952г се извршени две други репатријации, една во март во Белград и втората во октомври во Солун. Во 1952г беа вратени вкупно 153 деца во Грција и 23 во Канада. Следните години, особено по нормализацијата на односите, повеќе од децата се вратени кај своите родители, а оние што завршиле разни училишта се вклучени во стопанските и општествените дејности.

Истото се случуваше и во селото Буф каде беа собрани децата до 15г на кои родителите беа мобилизирани во редовите на ДАГ и помошните единици. Така настана и егзодусот на селото Буф.

од лево Коста Симев Ангелевски
Лена и Диме Тодорчев Ангелевски

стара слике од деца бегалци

/

Од 1956г. односите на тогашните социјалистички земји со Југославија беа непријателски и замрзнати и никој не можеше да се врати во Македонија. Со подобрувањето на односите во 1957г. започна репатријација на егејските Македонци во републиката. Така голем број Буфчани се вратија во Македонија, а некои заминаа директно за Америка, Канада и Австралија.

БУФСКИ БОРЦИ ВО ПОЛСКА – првите 7 борци беа тешко ранети и беа префрлени во специјалната војна болница која се водеше под шифрата -250

1 Марковски Крстев Гоче
2 Миновска Пантева Фанија
3 Србиновски Пантев Атанас
4 Табаков Минев Доне
5 Тодоровски Илов Гоче
7 Тргачов Димев Доне
8 Алабаков Ѓорѓиев Марко
9 Андоновски Методија Симе
10 Аспровски Јоанов Лазор
13 Милошов Коле Пандил
14 Скуманов Филко Симе
15 Тодоровски Нелков Коста
16 Цветковски Лазор Ендрија

БУФЧАНИ ВО ПОЛСКА

1 Филко Божин Бранов
2 Филкоица Бранова
3 Ѓоргиа Василовски
4 Ламбе Василовски
5 Корун Гагачов
6 Тодорче Дамчев
7 Филко Емнагов
8 Ѓоргиа Пантев Бранов
9 Попот Желеваров
10 Петруш Илија Желеваров
11 Фаниа Желевароа
12 Ѓоргиа Коте Костовски
13 Котејца Костовска
14 Томанија Костовска
15 Илојца Костовска
16 Филкојца Кипроа
17 Митра Кипроа
18 Мајка на Стефо Клашовски
19 Јоњца Аспровска
20 Филкојца Скуманова
21 Костадин Опашинов
22 Ило Петличков
23 Димејца Петличкова
24 Менка Филко Скуманова
25 Ило Томев
26 Коруница Милошоа
27 Петко Џверков
28 Петкојца Џверкова
29 Василица Цинцеа
30 Фанија Шападовска
31 Ѓоргиа Миновски
32 Лазорица Кљашовска
33 Павлејца Скуманоа
34 Петре Шутаров
35 Петрејца Шутароа
36 Филко Спиро Бајовски

БУФЧАНИ ВО РОМАНИЈА

1 Симе Емнагов – седнат прв од лево
2 Симе Филко Бранов – вториот од лево
3 Гоче Петрев Андановски – трет од лево
4 Стефо Кузманов – четвртиот од лево
5 Филко Божин Бранов
6 Филкојца Бранова
7 Гоче Грујов
8 Коле Васил Бранов
9 Клашовски Симе Пандил

БУФЧАНИ ВО УНГАРИЈА

1 Тодораќи Пантев Бранов
2 Павле Костадин Петличков
3 Доне Симев Бајовски

БУФЧАНИ ВО СССР

По ликвидацијата на ДАГ, од Албанија, од пристаништето Драч на 10 октомври 1949г. за тогашниот Советски сојуз во Узбекистанската Советска Република, во градот Ташкент пристигнаа следните Буфчани-борци.

1 Диме Пандев Гагачов	2 Доне Ѓорги Тодоровски	3 Диме Трајче Јанкуловски
4 Павле Ѓоргија Србиновски	5 Ристо Опашинов	6 Спасе Савев Опашинов
7 Ристо Петре Ангелевски	8 Ристо Дамчев	9 Диме Васил Ѓоршев
10 Коле Васил Ѓоршев	11 Васил Цветко Јовев	12 Крсте Миновски
13 Костадин Цветко Јовев	14 Филко Крсте Јовев	15 Петре Диме Марковски
16 Симе Методија Андановски	17 Ристо Ѓорги Бранов	18 Ѓоргиа Јоан Трпчинов
19 Стефо Велјан Џуранов	20 Симе Петре Колов	21 Симе Ѓоргија Василовски
22 Симе Доне Марковски	23 Ѓоргиа Спиро Чокрев	24 Коле Тодорче Гагачов
25 Диме Наце Алабаков	26 Митра Миновска	27 Менка Филко Скуманова
28 Цана Филко Папазова	29 Фаниа Филко Емнагова	30 Олга Јоан Шапарданова
31 Ѓорѓиа Доне Јанколовски	32 Цане Ѓорѓија Чокрев	

(од лево клекнат) Петре Димев Марковски, Павле Ѓорѓ. Србиновски, Диме Панте Гагачов, Диме Васил Ѓоршев, Васил Цветко Јовев, Доне Ѓорѓ. Тодоровски, Крсте Донев Миновски (клечи).
Диме Трај. Јанколовски, Коле Пант. Ѓуровски, Симе Ѓоргиев Василовски, Симе Дон. Марковски, Ристо Васил Опашинов, Ѓерманија со ќерката Митра од село Нивици, Симе Методи Андоновски и Ристо Петер Ангеловски

ЧОВЕК СО ТУЃО ИМЕ

Секој четврток навечер во Кафе-грил се собира друштвото од неколку пријатели, сите дојдени од источните земји. При секоја нивна средба еден раскажува некоја интересна случка. Таа вечер му беше редот на Тодор. Тој вака ја започна својата приказна:

''..Пред да дојдам од Полска во Шчечин дојде од Романија едно упадливо калешо момче кое се викаше Трајко Аргировски. Престојуваше кај својот поголем брат Лазо. Трајко по извесно време почна да работи каде што и јас работев како механичар. Една зимска вечер додека шетавме по улиците, се случи несреќа - умре Лазо, брат му на Трајко. Тој долго боледуваше од подмолна болест и половината од животот го помина во болница. Трајко немаше уште 18 години. Другиот ден откако го погребаме Лазо, седнаме во кафеана за да се напиеме за душа на покојниот. Трајко ненадејно го отвори своето срце: "Знаеш, ми рече горко, јас всушност не сум негов вистински брат". "Како не си негов брат, се вџашив јас. "Се ќе ти раскажам по ред. Во големото бегство од Грција во 1948г. како четиригодишно дете не знам како сум се одделил од мојата група, ме замешаа со други деца. Кога стигнав во Романија во домот во Туглеш нашите чуварки или како што ги викавме ние мајки ги извадија списоците и редум не прозиваа. Таму се наоѓавме стотици деца. Една од мајките, млада но цела облечена во црно, гласно ги извикуваше имињата. Најпосле останав само јас, не си го чув името, липав од страв. Тогаш дојде жената во црно и ми рече како се викам, почнав гласно да плачам. Тие видоа не видоа ми го дадоа името и презимето на детето кое не се одзиваше. Така станав Трајко Аргировски. Под тоа име ме заведоа во сите книги и документи. Сосема бледо се сеќавам на ликот од мајка ми, а од татко ми не сум запаметил ни една црта. Еден ден ме повикаа во канцеларијата и ми рекоа: "Слушај Трајко, знаеш ли дека ти имаш брат?" "Каков брат?", зинав јас ''Које?.'' "Се јавува од Полска, таму живее и праќа абер да се стретнете. Сакаш ли да одиш кај него?" Дојдов овде во Шчечин. Брат ми Лазо беше во болница. Кога ме одведоа кај него, образите му беа пожолтени. Додека јас разгледував и се чудев, тој ме притисна на своите слаби гради. Од време на време поткашлуваше, потоа со восхит ме гледаше и со две јадри солзи во очите ми рече:"Брате". Мене срцето ми се раскинуваше од таа средба. "Значи ти си моето братче, најпосле те најдов, со години те барав, не знаев во која држава те однесоа. Знаеш ли каде те загубиме? Во една мешаница на железничката станица во Битола. Викавме по тебе: - Бате Трајче!!! Нашата десетарка, Милка, дури и стрча по тебе, возот во кој те пикнаа тргна и исчезна со илјадници деца. Милка ми велеше - ќе го најдеме кога ќе стигнеме таму, а и самата не знаеше каде ќе стигниме. Знаеш дека ние не сме сами. Во нашето село во Егејска Македонија живее нашиот дедо Илија. Се допишувам со него. Сега ќе му напишам дека те пронајдов, многу ќе се израдува кутриот, зашто тој е останат сосема сам. Мајка и татко ни загинаа во борбите на Вичо, траги не им се знаат, ни остана само тој дедо. Долги години лежел во затвор на островите Ѓура каде што беа затворени многу Македонци. Кога ќе оздравам, ќе одиме во нашето село да го видиме". Јас отидов во селото да го видам дедо ми. Еден ден стигнав во селото, го пронајдов дедото Илија, стар белокос, истоштен, болен лежеше врз една рогозина. Во темните затвори го беше изгубил и видот. Бев вчудовиден од сличноста на Лазо со него. Неколку дена останав во селото кај дедо. Роднините емигрирале во Австралија и Канада. Шетав низ селото, се присетував на едно големо дрво на крајот од селото и редици високи тополи крај потокот кои веќе ги немаше. "Каде се?"- го прашав дедо Илија, но тој ми рече дека такви тополи и поток немало никогаш во селото. По неколку дена, една утрина го најдов дедо Илија умрен. Го погребавне и истиот ден јас си заминав. Се вратив во Шчечин, отидов во болница кај брат ми кој бараше збор по збор да му раскажувам за средбата со дедо Илија. Не му кажав за смрта на дедо Илија, не сакав да му ја уништам неговата последна желба: "Ах, воздивна, и јас да си го видам дедо ми и моето убаво село". Оваа жива вистина е опширно напишана во книгата Бездомници од Паскал Гилевски.

Врската на буфчани со градот Битола датираат од дамнешни времиња. Буф е 24 км оддалечен од Битола и имаше тесни врски со овој град уште од почетокот на турското владеење. Според административната поделба на Турците селото припаѓало во битолската, а понекогаш во леринската околија. Меѓутоа Битола како административен центар на битолскиот вилает, беше место каде што буфчани одеа и ги завршуваа сите административни и други потреби. Подоцна Буфчани одеа во Битола да се школуваат за свештеници и учители. Буфчани уште од турскиот период си ги вршеа сите административни потреби во Битола, туку одеа и како пазарџии на пазарите, продаваа или купуваа занаетчиски производи од битолската чаршија.

Првите доселеници од Буф во Битола се наоѓат во турските пописни тефтери уште во втората половина на 19-тиот век. Меѓутоа помасовно е населувањето во годините за време на Балканските и Првата светска војна. Во годините од 1919 - 1924 се доселиле околу 60 семејства. Поголем број од тие семејства се населиле во Гени Мале. И ден денес во близина на средсело тој дел се вика ''кај буфчани'' во Ѓени Мале.

Многу буфски семејства се доселени во неколку битолски села како Лажец. Беше многу тешко да се најде работа и тие што се вработуваа беа на ниски работни места за кои што не се бараше никаква квалификација, или работеа како сезонски работници, така што и примањата им беа минимални.

Подоцна поголем број млади Буфчани завршија виши и високи школи, факултети и академии. Буфчани ги има како магистри, доктори на науки, а во општествениот живот имаат заземано високи јавни и државни функци како директори, судии, универзитетски професори, пратеници, министри.

Др. ТРИФУН ЃОРГИЕВ – ПАНОВСКИ

Трифун беше роден во Буф на 1 Февруари 1912г. По завршувањето на основното образование, неговото семејство се преселува во Битола. Школувањето го продолжи во битолската гимназија каде што матурира во учебната 1933-34г. По завршувањето на гимназијата се запиша на медицинскиот факултет во Белград. Овде тој се вклучил во напредното студенско движење поради тоа бил следен од полицијата. По завршувњето на студиите стана лекар и беше одреден да служи во Ниш. По окупацијата на тогашна Југославија се врати во Битола и веднаш се вклучи во народноослободителното движење. Стана член на КПЈ во 1941г. и како активен член на партијата и на Народното Ослободително Движење (НОД) прибира помош од лекови, санитетски материјал, лекува болни активисти и стекна голем авторитет во Битола. Тој беше почитуван како добор лекар и хуман граѓанин.

На основачкото собрание на читалиштето во Битола, одржано на 19 Јуни 1941г. во тогашното трговско училиште, партијата по директива на Стефан Наумов – Стив, секретар на месниот комитет во Битола, прави диверзија и успева до управата на читалиштето да ја спроведе листата на партијата која однапред беше подготвена. За потпретседател на управата беше предвиден и избран Др. Трифун Пановски како што стои во еден полициски документ. Со тоа членовите на управата на читалиштето кои беа главно комунисти и симпатизери, станаа сомнителни за бугарската окупаторска власт. За време на големата априлска провала во 1942 г. беше откриен и д-р Трифун Пановски. Тој беше затворен на 20 Април 1942г. каде што беше изложен на измачување и понижување, но поради немање докази, Трифун беше пуштен од затвор на 22 Август. По излегувањето од затворот, неговиот живот и работа станаа мачни, бидејќи тој постојано беше под надзор на полицијата. Заради таквата состојба, тој на 20 јануари 1944г. замина во партизанските единици, сметајќи дека таму ќе биде многу покорисен. Тоа се случи на 20 јануари 1944г. Работеше како главен лекар во партизанската болница на Кожув Планина и подоцна помина во Дебарца и Караорман во Западна Македонија, во првата македонска-косовска бригада како главен лекар на партизанската болница во селото Песошани. Тој имаше многу одговорна и хумана работа и често ги посетуваше полесно ранетите и болните кои се наоѓаа во единиците.

Во јули 1944г. се водеа неколку дневни жестоки борби во Дебар, Дебарско и Малесија. Бригадата се одмораше во селата Буринец, Локов, и се подготвуваше за повторен напад на Дебар. Владееше мошне добро расположение, бидејќи смотрата што се изврши во Буринец, а на која присуствуваше и војна мисија од Англија, покажа дека борците на бригадата беа добро вооружени, облечени и подготвени за борба.

На 22 јули 1944г, неколку дена по смотрата, се случи трагичниот настан во кој загинаа Др. Трифун Пановски, Никола Тодоровски, Коле Канински - комесар во бригадата, двајца борци и едно десет-годишно дете од селото Буринец. Минофрлачката единица вршеше пробно стрелање со минофрлачи од 50мм. што ги добија од Англичаните. Стрелањето се вршеше кај гробиштата во селото Буринец. Коле Канински се доближи со цел да види како се ракува и какво дејство има минофрлачката. Во тој момент стигна и доктурот Трифун кој беше дојден да ги посети лесно ранетите борци. Тој се задржа на местото на стрелањето за да го види дејството на минофрлачот кога се слушна страшна детонација при која беше тешко ранет во стомакот. Иако ранет и во таква состојба, тој се обиде да им помогне на останатите ранети. Но се беше попусто, бидејќи за кусо време сите подлегнаа на раните. Страшната тага и мачнотијата што се создаде со оваа трагедија силно одекна во селата во Дебарца и Малесија и ги зафати сите борци во бригадата. Погребот се изврши следниот ден на 23 јуни 1944 г на кој присуствуваа претставници од главниот штаб на Македонија, претставник од сојузничката воена мисија при главниот штаб (ГШ) на Македонија како и многу народ од населението на Дебарца и Малесија.

Ете така несреќно загина првиот доктор од Буф, гордост на неговите родители, гордост за големиот број на Буфчани што живееја во Битола, за целиот град и Македонија. Се ближеше крајот на војната и слободата на неговиот народ беше на дофат. Слободата за којашто толку многу мечтаеше и се бореше, но не дочека да го доживее тој светол миг. Во спомен и признание од Врховниот командант на Југословенската Армија, Јосип Броз Тито му издаде СПОМЕНИЦА број 231451 од 28-11-1950г. Исто така во чест и спомен на Др. Трифун Пановски по ослободувањето неговото име го носат Медицинскиот центар, едно основно училиште и една улица во Битола. По ослободувањето посмртните останки на Др. Трифун и Коле Канински беа пренесени на буковските гробишта во атарот на борците во Битола

ДИМЧЕ ХАЏИПОПОВСКИ

Роден во Буф на 1921г. Неговото семејство се преселило во Битола уште во 1924г кога со размена на населението меѓу Грција и тогашна СХС во Битола дошле околу 60 семејства од Буф. Работи во различни дуќани, а војната го затекнува како адвокатски писар. По окупацијата на Македонија од страна на бугарските војски тој беше регрутиран во бугарската армија. Меѓу тоа не можеше да се помири со таквата положба и затоа кога во пролетта 1942 г се врати на отсуство, реши да не се враќа во војната единица. Се поврза со раководителите на Месниот комитет во Битола и на 20 април се приклучи во привремената собирна база над селото Лавци, во месноста 12 кладенци, во Првиот битолски партизански одред, Пелистер. Одредот беше формиран 2 дена порано, односно на 22 април и тогаш броеше 21 борец. Неговото прво борбено крштевање со бугарските војски и полицајски сили, го имаше десетина дена подоцна. На 3-ти мај во лавчанската корија во нерама борба загинаа неколку борци меѓу кои и Димче Хаџипоповски. Борбата во реовската планина е опеана во песната “Тамоле мајко близу Битола, ореовската густа корија, тамо загина Таќи Даскалот, Млада Елпида Карамандова’’ и уште четворица борци. Неколку заробени партизани таму беа на лице место ликвидирани.

ПРВИОТ ОДРЕД НА ВИЧО

Во 1946г. една од првите партизански групи беше формирана во Неретската Планина, а за одговорен беше поставен неретчанецот Петре Марков, стар борец од ЕЛАС. Еден ден Петре се сретна со "пољакот" и му го даде својот рачен часовник за да го однесе на саатчија во Нерет, и се договорија другиот ден да му го врати на истото место. Но другата вечер кога требаше да дојде пољакот, Петре заедно со партизаните запалија оган, се расположија и заспаа. Можеби и стражарот заспа, кога пољакот по заобиколен пат му донесе грчка војска од Нерет. Војската отвори оган и го уби Петрета, а другите партизани избегаа. Грците го однесоа телото не Петре во селото Нерет и го ставија на сред село, за Неретчани да го гледаат и плукаат. Поминал некој и плукнал на телото, ама еден од полицијата му удрил клоца и му рекол: "Зошто не го направи тоа кога Петре беше жив, а сега го плукаш зошто е мртов''. Оттука Грците го однесоа телото во Лерин, го врзаа за еден џип и го влечеа низ градот за да го гледа народот и да се плаши.

ПРВАТА ОФАНЗИВА НА ВИЧО

Во летото 1946г. ние, група партизани од 70 луѓе, бевме стационирани во Порта, подножјето на Вичо. Утрото стражарите јавија дека многу војска се движи кон Вичо од Бапчор и од кај Прекопана и Черешница, Вишени. Сите набрзина скокнавме и тргнавме накај врвот на Вичо, каде се распоредивме и фативме засолништа. Секој си собра камења колку што може и си ги ставивме пред нас. Грците ги викавме "бурандари". Набрзо од еден до друг протече веста дека бурандарите тргнаа од сите страни во офанзива во борбен распоред. Јас гледав црнејца бурандари преку прекопанската рамнина. Ни дадоа наредба да не се пука додека не дојдат до 50 метра. Бурандарите не беа сигурни дали има "качапијади", така не викаа тие нас, и затоа слободно напредуваа. Нивната труба постојано им свиреше за напред. Кога стигнаа, околу 50 метра до нас, ние им згрмевме со нашето оружје и тие полегнаа како покосени. Имаше доста и ранети и тие почнаа да бегаат назад, како обезглавени. Ние станавме и почнавме да фрламе камења по нив како по кучиња. Тие си ги влечеа ранетите и убиените. Потоа се собраа долу, во ридот и не нападнаа по втор пат, ама ние ги пречекавме како првиот пат и тие пак изебегаа назад. Тие се обидоа да не нападнат и по трет пат, но ние повторно ги пречекавме на истиот начин, и тие се повлекоа назад во подножјето на Вичо.

Се стемни, ние се собравме на врвот на Вичо, каде прво се пребројвме, бевме точно 70 луѓе. Имавме двајца полесно ранети, а еден беше потешко ранет со скршена рака над лактот. Бевме многу уморни и гладни, ама најмногу бевме жедни за вода. Баравме решение како да излеземе од обрачот, бидејќи не би можеле да издржиме до другиот ден. Падна многу предлози за излез, едниот беше да избегаме низ шумата преку селото за Елово. Командантот Калко реши да поминиме низ теснината на местото Порта. Тргнавме полека, еден по еден и кога се наближивме до Порта, падна наредба да си ги собуеме чевлите и да ги обесиме на вратот. И така поминавме во непосредна близина на бурандарите кои не не открија. Кога стигнавме надвор од обрачот, си ги обувме чевлите и патот го продолживме кон селото Вишени. Надвор од селото се судривме со една мала група грчка војници во заседа. Тие ни викнаа: "Стој", а ние им одговоривме со "Ура". Тие се исплашија и веднаш избегаа, дури и не видовме каде. Со марш продолживме над селото Жервени, под селото Коломлати, покрај Статица, над Псодери на Бигла и стигнавме во Буфската Планина, кај местото Јачменчето. Ние решивме тука да останеме подолго. Се поврзавме со младинската организација на Буф, која беше многу јака и набрзо ни донесоа јадење. Јас заминав со ранетите за Битола, бидејќи ја вршев курирската работа за Вичо-Битола.

Меѓу нас беше тешко ранет борец, буфчанецот Вељан Караџовски, кој го ликвидира генералот на бурандарите. Кога го примија во болницата за операција тој ми рече: “Брат Коста, кога ќе се разбудам, сакам да те видам да седиш до креветот покрај мене, оти јас тука немам кој да ме погали по челото“.

По пет часа од операцијата тој се освести од анестезијата и ме најде до него. Јас го погалив по челото и двајцата почнавне да плачеме. Една медицинска сетра дојде да не утеши, ама и неа ја расплакавме кога разбра што е работата. Останав три дена во Битола и го посетував Вељан, секој ден во болницата. Требаше да се вратам назад на реонот каде што припаѓав. Вељан оздраве од раната и се врати во редовите на ДАГ како десетар, но загина во уличните борби во Коњица на 26 декември 1947г.

РАСЦЕПОТ МЕЃУ ЕЛАСИТИТЕ И МАКЕДОНЦИТЕ НА ВИЧО (1946)

Една вечер се наоѓав во селот Трсје и во еден часот по полноќ, газдарицата на куќата ме скорна и ми рече дека ме бара еден партизан. Јас станав и отидов кај портата каде беше партизанот кој ми рече веднаш да се јавам кај раководството на позадината во Јафката. Брзо се облеков и тргнав, иако врнеше силно. Стигнав во Јафката за околу 20 минути и слушнав како во колибата тивко се зборуваше. Внатре беше целото раковоство на позадината и командантот од Вичо - Пандо Шиперков. Кога влегов во колибата, Лазо Поплазаров стана и ми објасни зошто толку итно ме бараа. Шиперков и Папата Стратос се скарале и направија расцеп меѓу Грци и Македонци. Тој ми даде едно писмо и ми рече “Алабаче!“ како што стално ми викаше “Да те осамне во Битола“. Тоа многу тешко го примив, ама немав избор и го прашав: “Со кого ќе одам?“ Тој ми одговори “Со Господ напред, Алабаче“. Го погледнав часовникот кој покажуваше два по полноќ, го погледнав Поплазаров и тој почувствува колку тешка задача му даде на момче од 19г. Тој ме зграби, ме удри неколку пати по грбот и ми рече: “Среќен ти пат, ама пази на Бигла“. Јас му одговорив: “Ајде, здраво и догледање“.

Пат не постоеше и јас требаше да одам низ шуми и папрат. Беше темница, грмеше, врнеше и светкаше. Го поминав Арменскиот синор и стигнав до џадето на Бигла каде легнав за неколку минути да наслушам и да посматрам лево и десно. Немаше ништо, и набрзина скокнав преку патот. Влегов во буфскиот синор и тука ми беше полесно, зошто местата ми беа познати. За шест часа ја поминав границата и тргнав по патот за селото Драгош. Отидов кај мојот пријател Вангел Клашовски околу 8 утрото. Се пресоблеков во цивилна облека кој ми беа стално кај Вангел. Околу 9 часот тргнав за Битола и бидејќи беше вторник (пазарен ден), одев заедно со пазарџиите. Дождот престана, како тука да имаше друг Господ. Во 11 часот стигнав во Битола и во канцеларијата на Јафката. Таму ги најдов Ѓорги Урдов и Наум Пеов. Им го дадов писмото. Тие го прочитаа и Наум ми рече да се вратам другиот ден околу 3 - 4 часот после ручек. Јас си отидов каде што требаше да спијам, си ручав и легнав да спијам. Другиот ден, дојдов во закажаното време, во куќата, и се сретнав со еден стар пријател Гоче со кој се прегрнавме како стари борци.

Таму имаше околу 60 до 70 борци наоружани до заби и јас требаше да ги одведам на Вичо. Кај 5 часот не натоварија на војнички камиони и не однесоа до селото Драгош. Од тука тргнавме пешки, јас напред, Гоче по мене и другите еден по еден во колона. Ја преминавме границата и продолживме над селото Раково, на Буфската Планина, па преку Бигла стигнавме во селото Трсја. Многу убаво поминавме, бидејќи времето беше одлично, не врнеше, имаше месечина како да ни беше наклонета и од време на време се одмаравме.

Во селото Трсја стигнамве одморени, кога огреа сонцето, околу 7 часот наутро. Гоче им беше познат на луѓето од овој крај. Кога слушнаа дека тој стигнал, целото село излезе на средсело и заедно со другите партизани почнаа да скандираат: "Гоче, Гоче"! Се започна песна и оро и Гоче се фати напред на орото проследен со аплаузи од селаните и борците. Јас отидов кај секретарот на НОФ, Лазо Поплазаров и му го дадов писмото од Наум Пеов. Лазо ме зграби и ми рече: "Бре Алабаче, за оваа работа што ја изврши, кога ќе се ослободиме, заслужуваш да те прогласиме за херој. И ќе те прогласиме". Другиот ден, Гоче, со Шиперков, Калко, Кизо и Лефтер ги прегрупираа борците во одреди и групи.
Имаше преку 300 борци и истата вечер заминаа на борбена задача - целта беше селото Кономлати. И ние, неколку од позадината, исто така отидовме со нив.

Иако бев капнат, не се откажав и отидов во борба. Кога се стемни, ја нападнавме зградата, каде што беше сместена полицијата и војската. Борбата се водеше целата ноќ и кога се чекаше Грците да се предадат, им стигна помош од Костур. Тие излегоа по итри од нашата заседа. Место да поминат по патот каде ги чекавме, тие поминаа низ селото Оштиме, преку ридот на Лисец и не удрија од зад грб. Ние требаше да се повлечеме, за да одбегнеме непотребни жртви. Во таа борба имавме еден мртов и седум полесно ранети од граната на минофрлач. Јас бев меѓу ранетите, погоден од многу мало парче од граната во брадата. Другиот ден дојде делегација од главниот штаб во Бапчор. Од македонска страна беше Паскал Митревски, а од грчката страна Милтијадис Парфирогенис. Заедно одржаа конференција за да ги смират работите околу расцепот. За командант беше поставен Аминда Арнаутин од село Лехово, за политички комесар Лефтери Качукас, од Гуменица, за интендант Михали Апостолски-Гранити. За Гоче немаше место, бидејќи тој направи расцеп во 1944г за време на Елас и беше вратен назад во Скопје, како непотребан за борбата.

На фотографијата е командантотот на штабот на Вичо, Пандо Шиперков, кој го направи ресцепот помеѓу Еласите и Македонците

НАРОДНАТА МЛАДИНА ВО МАКЕДОНИЈА

Организацијата НОМС беше разделена во округи и реони. Јас работев во округот Леринѕки, кој беше составен од 3 околии, а секретар беше Тодор Коцев (Виктор).

Првата околија беше градот Лерин, секретар беше Ило Ќатипов и имаше претседателство од 20 члена. Оваа околија беше делена на 5 реони:

1-от беше "Буфски Реон'' со 13 села од кои, 7 беа организирани со 114 члена – секретар бев јас (Коста Алабаков);

2-от беше "Которски Реон'' со 12 села од кои 5 беа организирани со 99 члена - секретар беше Ѓорѓи Колев;

3-от беше "Банички Реон'' со 6 села од кои 5 организирани со 56 членови - секретар Пандо Пандов;

4-от беше "Овчарански Реон'' со 9 села од кои 8 организирани со 140 членови и

5-от беше "Турјански Реон'' со 6 села организирани со 112 членови - секретар Ило Пеов.

ОРГАНИЗАЦИЈАТА И ЗАДАЧИТЕ НА НОФ

Народно Ослободителен Младински Сојуз (НОМС) беше формирана на 23 април 1945г. на истиот основачки состанок на Народно ослободителен Фронт (НОФ). Главното раковоство беше составено од Паскал Митровски, Михаил Керамитчиев, Џоџо Урдов, Павле Раковски, Атанас Коровешов и Минчо Фотев. По погинувањето на Атанас Коровешов, во септеври 1945г, во раковоството беше коптиран Лазо Дамовски (Ошенски). Но, поради некои несогласување меѓу него и секретарот на НОФ Паскал Митревски, тој беше отстранет. Главното раководство на НОФ имаше свој секретар кој одговараше за целокупната работа и за политиката на организацијата. Другите членови на раководството во текот на 1945г., покрај главното тежиште на својата работа имаа и посебни задолженија за организациони и финансиски прашања, за агитација и пропагнда за НОМС. Работата на главното раководство се одвиваше на седници кои според установениот принцип обично се одржуваа еднаш седмично или по потреба и во зависност од проблемите. Овој принцип поради условите во кои делуваше организацијта не можеше да се применува во целост. Во главното раковоство на НОФ имаше инструктори, распоредени по округи, кои непосредно се раководеа од главното раководство и одговараа пред него. Инструкторите ја контролираа работата на окружните раководства на НОФ, ги пренесуваа одлуките на главното раководство и им даваа непосредна организациона и друга помош на пониските раководства и организации. Егејска Македонија беше поделена на пет округи: Костурски, Леринси, Воденски, Гуменџиски, Ениџевардарски и Серски. Ова поделба остана до првата земска конференција на НОФ, која беше одржана на 20 мај 1947г. Кога округите Гуменџе и Ениџе-Вардар се присоединија кон Воденскиот округ, округите се делат на околии, реони и градови. Кога јас бев кооптиран од народната младина НОМС, за младински инструктор, во буфскиот реон беше секретар Коле Патката. Буфчани ја прифатија организацијата НОФ со повеќе од 167 членови. Бидејќи младинците членуваа во НОФ и во НОМС, иако во селото имаше полиција и чета војска, оранизационата работа одеше преку врски и курири, организирани во групи по тројки. Состаноци се одржуваа надвор од селото, заеднички со НОФ и НОМС. Кон средината на 1946г, организацијата порасна со над 200 членови. Во тоа време во НОФ политички иструктор беше Филип Василов од Арменско.

Една вечер кај манастирот на крстот крај Арменско, тој падна во заседа и беше заробен и затворен. Тогаш буфчанецот Вангел Ферманов го поставија за инструктор на буфскиот реон, а јас бев поставен за реонски секретар на народната младина на буфскиот реон.

КОНФЕРЕНЦИЈА НА НОФ, АФЖ, НОМС И ШТАБОТ ЗА ВИЧО

Во јануари 1947г требаше да се одржи конференција на политичките организации во селото Бапчор. Пристигнаа делегати од Леринско, Костурско, Кајлари и од Преспа. Организацијата од Костур дозна дека другиот ден грчката војска од Костур планирала да направи офанзива преку Корештијата, Жервени и Бапчор за Вичо. Целото партизанско движење го напушти селото Бапчор од вечер и се реши конференцијата да се одржи некаде на друго место каде што има услови. Партизаните заминаа за Радош Планина и конференцијата информативно се одржа под отворено небо. Кога стигнав јас во селото Турја, ме известија дека треба да организирам пренесување на грав до Бапчор, што го чекаа да дојде од Преспа. Гравот стигна доцна и затоа не можевме да заминеме ноќта, па затоа решивме да тргнеме другиот ден. Организирав 10 младинци да го носат гравот на рамо, ама кога стигнавме во Бапчор ми рекоа дека "бурандарите" тргнале од Жервени накај Бапчор. Затоа го оставивме гравот во селото и ги вратив младинците да си одат во селото Турја. Јас продолжив за Вичо кон Дервено, во синорот меѓу Бапчор и Лаген, мислејќи дека тука ќе ги најдам партизаните.

По патот најдов неколку заостанати партизани, меѓу нив и Танас Димов од Бапчор, кој носеше една голема чанта со документи од штабот, курирот на штабот и неколку други партизани. Јас одев напред и кога стигнавме на Дервено, имаше многу траги во снегот од луѓе па затоа мислев дека партизаните се тука некаде. Имаше толку голема магла, така што не се гледаше ни прст пред око. На десно беше Вичо, а јас тргнав лево кон висината. Во еден момент слушнав грчки глас: "Стој". Јас и сите други застанавме. Гласот не праша кои сме и јас му одговорив дека сме партизани. Ме праша дали сум сам и јас му одговорив дека сме повеќе. Гласот му беше ист како на еден од нашите партизански командири кој се викаше Галани. Ми рече: "Ајде, ела". Кога се приближив од прилика на дваесетина метри, видов дека тој што зборуваше, спрема мене држи шмајзер "томсон", а нашиот Галани имаше "берета италијанска". Тогаш сфатив дека зборувам со Грк.

За среќа, јас си го носев шмајзерот на готово. И кога ја сфатив ситуацијата, испукав мал рафал од десетина куршуми. При тоа легнав, а тие се исплашија и се тргнаа. Ние легнавме на замрзнатиот снег и со лизгање по снегот избегавме накај Бапчор. Бурандарите цели 20 минути пукаа во нашиот правец и го ранија курирот на штабот во нозете. Тој падна и не можеше да бега. Го заробија и го однесоа жив во Лерин. При бегањето, Танас Димов ја фрли чантата и палтото во снегот и си избега во селото. Другиот ден се врати назад и си ги најде чантата и палтото. Во палтото му беше личната карта. Јас со еден партизан кој се викаше Танас од Лаген избегав по реката, свртивме по едно речиште и цели наводените седнавме. Танас во торбата си носеше долги чорапи кои ги исековме. Тој си ги обу стапалата, а мене ми ги даде гушките и така си ги стопливме нозете. Вечерта тргнавме десно, високо по планината кон Вичо, го поминавне Дервен и влеговме во лагенскиот синор, под селото, кај местото Ливаѓето. Таму имаше една сидана колиба во која останавме цел ден. Една жена помина со коњ, носеше ѓубре на нивата. Танас ја знаеше и ја праша дали може да ни донесе малку леб. Подоцна таа ни донесе внатре во ѓубрето, во кошот, цел сомун леб, малку пипреки од туршија и малку сирење. Жената ни кажа дека војската вчера била на Дервено и донесе еден ранет партизан со скршени нозе.

Вечерта тргнавме за планината Радош и поминавне над селото Негован. Утрото стигнавне во реонот на селото Ајтос, каде се сретнавме со штабот на Вичо, со командантот Аминда. Јас му кажав што се случи со курирот и за чантата, а тој ми кажа дека курирот му бил внук од сестра. Уште ми кажа дека конференцијата завршила информативно и сите позадинци си заминале по реоните. Така и јас требаше да се вратам на мојот буфски реон. Командантот Аминда го пушти командирот на младинската чета Ѓорѓи Шаринот од Бапчор за да ја побараме чантата. За две вечери стигнавне во Бапчор и на крајот од селото тропнавме во една куќа. Домаќинката ни рече: "Бегајте, селото е полно со бурандари" и ние си избегавме назад. Во непосредна близина имаше воденица и воденичарот ни отвори, го запали огнот и јас си ги исушив алиштата. Воденичарот целата вечер седеше до џамот да гледа да не дојди војска. Утредента излеговме рано над воденицата и се искачивме високо во стените каде останавме цел ден. Вечерта излеговме ама кога ја видовме војската да слегнува од Вичо, кон селото, пак се вративме назад. Кога се стемни, излеговме и слегнавне на патот за Бапчор. Тука со Шарино се збогувавме и се разделивме - тој тргна за бапчорските колиби, а јас накај селото Турје. Никогаш повеќе не се видовме со него. Јас стигнав кај турјанските колиби и кога видов дека немаше овци (тие биле преселени во селото), си реков дека сигурно и воТурја има бурандари. Се решив да се приближам на крајот во селото, во некоја куќа да тропнам и прашам дали има бурандари.

Кога стигнав до селото, слушнав дека пукна пушка и си помислив дека сигурно има бурандари. Подоцно разбрав дека некои деца испукале некој фишек. Немаше излез. Решив да тргнам за Калугерица. Беше ноќ, вееше ситен снег. Јас го згрешив правецот и место за Калугерица се најдов во селото Нерет, каде што имаше полиција и војска. Се вратив стотина метри назад и седнав на снегот. Чувствував главата како да ќе ми "пукне". Си ја фатив со двете раце, ја стегнав и гласно се прашав "Каде сега другар Коста?". Умот ми застана, не работеше и осетив по лицето се стркалаа неколку солзи. По неколку минута се смирив. Иако бев максимално исцрпен, не сакав да легнам да спијам, зошто знаев дека сигурно ќе умрам од студ, температурата беше 30 до 35 под нулата. Собрав сила и храброст и знаев дека за уште еден час и пол ќе стигнам во колибите на Калугерица. Таму стигнав околу 4 наутро. На горниот крај од селото тропнав на вратата на една куќа. Газдата ми отвори, го отпрета огништето, го запали огнот и јас легнав покрај огнот на една рогозина. Ме праша дали сум гладен и ми рече дека ќе ми стопли грав. Јас заспав и тој не ме скорна, само ме покри со една гуна. Се разбудив некаде околу 8 сбајлето. Се најадов од грав от и од таму тргнав за селото Трсје каде го најдов околискиот секретар на НОМС, Ило Ќатипот. Тој ми рече дека секаде испратиле курири за да разберат дали сум фатен жив или мртов. По некој ден слушнав дека Грците го фатиле Шарин и го однеле во Костур. Кога паднавме на заседата на Дервен, не знам како еден од воденската позадина се оддели од нас и бидејќи местото не му беше познато, залута низ Вичо. Пролетта, овчарите го најдоа во атарот на селото Елово, умрен под снегот.

Јас си отидов назад во буфскиот реон и таму се сретнав со секретарот на НОФ Вангел Ферманов. Времето беше многу студено со 2 метра снег, ама си имавме ископано и направено колиби во земјата во Буфската Планина, каде си палевме оган и така можевме да живееме надвор. Влеговме во селото Буф, ама бидејќи таму имаше грчка полиција и војска ние требаше да спиеме по визбите. Постојано ги менувавме куќите. За еден месец времето се подобри и си заминавне во другите слободни села.

Во зимата се одржа младинската конференција во селото Бел Камен. Газдата во куќата кај што претстојував, ми се гледаше познат и тој ме праша од каде сум. Јас му кажав дека сум од Буф и тој ми рече дека во селото познавал неколку души. Меѓу нив го спомна и татко ми. Ми кажа дека тој со дедо му и со шура му је sидале нашата куќа. Го прашав дали името му е Јанули и тој ми рече дека ги памети децата на татко ми Герман. Кога му го кажав моето име, тој стана и ме избаци. Другиот ден стигна некоја делегација од Обединетите Нации во селото Бел Камен. Тука го препознав министерот за надворешни работи на Југославија, Коча Поповиќ. Се доближив и му реков: "Здраво и добро дојде во нашата слободна територија" на српско-хрватски. "Од куд ви познајете мене друже?"- ми рече и јас му одговорив: "Кога вие бевте командант на ЈНА, јас бев војник во вашата армија. Јас бев во Егејската Бригада", потоа титов војник." Тој ми рече: "Пази се, овие вашите не ве сакаат вас што се боревте за Тито".

Конференцијата заврши и јас си заминав во селото Прекопана. На патот имаше два метра снег, а температурата беше минус 20 до 35 степени.

ВЕЛИГДЕН ОД ВИЧО ДО МАЛИМАДИ

Пролетта 1947г јас имав 20 години и мојата функција беше “политички комесар на вод’’ кој беше претежно составен од млади борци. Интендант беше Ване Пејов, борец во повозрасни години, а командир на водот ни беше Наум Димов – Чакало.
Главниот штаб за Вичо, оркестарот како и водот за обезбедување на штабот, бевме сместени во логорот во тесниот премин Порта и Прекопанската рамнина. Од тука се гледаше врвот на Вичо, уште со нерастопен снег. Исто така се гледаше и врвот на Пелистер, бел со снег како и на другите повисоки места. По ниските места почнаа да пукаат пупките од буковата шума.

Тоа утро се разбудивме порано, затоа што на бапчорски рид се слушнаа истрели. Некоја група “бурандари“ оделе од Лаген накај Дервен и борците на ДАГ ги пречекаа со подарок, како со велигденски јајца на првиот ден Велигден. Се подготвивме и тргнавме за селото Вишени каде на средселото нашиот оркестар засвири и од сите страни се собраа луѓе.
Почна оро и партизански песни. Обичајот во селото беше ората да се играат половина мажи и половина жени - не се мешаа. Жената што се фаќа до последниот маж, треба да е роднина so него. По некој час веселење го продолживме патот и слегнавме во Корештијата во селото Дреновени. Тука не распределија по куќите (каталима). Откога ручавме, се собравме на сред село и оркестерот пак почна да свири на чело со познатиот кларинетиста Тимчето. Веселбата за Велигден траеше до вечерта. Ама тука орото беше мешано мажи и жени партизани - кој до кого се фаќаше немаше разлика. Вториот ден го продолживме патот и одевме по џадето во правец за Брезница. Тука останавме два дена, а потоа тргнавме за убавото големо револуционерно село Смрдеш, кое е сместено на самата албанска граница, на подножјето на планината Малимади. Пред влезот на селото не чекаше изненадување. Целата младина од селото не пречека и на секој борец ни дадоа по едно пакетче. Во пакетчето имаше чорапи, нараквици, шал, црвено јајце и по некое слатко. Младите зедоа по еден борец во своите куќи на јадење и спиење. По ручекот целиот народ од селото излезе на големото средсело. Оркестерот засвири и почна веселбата, се разви широко оро, се играше скоро до полноќ по месечина. Другиот ден останавне во Смрдеш и со пригодни веселби го прославивме и тој ден.

Оваа фотографија е позајмена од албумот на Генерал Маркос, командант на движењето на ДАГ, а беше најдена во книгата “Изгубената Победа на Генерал Маркос” издадена од писателот Драган Клјакич на српско-хрватски јазик.
Јас сум третиот од десно со стрелката на главата

Тука селаните ни кажаа за еден грчки полицаец, кој секое утро, земал крпа, ја вртел и со песна и оро одел на чешмата да се мие. Близу до црквата пеел некоја противничка песна. Еден позадинец од селото кој се викаше Милтијади се скри зад еден од големите столбови на црквата, го дочека полицаецот и со еден рафал го покоси. Потоа прсна да бега нагоре низ камењата. Но полицијата беше близу и веднаш почнаа да пука по него. По некој ден селаните го нашле Милтијади мртов.

ОДЕЊЕ ОД ПРЕКОПАНА ДО БАПЧОР

Еден зимски ден во 1946г, 11 партизани тргнавме од Прекопана за Бапчор. Нормално овој пат се изминува за три часа. Тој ден беше толку студено што не смеевме ни прст да извадиме од нараквиците. Температурата беше минус 35 степени. Имаше многу магла и ништо не се гледаше. Снегот некаде беше замрзнат, а некаде длабок. Првиот партизан го туркаше снегот со гради и нозе, а ние го следевме. Одејќи така забележавме траги. Мислевме дека трагите се наши и си помисливме дека можеби сме вртеле во круг низ Прекопанскла Раминина. Но, кога сигнавме до Порта, видовме дека местото ни е познато. Бевме многу гладни, јадење немавме, но и да имавме, не можевме да јадеме, зошто рака не се вадеше надвор од студ. Здивот околу шаловите ни замрзнуваше. Иако бевме облечени во шинели, вилиците ни тропаа од студ, а оружјето не се допираше со гола рака, зошто прстите се лепеа на железото. Мораше да се оди во Бапчор, зошто ако останевме тука ноќта, сигурно ќе се смрзневме. Јас бев најмладиот пратизан во групата. По 11 часа одење стигнавме во селото Бапчор. Беше ноќ и секој од нас требаше да тропне во некоја куќа и да побара да го примат на спиење и јадење.

Еден од партизаните беше постар. Тој беше од селото Герман и се викаше Герман. Тој имал живеано во Бугарија, бидејќи Грците претходно го избркаа од селото. Тој на постари години се врати во партизани за да се бори за Македонија. Бидејќи беше постар човек, ни одржа предавање што треба да правиме другиот ден и ни рече да бидеме попретпазливи во "квартирите''. Јас му реков: "Ѓеро, доста со таа твоја политика". Тоа го разлути и ми се нафрли мене со зборовите: "Уште не си дораснат а си дошол во шумкарите (партизаните) и не знаеш за што се бориш''. Другите и покрај маката, се насмеаја. Јас се налутив, го фатив за рака мојот пријател Или Ќатипо, го тргнав по мене и отидовме во една куќа што ме беа познати. Луѓето ни отворија и одма го запалија огништето. Двајцата се расположивме, се стопливме, а газдарицата ни испржи јајца на "бапчорски" начин. Рецептот на "Бапчорска специјална манџа" беше во тава полна со вода се кршат неколу јајца и се пржат со неколку парчиња сирење. Тука останавме еден ден и два вечери. Така одморени тргнавме за Турја, ама времето беше исто, со снег длабок 2 метра. Се одеше многу тешко. Со мене водев еден младинец од Трсја како делегат на НОМС. Кога се разделувавме со активистите од Преспа, еден од партизаните, Петре од Африка, си маткаше со еден скршен пиштол и по грешка го рани детето од Трсје во ногата над коленото. Кога го вратив детето назад, татко му многу ми се налути мене, бидејќи на мое ветување дека ништо нема да му се случи, го пушти. Фала му на Бога, детето набрзо оздраве. Јас останав во Трсје неколку дена за да се одморам од тој тежок пат што го поминавме до Трсје.

Маката тука не заврши. Од тука требаше низ ноќта сам да продолжам за Буф за да ги пренесам задачите од конференцијата од Белкамен до младинските групи. Времето беше многу студено и снегот многу висок, ама по неуморно одење, сигнав во буфскиот синор во јафката во елешките каде се најдов со Патката и Вангел Ферманов. Другиот ден се поврзав со неколку групи на НОМС на кои им објаснив што треба да се работи и кои се најновите задачи за организацијата. Не можевме да останеме во овој реон, зошто Грците им забранија на селаните да носат јадење надворо од селото, осебено леб, за да не им помагаат на партизаните. Овчарите одеа на пасење без леб. Колибата каде што бевме, беше мала и многу ладна. Не можевме да запалиме оган, бидејќи се гледаше од далеку и така решивме да се преселиме на друго место. Тргнавме низ ноќта кон едно засолниште Таима, во кое беше пошироко и ископано во земјата и можеше да се пали оган. Немаше светлост и не се гледаше ни оддалеку, ни од блиску. На вратата имаше закачено ќебе и внатре не студеше. Беше послано со доста папрат и имаше неколку гуни за да се завиткаме. Имаше вошки ама нашите тела беа веќе навикната на нив. Храната што ја имавме се изеде за два дена и требаше да се бара нешто за јадење. Вечерта тргнавме за Клештинско да бараме барем "паспал" во Андоновската воденица. Околу каменотр најдовне неколку кила брашно, си го собравме во една перница за спиење, која ја испразнивме од сламата.

Тргнавме назад зо Таима и поминавме во Ѓорговските Трла. Тие беа избегани од селото и на едно дрво видовме една кокошка. Вангел ја фати и таа почна да крека, ама тој и го свитка вратот и ја зедовме со нас. Зад трлото видовме пораснати коприви, ги обравме и по некој час се вративме во засолништето во Таима. Си го запаливме огнот и ставивме снег во тенџерето за готвење. Снегот се стопи и водата зовре. Ставивме малку брашно и на брзина направивме "качамак'' без сол и без мрсно. Го истуривме топол во еден весник и почнавне со раце да јадеме. Ситни камчиња ни крцкаа во забите, зошто каменот беше пресно клепан. Патката се насмеа и ни рече "Не стегајте многу со забите, туку направете лапни-гтни''. Кокошката немаше во што да ја попариме и Вангел ја одра, ја стави во тенџерето, додаде снег и ја стави да се вари на огнот. Во истата вода ги стави копривите за да ги свари, без сол. Така, другиот ден си имавме добар ручек – кокошка со коприви.
По два дена сонцето огреа и времето се подобри па решивме да одиме во Кабасница, кај манастирот "Св Марко". Таму живееја три калуѓерки и еден постар маж. Манастирот беше богат, со крави и кози. Ние стигнавме ноќта, бидејќи е близу до Лерин. Зедовме еден газијар каворма (месо од кози) и доста домашни колбаси, направени од калуѓерките. Си зедовме неколку кила убав грав, брашно, компири, а ни го дадоа и целиот нивни леб, зошто другиот ден тие ќе си меселе друг. Исто така ни дадоа сирење, мед и малку сол. Се натоваривме колку што можевме да носиме, ама бидејќи Лерин е близу требаше да одиме низ ноќта. Некаде во раните часови стигнавме во "нашиот дом" во Таима. Вангел обично беше готвачот и стави во тенџерето грав со колбаси, така што два дена си имавме убав ручек. Повеќето пати си јадевме пржена каварма, заедно со лојот. Ни беше многу слатко за јадење. Неколку пати Вангел од брашното месеше леб во тенџерето и го печеше во пепелта во огништето. Лебот ни беше многу сладок, особено топол со сирење. Останавме тука 3 – 4 недели одвоени од светот. Повеќе спиевме отколку што бевме будни.
Решивме да го напуштиме засолништето и низ ноќта го поминавме ридот на буфскиот синор, поминавне покрај Рамна-Шума, го појдовме џадето Лерин-Бигла и стигнаме во Калуѓерица. Таму спиевме во една куќа на горниот крај на селото. Утредента отидовме во селото Трсје, каде што ни беше раководството. Пролетта дојде во месец март, снегот се стопи и така секој се врати по својата работа. Добивме нови задачи и јас се вратив назад на мојот реон Буф.

БОЛЕН ВО ТУРЈА

Паднав болен и останав да лежам три недели во селото Турја во куќата на Стефанка, која беше активистка во движењето. Мојата болест мислам дека беше резултат од раната во брадата, со која се здобив кај Коломлати. Освен тоа кога одев за Битола, паднав и си го повредив коленото. Бев преладен. Додека лежев болен во селото, секретарот на НОФ Вангел Ферманов, отиде во буфскиот реон каде се состана со некои младинци и им кажа дека сум болен. Некои од нив и кажаа на мајка ми и таа веднаш отиде во Лерин на пазар да најде некоја Турјанка и да праша за мене. Првата жена што ја стретна за да праша дали има партизани во Турја, беше Стефанка од истата куќа каде што лежев. Ама Стефанка не сакаше да и каже ништо, зашто и беше страв. Мајка ми ја молеше, а Стефанка ја праша мајка ми како и се вика синот, а кога го чу моето име се зачуди дека тоа е мојата мајка. Кога мајка ми разбра дека јас сум болен и дека се наоѓам во куќата на Стефанка, иако беше сиромашна, купи два портокали и ми ги прати по Стефанка.

НАПАД НА КАРАУЛАТА НА БИГЛА ПЛАНИНА

Еден ден бевме во селото Желево, на планината на Бигла. Командирот Суло ни рече дека таа вечер треба да удриме на Бигла. Бурандарите биле вкопани околу манастирчето и нашиот вод доби наредба да се доближи што може повеќе до нив. Се стемни и ние стигнавме близу до целта. Кога отворивме оган, видовме дека нашиот минофрлач почна да пука, ама еднаш на бурандарите, а два пати кон нас. Ние веднаш се повлековме назад, со четири полесно ранети меѓу кои беше и водникот Чакало. Тој беше ранет во лицето и не можеше да го креними. Но му беше потребна помош. Му се вртеше во главата. Јас ги пуштив двајцата, мојот и неговиот курир, за да го чуваат од позади. Другите ранети ги носевме во Псодери. Санитарките ги преврзаа сите ранети.
Потоа во Желево одржавме состанок за да видиме што беше причината за неуспехот. Командирот Суло се оправдуваше и велеше дека тој не беше крив и ја фрлаше кривицата на командантот Гранити. Вакви недоразбирања имаше многу пати, дури и со поголеми загуби, сепак ние помалите офицери не можевме да бараме отчет од поголемите команданти. Ни дадоа наредба повеќе да не се зборува и за тоа ние си молчевме.

НАПАД НА СЕЛОТО НЕВЕСКА

Во 1947г. штабот од Вичо направи план како да се нападне селото Невеска, каде што беа грчката војска кои беа сместени во слекиот мотел и полицијата кој беа сместени во црквата. Нашиот штаб броеше околу 3,000 партизани и се приближивме до шумата меѓу Прекопана и Невеска. Штом се стемни, секоја единица си тргна на својата задача. Се чекаше да дојде 9 часот за да почне борбата. Се фрли фотоволида (ракетата) и со тоа борбата започна од сите страни. Црквата се запали, а исплашените полицајци скокаа кој од каде можеше, некои од камбанаријата, некои од вратата и извикуваа "Умирам во име на царот''. Јас бев во групата која го запали мотелот и набрзо војската со кренати раце се предаде. Селото Невеска се ослободи.

Нашиот вод имаше само еден лесно ранет, ама и многу голема загуба, зошто тука загина нашата омилена партизанка Астера, од село Ајтос. Целиот вод се врати во Прекопана, со наведнати глави и солзи во очите. Овој ден беше ден на жалост за нашата чета, четата на 'Суло 1010'. Истиот ден партизаните во Прекопана донесоа еден полицаец кој се викаше Маноли. Тој правел многу sверства, тепал и силувал девојќи. Кога жените од селото слушнаа дека партизаните го донеле Маноли, сите излегоа со стапови во рацете и на стредсело го побараа од нас тие да му судат. Командантон на Вичо, Аминда, им го даде и жените му викнаа со стапови, ластагарки и така за пет минути му ја сплескаа главата. Целиот беше во крв. Јас бев близу и видов кога стигна една стара жена. Таа извика "Каде е тоа куче да го видам јас''. Жените се тргнаа и старата почна да мава и да вика: "Куче едно што ми ја фати ќерка ми.''

По некој ден четата замина за Кајларско. По патот ги нападнавме Грците во селото Емборе. Кога отстапувавме накај планината, некој од нас си запали цигара. Грците ја видоа светлината и на во тој правец фрлија минофрлач при што тешко го ранија буфчанецот Крсте Шападовски (Јовеијо момок). За жал, по неколку часа Крсте почина и јас заедно со другите Буфчани го закопавме во реонот на Грчка Блаца. Од таму четата тргна за Радош Планината. Слегнавме под Екшисово каде ја миниравме железничката пруга. Потоа продолживме да одиме понатаму. Јас не знаев каде сме, ама се сетив кога рекоа дека сме во Чеган. Оттаму отидовме во селото Пападја Сетина, каде не распоредија по куќите каде останавме два дена. Собравме коњи од Сетина, Пападја и Крушоради и отидовме на границата каде дојдоа камиони и растоварија многу кутии со оружје. Ги натоварив коњите и тргнавме преку Крушоради низ леринското поле. Нашиот вод одеше напред и кога стигнавне на џадето за Овчарани, ми наредија да поставам заседа. Во Сетина ни дадоа малку леб и повеќе сирење. Лебот беше како сапун без сол, па ние го фрливме, а го изедовме сирењето ама подоцна изгоревме жедни за вода. Во близината слушнавме како крекаат жаби. Јас отидов до вирот, но во темницата не се гледаше ништо. Со раката зедов вода да се напијам, ама од жабарник не се пиеше. Колоната одеше низ нивите, направи пат кој изгледаше како да е направен пред сто години. По некое време стигнавме во селото Негоан. Кога се осамнна, стигнаа авионите и почнаа да фрлаат бомби. Ние легнавне под стреите каде останавме цел ден, покрај sидовите на куќите. Тие што стигнаа порано, ги растоварија коњите и ги пуштија да пасат во ливадите. Од тешкото бомбардирање реката поцрвене. Авионите продолжија да бомбардираат цел ден, два идеа, два си одеа. Никој не знаеше каде да се скрие, се разбегаа и партизаните и селаните. Ливадите беа полни со ранети и убиени. Ранетите викаа за помош, ама никој не можеше да им помогне. Од нашата чета никој не загина и вечерта, кога се стемни, си заминавме кон Бел Камен.

ГИ УДРИВМЕ БУРАНДАРИТЕ НАД КАЛУЃЕРИЦА

Во пролета 1947г. бурандарите излегоа од Лерин и се вкопаа кај колоните на ридот над Калуѓерица. Мојот вод доби наредба да ги нападнеме и затоа вечерта отидовме во планината, во местото Локмата, во трсјанскиот синор. Целиот ден го следевме движењето на буранадарите. Вечерта, кога се стемни се доближивме во борбен распоред за јуриш. Јас и командирот на водот Наум Димоски (Чакало), полека и претпазливо одевме за да се приближиме поблиску, да ги нападнеме, но се сопнавме на оптегнат тел и двајцата скокнавне неколку метра напред, легнавме и викнавме: "Лежи бомби". Нагазивме на мини, се слушна голема експлозија. Тогаш бурандарите згрмеја со пукотници. Знаев дека многу од нас се ранети, а сигурен бев дека и многу се загинати. Тивко викнавме: "Кој е жив да дојде ваму, назад". Од 30 борци се вративме само 9. Испративме курир во селото Трсје и побаравме помош од четата. Ни пуштија еден вод. Пукањето запре и ние почнавме да ги бараме борците. Повеќето беа ранети, а мал број убиени. Ги најдовме сите ранети и ги кренавме, некој за рака, некој на рамо и ги донесовме до Локмата. Од четата дојдоа болничари и нашите медицински сестри, ги преврзаа ранетите и со луѓето од селото Трсје ги транспортираа во партизанската болница во Преспа. Убиените ги пренесовме до Трсје и вечерта ги погребавме на Трсјанските гробиштата. Јас и Чакало останавме без вод и не вратија во четата на Суло 1010, која беше за обезбедување не главниот штаб. Не поставија на истите функции, ама во различни водови.

Другиот ден не пуштија на турјанското тумбе каде имаше укотвено една чета бурандари. Се најдов со Чакало и заеднички ѓи нападнавне бурандарите тие усвет фатија, оставија многу шинели, цели ранци со алишта и многу храна. По тој успех со Чакало не знаевме од радост што да правиме, се прегрнувавме и скокавме. По еден месец "политичкиот" на Чакало требаше да оди на друго место и тој побара од командантот и јас да бидам со него. Тој се сложи и така останавме уште долго време заедно.

Не паметам како се разделивне со Чакалот само знам дека повторно се сретнавме по 48 години, на "Буфската средбата" во Битола. Прегрнати плачевме долго време како да знаевме дека се гледфаме за последен пат. Чакалот умре во Скопје во 2005г.

Наум Димоски (Чакало) Командант на Водот

Јас бев Политички Комесар на Водот

ПОЛИЦАЕЦОТ ЈАНИ

Од организацијата на Буф слушнавме глас дека полицаецот Јани бил во Лерин и ќе се враќал назад во Буф преку Бигла. Ние поставивме заседа кај пазарскиот пад во Кортина, за да го ликвидираме. Планот ни беше да пукнеме кога тој ќе ја прејде реката. Но тој што го носеше митролезот се избрза и испука предвреме. Јани веденаш избега и влезе во реката, ги свика пазарџиите да го обиколат, зашто во спротивно ќе ги убие. И така групно тој во средината, а тие околу него и по река излегоа надвор од заседата. Така Јани се врати жив во селото а ние се вративме назад во планината без успех.

ИСТЕРАНИОТ БОРЕЦ

Ова се случи во 1947г кога еден млад партизан по име Васил од селото Желево беше мобилизиран во редовите на ДАГ. Беше голем маж, ама беше млад и неискусен за ракување со оружје. Му беше дадено да ракува со пушкомитролез, Чекословачка Бренда кое беше најновото оружје, многу лесно за носење и раковање.

Еден ден тој реши да го избрише магазинот на митролезот ама не си ја извади пачката која има 72 фишеци. Го тргна назад кондаот а кога требаше да го врати го стегна окидачот и митролезот кој беше многу брз испука околу двадесет фишеци. Една десетина патртизани кои се наоѓаа кај казанот каде што се готвеше јадењето и лупеа компири беа погодени во нозете. Нивна среќа била што тие стоеле додека ги лупеле компирите. Некои ги однесоа во болница, а некои заздравеа дома каде беа привремено пуштени. По оваа катастрофа се свика состанок на баталјонот и по многу дискусии и предлози се донесе решение партизанот да се истера од партизани и може да оди каде сака. Тој не отиде никаде. Остана отстрана и не следеше секаде каде што одевеме ние. Одеше на растојание од неколку метри. Ако одевме во некое село и тој подоцна ќе дојдеше. Ќе влезеше во некоја куќа и си побараше леб.

Спиеше под некои тремови по селата, во црквите. Бидејќи јас бев политички комесар на водот, одев последен од четата. Тој одеше неколку метра поназад од мене, ќе застаневме ние да одмориме, тој на неколку метри поназад од мене си седнуваше и тој да почине. Кога ние ќе тргневме и тој по нас. Мене ми беше речено да го одбегнувам и да не му зборвам. Мене ми беше жал па секогаш кога ќе ме запрашаше нешто јас ќе му одговорев.

Кога бевме на пат, некаде ќе седневме да се одмориме, можеби некаде и ќе заспиевме и тој исто така. Ние потоа ќе се пробудевме еден со друг а него го остававме. Тој по некое време сам ќе се пробудеше и ќе трчаше по нас. Ќе ми речеше: ''Не ме скорна, ама јас пак ве стигнав, вие нема да куртулите од мене'' и ќе се насмееше. Кога одевме на борба и тој идеше со нас и викаше најмногу. Кога негде ќе останевме повеќе денови и не ќе влезевме в село пас ни се готвеше јадење. Јас ќе јадев а потоа скришум од другите му носев од мојот дел. Еден ден при една борба кај селото Шештево тој не спаси од сигурна смрт. Еден бурандас бил зад нас и со пушкомитралезот бил готов да стрела во нас. Ама тој му скокнал, го заробил и го донесе кај нас.

Така остана изреката ''Немајте гајле, Васил е тука''. По некоку месеци се организираа околу дваесетина борци и отидоа кај командантот на батлјонот Гранити и побараа Васил да се амнистира. Се свика конференција и Васил беше амнестиран и беше предложен за повисок чин десетар. Но тој не сакаше да се раздели од митралезот, го одби предлогот и си остана стрелец со митралезот. По некој месец кога се испратија борци на училиште за подофицери и Васил беше приклучен со нив и оттогаш ниту го видов, ниту нешто чув за него.

ТЕПАЊЕ НА МЕЧКА

Во Прекопана ни дадоа задача да ја отепаме мечката која им правеше големи штети на на селаните. Таа била голема и јадела волови, овци, кози и кучиња. Десетина од нас тргнавме со двајца селани кои не однесоа на местото од каде идела мечката секое утро. Таму поставивме заседа. На пушкомитролезот легна Чакалот, а јас гледав со дулбијата (двогледот). Мечката се појави пред да огрее сонцето и идеше кон нас. Чакалот ја држеше на нишан и кога мечката наближи од прилика 80 метра, викнав: “Сега!“ Тој испука цел рефал од пушкомитролезот, мечката се исправи и покосена падна. Се наближивме до неа и некој рече “Уште мрда“. Затоа и удривме во глата уште некој куршум за да бидеме сигурни. Ја кренавме со една двоколка, воловска кола и ја однесовме во Прекопана. Таму ја измерија, беше тешка 160кг. Селаните ја одраа, исекоа и ја ставија во казани и во фурните. Тој ден сите имавме убав ручек – месо од мечка. По два дена слушнавме дека од дупката на мечката излегуваат мали мечиња. Јас и Ило Ќатипо отидовме да ги фатиме. Ги најдовме и им ги продададовме на мечкарите во селото Лубетино, по два наполеони за едното мече.

КОЊОТ НА КОМАНДАНТОТ

Едно утро во летото во 1947г бевме во теснецот на Порта. Јас излегов низ шумата да се прошетам и пред мене видов една пцовисана маска, подуена и устата полна со црвје. Го извадив ножот од џебот и ја одрав кожата. Расеков длабоко во бутовите кај ногата и исеков некое кило месо и го донесов кај огнот. Со командирот од водот го исековме месото на помали парчиња и на жарта го испековме. Другите околу нас не прашаа од каде го најдовме месото, а кога им кажавме сите почнаа да сечат и да го печат месото. Кога го изедовме, Чакалот ми рече дека тој ќе оди да приземи месо од маската. Ама, кога отиде таму виде дека само главата и коските и беа останале.

По некој ден баталјонот тргна за Кајмакчалан. По долго пешачење огладнавме и таму каде што застанавме да спиеме некој курнази борци му го украдоа коњот на командантот го заклаа и до утредента го испекоа. Коските ги фрлија и ги покрија со шума и гранки. Командантот Аминда се чудеше каде му е шинелот и се сети дека го остави на коњот. По некое време го позна шинелот на еден партизан, ама партизанот се правдаше дека го најде во едни гранки во провалијата на реката.

ГРЧКИОТ ПОЛИЦАЕЦ ОД НЕРЕТ

Еден ден во селото Трсје дојде еден полицаец од Нерет - крупен човек кој носеше наочари и беше многу зборлив. Велеше дека дошол да се бори на нашата страна. Калко му шепна на Гоче: "Овој не е добар, дај ми го да го средам долу во реката". Гоче му одговори дека, ако го направиме тоа, грчките партизани ќе речат дека стреламе и добри Грци. Затоа Гоче пушти двајца млади партизани да го одведат назад, кај грчките партизани. По патот тие застанаа на едно изворче за да се напијат вода. Едниот партизан ја пушти пушката на земја и легна да се напие вода. Гркот ја искористи оваа прилика, ја грабна пушката и го обезоружа, ја впери во него и им нареди да го однесат жив во Нерет. По патот сретнаа партизани и Гркот тука го отепа едениот партизан а другиот му избега. Гркот си продолжи за Нерет со пушките.

МЛАДИОТ ПАРТИЗАН СОТИР ОД КРАПЕШИНА

Во 1946г. неколку позадинци бевме во реонот на селото Крапешина, а со нас имаше еден младинец од селото кој се викаше Сотир, единец на мајка. Го пуштивме да ни собере леб, зошто планиравме вечерта да поминиме и да го земеме лебот. Ама една постара жена го виде и ја извести полицијата во Нерет. Дојдоа во селото, ама не го најдоа, зошто Сотир беше скриен во плевната. Полицијата му се закани на мајка му дека ќе им ја запалат плевната и таа извикна: "Сотир, синко излези ќе изгориш внатре". Еден од полицајците знаеше македонски и им кажа што рекла мајка му на Сотир. Тие влегоа во плевната со вили и го најдоа покриен во сламата. Го однесоа во Лерин и го осудија со стрелање. На денот кога требаше да биде стрелан, дојде попот и им рече на џелатите "Вие не знаете како се стрела". Го извади пиштолот и пукна право во челото на Сотир.

Јас подоцна слушнав од еден мој селанец Симе Камбуро, дека партизаните по некој ден ја зеле жената што го предаде Сотир, ја однеле на Вичо, карши селото Бапчор, ја соблекле и ја врзале за едно дрво. Потоа ја избоделе со ножеви и ја оставија таму да умри. Умрела по три дена.

ИЗИГРАНИ ОД ЕДЕН МЛАД ПАРТИЗАН ОД КОЛОМЛАТИ

Во селото Рула, Преспа, под една круша поставивме стража. Имаше полна месечина. Околу полноќ, дојде десетарот што ги сменува стражарите и ни рече дека стражарот се мрднал од умот. Јас и Чакало отидовме да видиме што се случило и го најдовме стражарот гол. Тој си ги газеше и си ги кинеше алиштата. Го фативме и тој почна да ни раскажува како кога вршел нужда, дошла некоја жена облечена во бело, како Желевка со желевска кошула и го удрила со сабја по вратот, зашто се измокрил под крушата. Другиот ден го однесоа во селото Трнаа, божем таму имало една надрилекарка која знаела да лечи со сечење под јазикот. Неколку партизани велеа дека тој се преправа и предлагаа да го стреламе. Беше млад, штотуку мобилизиран, од Коломлати и бидејќи командирот Суло беше религиозен човек и тој веруваше во тие работи, му дадоа потврда дека е болен. Тој продолжи да се прави глувонем па така со фамилијата избега во демократските земји, каде цело време бил глувонем. Кога се заврши војната, тој веднаш се распеал и се веселел и зборувал за нас како сме биле будали. Ова ми го кажа еден Коломлаштенец во Битола, негде во шеесетите години. Јас никогаш не верував во ветрови и затоа знаев дека тој се преправаше.

ПАНДО РИБАРОТ

Пандо Рибарот беше од село Нивици и идеше во Буф два - три пати во неделата, со два полни кошови риба кои ги продаваше за жито или грав. Еден ден кога Пандо идеше во Буф кај тумбата, почна да врне силен дожд и маската му се сопна и падна. Патот беше од двете страни висок, таму се насобра вода и маската му се удави. Пандо не можеше да и помогне. Со плачење и викање тој стигна во првата кафеана, каде буфчани си играа карти. Преку 20 души тргнаа на местото, но бидејќи не можеа да ја спасат и ја одраа кожата, ги зедоа кошовите на рамо и ги донесоа во кафеаната на Лазо Клашовски. Пандо рибарот си ја корнеше косата, викаше и плачеше, како сега ќе си ја нахрани фамилијата. Буфчанецот Петре Андоновски имаше една маска за продавање, па буфчани се собраа во училиштето, собраа пари и му ја купија маската на Пандо. Исто така собраа жито, ја товарија маската и го испратија Пандо рибарот да си оди во Нивици.

Од тогаш Пандо Рибарот се колнеше "Жими Буфчани" и продолжи да носи риби во Буф. Одеше од куќа до куќа, ќе тропнеше на портата и ќе им викнеше "Домаќинке донеси ја мисурката да ти кладам риби". Домаќинките ќе донесоа мисурка полна со грав или жито и така набрзина Пандо ќе си ги продадеше рибите. А другите рибари одеа дури до Клештина, Каленик или Клабучишта да си ги продадат рибите. Додека тие се вратеа дома, Пандо рибарот ќе дојдеше двапати. Буфчани беа хумани луѓе, секогаш даваа помош каде што требаше.

СЕ ЗАПОЗНАВ СО ПАВЛЕ РАКОВСКИ (ГОЦЕ)

По одвојувањето на македонските единици од ЕЛАС, се формираше баталјонот Кајмакчалан, а за командант беше поставен Павле Раковски. На 16-ти јули 1944г. одредот беше нападнат од единиците на ЕЛАС и затоа се повлече преку Кожув, ја премина југословенската граница и преку Кавадарци стигна во Битола. Јас тука го видов Павле за првпат кој беше висок, снажен човек, облечен во војничка униформа. Одредот тука беше пречекан од целото раководство на бригадата и ние борците се поздравувавме меѓу себе. Другата средба со Павле беше во 1946г во селото Трсје, каде дојде Воденската делегација на НОФ на чело со Павле Раковски. Јас веднаш се сетив дека го имам видено во Битола. По некој ден ми рекоа да ја спроведам делегацијата до Воденско.

Тргнавме на пат ноќта по Леринското поле и стигнавме во селото Сетина каде времето беше многу убаво. Решивме тука да се одмориме. Од таму продолживме за селото Пападја преку планина за селото Чеган. Пред да се разделиме Раковски ме праша од каде сум. Кога му кажав дека сум од Буф, тој се насмеа и ми рече: "На иста река ги переме алиштата". Се поздравивме, ама повеќе не се видовме. Јас не знаев дека тој бил од Клештина. Мислев дека е од Воденско, бидејќи сите функции што ги вршеше беа за Воденско. Во 1947г. тој оформи оркестар на чело со познатиот кларинист Кара Тимијо. Кога ги мобилизираа позадинците, Павле Раковски беше предложен за командант на бригада, но Захаријадис го постави за обичен, борец бидејќи направил расцеп од ЕЛАС. Сите партизани кои поминаа низ Егејската бригада беа исто така понижени. Павле Раковски умре на 9-ти ноември, 1990 во Скопје, Македонија. Јас прочитав за неговата смрт во весникот "Нова Македонија" – Крај на едно големо револуциенерно срце, од село Клештина. Дури тогаш ми текна, зошто Павле ми рече дека "На една река се переме" бидејќи Буфската Река минувала по средината на селото Клештина. Павле беше учител во Воденско и затоа ги вршеше функциите за Воден.

ГРЧКАТА ВОЈСКА ОД БУФ БАРАШЕ ДА СЕ ПРЕДАДЕ

Еден ден во пролетта 1947г. во селото Трсје, командирот Суло ме викна да ми кажи дека грчката војска била во Буф и сакала да се предаде и ми даде задача да организирам средба со Грците. Вечерта со четата тргнавне преку Бигла и стигнавме во буфскиот реон и над над селото се поврзавме со организацијата и пуштивме глас каде да се сретнеме со Грците.

Другиот ден на закажаното место дојдоа еден водник и еден војник Зиси кој беше од Турја. За наша несреќа тој ден му се сменал командирот и сега тие не знаеле на која страна бил тој. Така средбата се одложи за неопределено време. Четното раководство реши да направиме заседа на Бигла и да чекаме да не се случи нешто за одењето да не ни биде залудно.

Помина еден мини автобус од Герман. Внатре повеќето беа жени кои им носеа јадење на своите луѓе во затворот во Лерин. Имаше и еден војнички доктор на кој му ги зедовме војничките алишта и го пуштивме да продолжи за Лерин по гаќи. На шоферот му рековме да ги издиши гумите за да не може да ни избега. Еден добро облечен грк си го зеде вреќичето на рамо и тргна да оди пешки. Во тое време стигна еден млад партизан од Герман и му рече на Суло: "Кој е тој со вреќичето?". Кога го запраа, гркот го позна младиот партизан, го фрли вреќичето и скокна да бега под џадето. Суло со еден рефал го покоси. Кога го отворивме вреќичето, беше полно со пари што тој ги собирал од народот за помош на УНДРА.

Од пукањето грчката војска од Арменско ја откри нашата положба, излезе и ни го пресече патот за Трсје. Тоагаш ние мораше да се вратиме назад, во буфскиот реон. Во тое време од Лерин тргна колона грчка војска со два тенка и топови и почна да пука кон нас. Ние се повлековме и така не не стигнаа. Војската застана на местото каде што беше мини-автобусот и убиениот. Тенковите продолжија за Бигла, ама за кратко време се вратија назад. Си го зедоа отепаниот и колоната со тенковите се врати назад во Лерин.

ЕДНО НЕЗАБОРАВЕНО ПРЕЖИВУВАЊЕ

Иако поминаа цели шеесет години, сеуште се присетувам на 1947г. кога ДАГ мобилизира луѓе од слободните територии. Бидејќи беа мобилизирани многу луѓе, се створи недостаток од раководен кадар и ДАГ мораше некако да го реши тој проблем. За таа цел се мобилизира целото способно позадинско раковоство на НОМС, стари искусни борци се поставија на пониските раководни места во армијата на партизанското движењије на ДАГ. Во позадината останаа инвалиди и млади партизанки неспособни за борба. Ние бевне веќе стари борци и ги зазедовме пониските командни позиции. Јас бев поставен за политички комесар на вод или како што не викаа на грчки (Политикос Епитропос на Димирија). Во водот повеќето борци беа млади, неискусни за ракување со оружје.

Се сеќавам како еден ден тргнавме со водот од селото Дреновени во корештиата да одиме во селото Шештево. По патот како што одевме дојде до некое недоразбирање меѓу една партизанка и еден млад борец кој беше од Преспа. Другарите од десетината потоа посведочија дека тој на партизанката и рекол "Мани ми се од глата, оти ако ти ја завртам пушката ќе ти ги скршам двете нозе." Јас слушнав што стана и отидов таму и му реков дека кавгата ќе ја расчистиме на заедничка конференција кога ќе се вратиме назад. Партизанката ја зедов од десетината и ја поведов со мене, како последни во водот. По два дена се вртивме во Дреновеки каде што беше четата. Следиот ден имавме некое предавање. На предавањето истиот партизан што се караше со партизанката седеше со пушка во рацете и покрај опомената од командантот, тој не ја пушташе пушката. Во еден момент пушката пукна и ја рани партизанката во двете нозе. Партизанката ја преврзаа и веднаш ја испратија во болница.

На состанокот останавме да решиме што ќе правиме со паризанот. Сите гласавме да се стрела. Смрт за него, викаа сите. Другиот ден отидовне во селото Ошкима каде повторно се одржа состанок. Се усвои за смртна казна. Побараа доброволци за стрелане. Се јавија многу, а командантот на четата определи пет борци од доброволците за стрелање. Командантот ме испрати мене како одговорен да гледам при извршување на смртната казна. Се ископа гробот. Осудникот се гледаше во гробот со солзи во очите. Го прашав дали има некоја последна желба, тој ја соблече фанелата плетена со разнобојна волна и ми рече "Другар, оваа фанела ќе праиш како можиш да му ја пуштиш на мојте, за детето, тоа нема фанела'' и со солзи на очите самиот скокна во гробот. Борците испукаа во грбот, а јас му ја фрлив фанелата преку глава, повеќе не можев да издржам. Плачев повеќе од осудениkот и избегав да не гледам како фрлаат земја над него.

И ден денеска се чудам дали за таква грешка ли се убива човек? И не знам како па и од раководителите кои беа позрели луге мислеа дека за мала грешка треба да се убиваат борци. Јас бев млад, имав дваесет години и тогаш и денес мислам дека за мали грешки не требаше да се убиваат луѓето.

По некоку години прочитав во една книга, напишана од еден борец, дека го убиле командантот на штабот на Грамос, Ѓоргос Јанулис дека тој му рекол на Захаријадис дека се плаши од Албанците. Само за тој збор бил стрелан.

ПАРТИЗАНСКАТА БОЛНИЦА НА ДАГ ВО КАТЛАНОВО

Др. Јован Бијелич, потпоковник за внатрешни работи, го поднесе овој извештај за партизанската болница во Катлановска бања до Министерот на внатрешни работи на Федеративна Народна Република Југославиа (ФНРЈ), Александар Ранковиќ, за положбата на болницата:

"Јас ја посетив болницата каде се лечат ранетите и болни борци од половината на ноември 1947г. Таа е и собиралиште на веќе оздравените борци. Сегашната состојба е сепак задоволувачка како на пример сместувањето, исхраната, санитетските снабдувања. Покрај Зиданата зграда способна да прими до 200 кревети, поставени се и 4 големи бараки и секоја може да собере по 40 кревети. Бараките се земени од младинските бригади. Исхраната, огревот и другите снабдувања одат преку армијата, освен некои мали продукти, а се се купува и овошје и млеко.

Состојбата во болницата е следната: ранети 200, болни 55 деца, 4 трудни, 4 други или вкупно 263. 75 болнички и кујнски персонал, вкупно 338 души. Од 55 болни 22 се болни од туберкулоза на белите дробови, 2 со туберкулоза во кичмата. Другите се болни од разни болести. Од 200 ранети, 54 се тешко, 6 ампутации на очите, 2 потполно слепи на двете очи, 3 со едно око, 2 во корито од гипс. Вкупно ранети и болни кои поминаа низ оваа болница од 1 јули до 20 ноември се повеќе од 800. За тоа време смртни случаи имаше 6, што значи помалу од 1%.Тие беа тешко ранети во главата, еден беше стар 75г и беше болен од астма, еден од туберкулоза, еден ранет во плешката на рамото кој искрвари додека стигна до болница. Располагаа со многу малку облека и чевли, со цивилни алишта, беа искинати, многу ранети одеа боси. Ги земаа здравите чевли и облека и им ги носеа на борците кои останаа по боиштата. Но тоа не беше исправно, ни војнички, ни политички. Кога се отпуштаа од болница, некои немаа ниту чевли, ниту алишта, одеа во собиралиштето боси и необлечени. Проблем беше и тоа што во болница пристигнуваа по 5-6, а некои дури и по десетина дена. Во ноември еден ранет, здробен во рамото чекаше 4 дена на граничната караула за да биде пренесен до болница. Кога стигна, мораше итно да се оперира, но тогаш ниту трансфузијата, ниту лековите не помогнаа да му се спаси животот. Друга група, 22 на број, во половината на ноември чекаа во зачадени, земнени, тесни планински колиби 10 дена. Потоа беа префрлени преку границата во болница, а за тоа време добивале само парче сув леб. Ранетите и болните стигнуваа во болницата нечисти, немиени, небричени, гладни, со вошки, не стручно превржани, а скршените коски ненаместени. За да се избегне проблемот со транспортот на болните требаше:

Како прво да се обезбедат два камиони и тие да бидат опремени со кревети, потребна постелнина и покривки. Потоа во секој камион да има по една искусна болничарка која ќе ги презема ранетите од граничниот премин. Таа да располага со потребни количини на завои, инекции, лекови и друго. Така, во камионот да има рачна апотека. Камионот треба да има храна која ќе може брзо да се приготви, а и пијалок за разладување на ранетите. Секако, треба да има и прибор за јадење, санитарен (тоалетен) прибор за тешко ранетите. На ваков начин ќе се створат услови побро и поудобно да се стигне до болничкијот кревет. По еден статистички преглед од болницата во Катланово се утврди бројот на сите кои престојувале во болницата. Од извршените 2360 операции – 180 души во 1947г, 1,701 во 1948г и 479 во 1949г. Од болницата беа отпуштени (излечени): за Грција - 2,917, Булкес - 1,132, Бугарија - 1,882, Чекословачка - 226 и НР Македонија - 13. Умрени – 164, од овој број на умрени 46 умреа по пат за болницата. Според болничката евиденција за секој еден војник дневно се трошеше 1,200 динари."

Овој извештај беше направен од Д-р Велимир Браца Мајсторовиќ, главен хирург и раководител за лекување на ранетите борци во Катлановските бањи во Скопје.

ФОРМИРАЊЕТО НА ПРИВРЕМЕНАТА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА НА ГРЦИЈА – ПДВГ

Акциите за мирољубиво решение на грчкото прашње што беа преземени во месец септември завршија со целосен неуспех. Од октомври 1947г. војната си доби своја форма. Атинскиот режим ги организира идеолошките, политичките и војните основи на еден агресивен механизам со главна цел воено ликвидирање на ДАГ и политичко уништување на народното движење.

Војното политичко државно раковоство на Атина веруваше дека до крајот на 1947г ќе има расчистено со ДАГ. Американците му даваа на атинскиот режим во октомври 1947г неограничен воен материјал. Војните ефективни за борба со војните сили на атинскиот режим бројат повеќе од 210.000 војници.

Но целиот тој воен потенциал се покажа неспособен да ја ликвидира ДАГ до ноември 1947г Офанзивата наречена Еринес претрпе целосен неуспех. Во 1947г. Грција беше трагично разединета. Динамичната политика на владата на Софулис крахира. И покрај тоа што операците кај Мечово во ноември и кај Коница во декември 1947г. преземени согласно споменатиот план од 10 октомври покажаа дека силите на ДАГ се недоволни за ослободување на градските центри. Захарадис не се откажа од намерата да ја претвори ДАГ во регуларна армија и да и наметне фронтална војна од која ќе почне заземање на градските центри и ослободување на земјата. Тоа беше мислата на неговите планови изнесени на седницата на Полит Бирото (ПБ) на Централниот Комитет (ЦК) на Комунистичката Партија на Грција (КПГ) на 2 декември 1947г. На 1 март 1948г Генералниот Штаб (ГШ) на ДАГ, да концентрира на Грамос 15,000 борци, до пролетта 1948г ДАГ да ги ослободи и да ги задржи градските центри. Во духот на планот беше организирана како што наведовне неуспешната операција за заземање на грачето Коница што требаше да биди седиште на ПДВ.



Слободан Уча Крстич – више-офицер во ЈНА во Македонија, кажува "Добив наредба од Белград да најдам погодно место во близината до Албанската граница за сместување за највисокото Раковоство на ДАГ и да го пречекам и обезбедам патувањето до местото каде требаше дасе одржи конференцијата. Го одбрав малото место Асамати на Преспанското Езеро во рибарската капетанија. Во декембар ја прејдов Албанската граница кај Подградец и ја пречекав делегацијата на високото раковоство на ДАГ. Имаше многу снег и патиштата беа завеани. Обезбедив машини чистачи на патот. При такви услови во рибарскиот центар во Асамати на преспанцкото Езеро, преку Албанија стигнаја делегатите Захарјадис Маркос Парфирогенис Русос и други во зградата на рибарскиот центар и тука на 23.12.1947г беше формирана Привремената демократска влада на Грција (ПДВГ) со Преседател Маркос Вафијадис, Командант на ДАГ за формирањето на ПДВ на Грција. За револуционерниот сон на илјадници борци на НОД и на партијата беше реализиран. После два дена беше објавено во светот за овој настан.

Меѓутоа желбите и чуствата се едно а објективните услови сосема друго. Партиското раковоство формирајќи една ревулуционерна комунистичка влада на Граѓанската војна. ПДВГ беше составена од комунисти. Единствено исклучок беше професорот на Атинскиот универзитет Петрос Кокалис. По завршувањето и составувањето на владата целата таа гарнетура со истото обезбедување е вратена во Албанија до Поградец. После два дена Слободан Уча Крстич отиде во Белград да му реферира на Министерот Ранковић.Тој му рече на Ранковић со смелост дека ДАГ ќе ја изгуби војната. Ко шо разбрав во стратегиата на Захарјадис да ја чека грчката војска во укопите околу границите на Југославија и Албанија, тука да ја ликвидира владината војска и после да напрај напад да ги преземи градаките центри и ја добије војната во Грција. Ранковић не му одговори. После две години Крстич отиде на одмор во Бриони каде се сретна со Ранковић кој му честита на Крстич за стратегијата. По пензионирањето Крстич го изјзвил во книгата на Маркос од Драган Клајкич. После овој потег на КПГ атинскиот режим остро реагираше зајакнувајќи ги уште повеќе законите и теророт. Четири дена по формирање на ПДВГ, 27 декември беше објавен закон Бр. 509 за заштита на државното уредување и заштита на граѓанските слободи. Врз основа на тој закон беа распуштени КПГ, ЕАМ и сите демократски партии и организации. Во целата земја немилосрдно почна гонењето на демократските граѓани. Само во Атина и Пиреа беа затворени 3.000 патриоти за еден месец од 20 јануари до 20 февруари 1948г. А беа срелани 70 патриото - од 21 фебруари до 20 мај во Атина, Пиреја, Солун и други градови се уапсени други 5.000 демократи.

Владата на либералите и популистите со неограничена помош на Американците почна да се подготвува за нов поход против ДАГ. Овие мерки на режимот уште повеќе ги зголемија колебањата кај демократските граѓани. Редок случај беше стапувањето во ДАГ на луѓе од градот. Единствениот избор за решавање на прашањето на резервите остана како и секогаш главно Егејска Македонија. И покрај погрешната стратегија и погрешната оцена за карактерот на војната и политичките цели на оружената борба и на ПДВ. Камен темелникот на успехот на партиското раковоство беше дипломатското признавње на ПДВ од советскиот сојус и народните републики. Борците на ДАГ и демократските маси во Грција очекуваа ПДВ да биде признаена за законита влада на Грција од пријателлските земји. Значењето на признавањето на ПДВ веднаш го разбраа Американците. Американското министерство за надворешни работи на 30.12.1947г. интервенира кај балканските народни републики да не ја признаваат ПДВ заканувајќи им се дека ако тоа го сторат тоа ќе има сериозни последици. Балканска комисија на ООН под раковоство на Министерството за надворешни работи на САД, побара од државите членки на ООН, да не ја признаат ПДВ.

Советскиот сојуз и земјите со народна демократија не ја признаа ПДВГ. Основна причина за таквиот однос на тие земји беше што беа реализирани решенијата на 3-от пленум на КПГ кои преставуваа основна претпоставка за тоа ДАГ да не порасна на 65.000 борци и да не успее да ја ослободи Егејска Македонија и да ги заземе гратските центри. Атинскиот режим со неограничена помош од Америка успеа да постигне релативна војно-политичка стабилност што се изразуваше во

(1) Исчистувањето на државниот апарат и создавање на еден режим на насилството
(2) Формирање на влада составена од либералната и Популистичката партија.
(3) Владината армија продолжуваше да се бори против ДАГ без тенденции за преминување во редовите на ДАГ
(4) Атинскиот режим ги држеше во свој раце сите мали и големи гратски центри и речиси сите собраќајни артерии.

Во летото 1948г успеа да ги исфли главните сили на ДАГ од Грамос, го прегази целиот терен на Румелија. Единствена компактна слободна територија остана планинското подрачје на Вичо и делови од Централна и Источна Македонија.

Прашањето за признавање на ПДВГ се реши во октомври 1948г кога советскиот сојуз на третото свикување на генералното собраниена ООН со свој меморандум за предусловните за решение на Грчкиот проблем им препорача на балканските земји да воспостават меѓусебни дипломатски односи.

Непосредно и со достаточна јасност се признаваше како единствен преставник на Грција режимот на Атина. Признавањето на ПДВ дефинитивно беше не усвоено. И тоа осуетување негативно се одрази врз моралот на борците на ДАГ и на целото народно-демократско движење. Привремената демократска влада донесе неколку законски акти од внатрешно-политички карактер што за општествениот и политчкиот живот на Грција значеа општествена програма. Донесени беа закон за народни одбори врз народно-демокраска основа, закон за аграрна реформа, некои законски прописи за школство и признавање рамноправностна националните малцинства, закон за амнестија и др. И покрај тоа што во програмата декларација на ПДВ беше наведено правото на рамноправноста на националните малцинства, нејзиниот состав предизвика сомневање и разочарување кај Македонците. Имено и покрај масовното учество на Македонскиот народ во демократското движење во ПДВ во почетоко не беше вклучен ниту еден преставник на Македонците. Таа исклучиво беше составена од Грци.

ТИЕ ШТО ГИ ПОСТАВИЈА ТЕМЕЛИТЕ НА НОФ, АФЖ И НОМС

Јас ја посетив Македонија пак после 23г откако со дојдов во Австралија. Во пријателски разговор со Петре Наковски во Скопје осетив дека првоборците на ДАГ и оснивачите на НОФ постепено умираат. Тој ми ги наброи кои уште не влезени во осумдесетата умираат измачени и немоќни: Михаил Кереминџиев, Лазо Поплазаров, Павле Раковски, Паскал Митровски, Тодор Коцев (Виктор), Ило Ќатипов, Коле Патков и многу други. Тоа ме натера да ја напишам оваа статија. По катастрофалниот пораз на ДАГ и повлекувањето во Бурели, Албанија, главниот штаб на ДАГ и ЦК на КПГ одржаа конференција на 29-30 септември. На тој состанок секретарот на ЦК Нико Захарјадис бесно се нафрли на Македонските раководители дека тие биле кривците за поразот на ДАГ. Тој рекол "Тие се агентите на Југославија и Тито''.

На 3-ти октомври 1949г по наредба на главниот штаб органите за безбедност ги уапсија македонските раководители на НОФ:

1. Павле Раковски
2. Паскал Митровски
3. Минче Фотев
4. Вера Николова
5. Ураниа Привска
6. Михаил Малчо
7. Ташо Хаџијанов
8. Ламбро Чолаков
9. Христо Коленцев (Кокинос)
10. Лазо Поплазаров
11. Темистокли Зиовски (Лаократис).

Оваа акција на грчкото раковоство, на која и претходеа низа други смислени и плански акции, имаше за цел да го оформи обвинението против Југославија и организацијата на НОФ на Македонија, да ги прогласи како виновници за поразот на демократското движение на Грција. Тие сакаа присилно да изнудат признание од уапсените раководители на НОФ и од други лица, насобраа докази и од материјал од монтираните лажни изјави на поединци на слични обвинениja.

Истрагата против нив му беше поверена на Периклис Каподикис (Мировигли), шеф на оделението за антијугословенска дејност при службата за безбедност на ДАГ. Инаку истрагата требаше да ја води и следи политбирото на ЦК пред се Димитриос Вландас. Меѓутоа неочекувано за Грците 15 офицери на албанската служба за безбедност, Сигурими на чело со Полковникот Ѓорѓис влегле ноќта во просториите каде што биле затворениците Македонци и ги зеле со нив.

Во врска со овој инцидент и акцијата на Албанците беа разменети писма мегу ПБ на ЦК и Албанската партија на трудот. Писмата од 27 октомври и 13 ноеври 1949г. и средбата меѓу Захарјадис и Мехмед Шаху на 11 ноември не донесоа никаков резултат. Откако Албанците завршија со истрагата од свој аспект и интерес, уапсените Македонци им се предадоа на Русите кои од своја страна ги префрлија во Москва.

Група партизани од Бурели групата беа пренесени во Тирана. На 14 декември 1949г врзани два по два беа однесени во Драч каде чекаше усидрен руски параход. Ги предадоа на руската посада која ги однесе во Москва на сослушување. Беа осудени на робија по затворите во внатрешноста. За време Хрушчовото владеење, рехабитирани сите се вратија во Македонија и си створија свои семејства во Скопје. Некои и денес се живи во Македонија.

За оваа трагедија ми раскажа мојот соборец и добор пријател Лазо Поплазаров кој во 1946г. беше секретар на НОФ за Леринска околија, а јас реонски на НОМС за Буфскиот реон, базата ни беше во селото Трсје. Кога пак се сретнаме во Скопје, Лазо ми раскажа за сите маки што ги преживеал по затворите во Сибир. На враќање во Скопје тој се оженил и му се родило машко дете. Лазо умре во средните години.

МОБИЛИЗАЦИЈА ВО ДАГ НА КАДАРОТ НА НОФ

Најсериозниот удар на организацијата НОФ беше во 1947г како со хитна наредба на главниот Штаб на ДАГ е извршена мобилизација на целиот професионален кадар на НОФ (вкупно 91 раководители), македонската културно-уметничка група и дувачкиот оркестер. Од мобилизацијата беа членовите на секретарјатот и секретарите на окружните одбори на НОФ и НОМС така што во трите округи (Воденскиот, Костурскиот и Лернскиот) беа оставени да работат во НОФ само 18 кадри и тоа жени и мажи неспособни за носење оружје, инвалиди и сл. По мобилизацијата на кадарот на НОФ и општата мобилизација од ДАГ на годишната 1927-1932 на слободните територии во Костурско Леринско и Воденско, што главно постоеја организации на НОФ, не може да се зборува за некаква поголема фронтовска дејност. НОФ престана да делува и таму каде што делуваше и како борбено движење. Исто така организациите на НОФ без кадар не можеа да придонесат за решавањето на проблемот на резервите на ДАГ затоа што од раководството на КПГ имаше задача да се исфрлат од неослободените територии нови 3,000 борци – Македонци и Македонки. Се настојувавме создадената празнина односно раководствата на НОФ да се пополнат со жени и неспособнии за носење оружје, постари луѓе и инвалиди. Без никакво искуство во никој случај не можеа да ги заменат старите прекалени борци низ тригодишната организационо-политичка и борбена дејност. Таквите последици од мобилизацијата имаа лош одраз и кај Македонците и кај кадрите на НОФ и уште повеќе ја зајакнаа недовербата. Објаснувањата што се даваа дека тоа е сторено со цел да се реши прашањето на резервите на ДАГ никого не можеа да го убедат бидејќи 100 до 150 луѓе не можат да решат едно такво и толку сложено прашање а уште повеќе кога тие како раководители на НОФ имаа задача да го мобилизираат Македонскиот народ за уште помасовно стапување во редовите на ДАГ односно како што наведовне да придонесат за решавање на тоа прашање. Секако причиините за таквиот потег на Захарјадис е стариот кадровски актив на НОФ. По мобилизацијата беше извршена реорганизација на НОФ. Секретарјатот на Главниот одбор го сочинуваа Паскал Митровски, Михаило Керемтчиев и Ставрос Кочопулос. Окружната организација на НОФ во Воденско ја раководеа пет активисти на чело соТашо Ајановски (Мими) како секретар и Иван Ничев негов заменик. Костурската организација броеше седум членови активисти со секретар Коле Панов, Леринската организација имаше шест раководни кадри со секретар Тане Наумов, а организацијата на НОФ во Источна Македонија беше раководена од Вангел Ничев.

По прашањето за поставување на раководни функци во ДАГ од мобилизираните кадри на НОФ, меѓу Паскал Митровски и Керамеџиев дојде до несоглас и судир. Имено раководството на КПГ побара од секретарјатот на НОФ содветен предлог за употреба на тие кадри. На состанакот на секретарјатот на НОФ, Кероминџиев предложи Вангел Ајановски-Оче, Павле Раковски и Лазо Поплазаров да бидат поставени за политички комесари на бригада, додека Паскал Митровски и Ставрос Кочопулос настојуваа функцијата што требало да им се довери на кадрите на НОФ да биде "политочки комесар" на Баталјон, во врска со овој конфликт. Паскал Митровски писмено го запозна партиското раководство. Предлозите на Керомиџиев и Митровски не се прифатени од Захарјадис. И при овај случај се манифестира поценувачкиот однос на раководството на КПГ спрема Македонците. Имено Лазо Поплазаров еден од основачите и основните кадри на НОФ, секретар на окружниот одбор на НОФ за Воденско е поставен за десетар, Павле Раковски, член на главното раководство на НОФ за обичен борец, Паскал Паскалевски и Вангел Ајановски (Оче) поради недоверба не се примани во ДАГ а комесарот на Првата Егејска Бригада Димко Делевски е примен како обичен борец.

На сликата се Преседателот на НОФ Паскал Митровски во средин Десно Чолаков и лево Мичо Фотев

ПОВАЖНИ ЛИЧНОСТИ ВО ИСТОРИЈАТА НА ДАГ

Вангел Ајановски - Оче, беше комунист од пред војната. Во ноември 1944г стана помошник на Првата Егејска Ударна Бригада. Во пролетта 1945г стана секретар на окружниот одбор на народноослободителен фронт (НОФ) за Воденско, член на главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија.
На фотографијата е Оче и Фоти Илковски.

Катина Андреева-Кузманова - Цвета, родена 1928г во село Мокрени, Кајларско. Во текот на окупацијата стана член на младинската организација ЕПОН, ја добила името Цвета од драмата "Makedoncka крвава свадба''. На 6 септември 1944г. стапи во редовите на ДАГ и загина на 13 мај 1949 на врвот во Турја, близу Лерин како поручник. Поради нејзиниот хероизам покажан во повеќе битки името на ова млада Македонка стана симбол за хероизом на борците на Вичо и Грамос во текот на граѓанската војна.

Лазо Ангелевски, роден 1925г во село Граждано, Леринско. По професија беше наставник. Во НОБ беше од крајот на 1942г, а во граѓанската војна од 1947г. работеше во комисијата за просвета при главниот одбор на НОФ. Беше предавач на курсот за македонски народни учители, а воедно и на окружниот и на околискиот народен одбор за Леринско. Во август 1948г беше заробен во селото Буф од монархофашистите, беше зверски мачен и умре во истата година во Лерин.

МИХАЛ АПОСТОЛСКИ (Гранити), роден во 1923г. во село Крчишта, Костутско. Беше учесник во ЕЛАС и во Првата егејска ударна бригада. Во 1946г стана член на партизанскиот штаб на ДАГ за Вичо.
Загина на 31 март 1948г. како комесар на баталјонот на ДАГ.

Мате Булев - Мати, роден 1904г во селото Екшису, Леринско. Комунист од пред втората светска војна и член на ВМРО. За време на окупацијата се вклучи во ЕЛАС. Во редовите на НОФ беше од 1945г и во ДАГ од 1946г. Се истакна со својата храброст како раководител на диверзантска група на ДАГ. Мате загина херојски на 19 април 1949г.

Маркос Вафијадис - Тутунов, член на КПГ од 1928г. и член на ЦК на КПГ од 1942г. Беше втор секретар на македонското биро на КПГ и комесар на групата дивизии на ЕЛАС од Македонија. Беше воен командант на ДАГ и претседател на привремената демокртска влада на Грција.

Мирка Гинова, учителка, родена во село Росилово, Воденско. Активно учествуваше во НОБ. Во јануари 1945г се вклучи во илегалната македонска организација НОФ каде беше избрана за одговорна на АФЖ за воденскиот округ. На 6 јуни 1946г беше заробена од една владина единица и беше изведена на суд и осудена на смрт. На 26 јуни 1946 беше убиена во Ениџе, Вардар. Мирка беше прогласена за народен херој поради нејзиниот револуционерен живот и херојското држање пред истражните органи и пред судот.

Илија Димовски – Гоче, учесник во комунистичкото движење и во ВМРО. Командант на партизанскиот одред и комесар на Леринско-Костурскот Македонскиот Баталјон во состав на ЕЛАС. Командант на Првата Егејска Ударна Бригада и Командант на баталјон на ДАГ. Носител е на партизанска споменица од 1941г.
Гоче умре во Скопје на 26 јуни 1961г

Ѓоргис Јанулис, адвокат, роден во 1915. Беше командант на одред во ЕЛАС и на баталјон на ДАГ. Командант на штабот на ДАГ за Грамос и командант на бригада. Беше невино осуден на смрт и стрелан од ДАГ во август 1948г. Во 1957г беше рехабилитиран.

Никос Захариадис, познат како функционер на синдикалното движениј е во Цариград. Дојде во Грција во 1923г и набргу се истакна како висок функционер на младинското движење и на КПГ. Во 1929г отиде во Русија за две години. По интервенција на Кумунистичката интернационала во 1931г беше поставен во раковоството на КПГ и во 1935г беше избран за генерален секретар на КПГ. Во 1936г. беше уапсен од грчката безбедност кои во 1941г го предадоа на германските окупаторски власти кои го интернираа во логорот Дахау. Во 1945г беше ослободен и на 1 мај 1945г се врати во Грција и повторно застана на чело на КПГ.
Никос почина во август 1973г како политички емигрант под специјален режим.

Танас Кизов, роден во 1914г. во селото Нерет, Леринско. Во ДАГ беше од 1946г како командир на чета меѓу првите групи на ВИЧО. Танас учествуваше во многу борби а последен пат во борбата во градот Гревена на 25 јули 1947г каде и падна мртов. Десната фотографија на Танас, убиен и ставен на еден пат за да го гледа народот кој оттука поминуваше.

е

Коста Робев, го знаевне како Дине Робев. Роден во 1915г во селото Баница. Во ДАГ беше од 1946г. Во 1947г доби многу тешка задача и затоа побара помош од мене, но секретарот Папалазаров го одби и му рече дека јас имам друга задача. Коста зеде еден друг партизан да оди со него, но за жал тие беа убиени во Попожани.

Павле Куфев, учител, роден во 1913г во село Арменцко, Леринско. Во 1943г се вклучи во НОБ каде вршеше разни раководни функции. Командир на чета и началник на баталјон на ДАГ. По капитулацијата на ДАГ, Павле пребега во Романија каде што работаше како активист на организациата "Илинден" и во издавачкиот оддел. Павле умре 2003г во Атина на 90 години.

Паскал Митровски, учесник но комунистичкото движење од пред војната. Од јули до декември 1944г. беше Командир на специјалната македонска партиска единица во Костурско. Во декември 1944г стана секретар на политичката комисија на Македонците под Грција. Од април 1945г беше секретар на НОФ на Македонците во Егејска Македонија. Од ноември 1946г. беше член на македонското биро на КПГ. На првиот конгрес на НОФ беше избран за секретар на НОФ на Македонците во Егејска Македонија. Од април 1949г беше министер во привремената демократска влада.

Павле Раковски, учител, активист во резервниот ЕЛАС во Островскиот реон. Од јули 1944г беше одговорен по Агит-проп во Воденскиот баталјон. Во декември 1944г стана член на политичката комисија на Македонците под Грција. Од април 1945г беше член на секретарјатот на НОФ на Македонците во Егејска Македонија.

Пецо Ромев, роден во 1919г во село Горничево, Леринско. Во НОВ се вклучи во почетокот на 1943г и стана старешина на Првата Егејска Бригада. Во ДАГ беше командир на вод и командир на чета се до поразот на ДАГ, кога се собраа во Албанија. Тука се формира еден батлјон и тогаш беше унапреден за командат на тој баталјон. Пецо се врати на Грамос да се прошета низ селата за да види народот дека ДАГ уште постои. Тој беше убиен во нерамна борба во 1949г во Киафа на Грамос. Тука загинаа и негови соборци, а меѓу загинатите беше борецот Ѓорги Василовски, еден од последните буфчани што загина во борбите. На 25 август 1949г Пецо и Ѓорги паднаа од еден рефал еден над друг. .

Лазо Трповски - Црниот, роден во 1900г во селото Дмбени, Костурско. Беше легендарен борец и раководител од Егејска Македонија. Уште како млад се поврза со напредното движење во Грција и во 1928г замина во Канада каде се вклучи во напредното работничко движење и се истакна меѓу македонската емиграција. Поради таквата дејност властите на Канада го прогласија за непожелен и во 1932г го истераа. Илегално замина во Советскиот Сојуз каде заврши виша-политичка школа. Во 1935г по барање од КПГ, Лазо се врати во Грција и веднаш беше поставен да работи во Егејска Македонија. Во јануари 1939г. беше уапсен, осуден и затворен на островот Акронавплија. Го олсободија јули 1941г. за време на окупацијата. Работеше како иструктор на КПГ во цела Егејска Македонија, а особено во Западна Македонија. На 11 април 1943г. заедно со други функционери на македонското биро на КПГ беше уапсен и sверски убиен кај селото Имера, Коженско.

Ѓорѓи Урдов - Џоџо, роден во 1914г во Воден. Активист на КПГ од 1941г до 1942г. Беше организационен секретар на окружниот комитет на КПГ за Воденско. Од есента 1943г беше и член на пленумот на покраинскиот комитет на КПГ за Егејска Македонија. Од јули 1944г беше комесар на Македонскиот воденски баталјон. Од декември 1944г беше член на политичката комисија на Македонците под Грција и од април 1945г беше член на главното раководство на НОФ. Од ноември 1946г стана член на штабот на ДАГ за централна и западна Егејска Македонија.

Пандо Шиперков, командир на чета во Првата Еејска Бригада. Во ноември1946г стана Командант на Територијалниот Штаб во Вичо, а во ДАГ беше командант на баталјон.
Пандо загина во јануари 1948г во борбите над село Нестрам, Костурско.

Ѓорѓи Калков, роден во1916г во село Вишени, Костурско. Во ДАГ беше командир од почетокот во 1946г. Беше командир на група од првите оформени групи на Вичо и загина во Пиерија на 16 март 1947г како комадир на чета.

Трпче Гуревски - Типе, роден во селото Бапчор.
Беше организационен секретар на НОМС за Корештијата.
Учесник во ДАГ од 1946г.

Вангел Ферманов, роден во село Буф. Познат борец во ДАГ уште од 1946г. и беше поставен Реонски Секретар на Буфслиот реон на организацијата на НОФ. Неуморно работаше за организацијата Буф, која беше многу активна со преку 200 членови.

Петре Димев Марковски, роден во Буф и активен младинец во НОМС. Грчката полиција го дозна и го затвори и многу го биеја за да признае дека е во организацијата. Мајка му на носило си го зеде од полициата и си го лекуваше примитивно - заколваше овци и го завиваше во кожата дека целотое тело му беше сино од тепањето. Кога Петре се накрена, тој избега во Македонија и тамо се излечи. Пак се врати во ДАГ и беше свирач во оркестарот со Кара Тимијот. По расформирањето на оркестерот, тој остана во единиците на ДАГ. По капитулациата на ДАГ, преку Албанија беше однесен во ССР. Кога односите се смирија се врати во Македонија и од таму тој замина со фамилијата за Канада каде и до денес си живее.

Ристо Петре Ангелевски, роден во Буф, беше регрутиран во Грчката војска ама избега во Македонија каде остана за мало време. Од таму са врати назад и се приклучи на ДАГ каде беше поставен водник во Полицијата. Беше поставен на мостот на Перо во Преспа. По ликвидациата на ДАГ си отиде во ССР. Се врати во Скопје ама по неколку години ќерка му се мажи во Кипар па и тој замина да живее таму и каде си умре.

Ило Лазаров Србиновски, роден во Буф. Во 1946г излезе во партизаните во ДАГ и по извесно време беше испратен на под-офицерска школа. Потоа беше распореден да оди во Серес, Драма каде прими вод. Ама на првата борба беше ранет. Грчката војса го зедоа и на судот го осудија на доживотен затвор. Прво беше затворен во Јура, па после во Еникуле во Солун. Последно го донесоа во Воден каде лежеше цели седум години. По затворот се врати во селото и од таму се досели во Австралија, каде по неколку години се разболе и си умре.

Ило Пеов, роден во село Трсје. Учесник во ДАГ од 1946г. и секретар на НОМС за Турјанскиот реон. Во тие денови во 1946 -1947г многу тешко се работаше во окупираните села. Куририте пренесуваа писма ноќе преку разни врски. Многу позадинци ги загубија животите. Многу дена беа гладни, завеани во зимските снегови по засолништата во планинските дупки.

Коста Сулов, роден во село Черешница, Костутрско. Беше од првите борци на Вичо како командир на самостојната чета 1010, до неговата смрт во селото Горенци.

Ило Ќатипов, роден во селото Арменско. Беше учесник во Егејската Бригада на Шар Планина. Од 1946г работеше во ДАГ како младински иструктор за градот Лерин.

Ѓорѓи Турунџев, член на КПГ од пред војната и член на ВМРО. За време на НОБ беше активист на КПГ. Бидејќи стана незадоволен од одлуката на КПГ за реформирањето на организациата СНОФ, Ѓорѓи заедно со група Македонци се отцепи од ЕЛАС. Член беше на политичка комисија на Македонците под Грција и секретар на околискиот комитет на НОФ за Кајлари-Сорович.

Тане Наумов, бил работник и за време на окупацијата активно се вклучил во НОБ. Од 1945г беше секретар на олружниот комитетна НОФ за Леринско .

Евдокија Николова (Баљова) – Вера, учествуваше во кумунистичкото движење од 1941г. Заменик комесар на чета во Првата Егејска Ударна Бригада. Во 1945-1946г беше секретар на околискиот одбор на НОФ за Соровичко - Кајларско и од 1947г беше секретар на АФЖ на Егејска Македонија.

Мичо Велаки, активно се вклучи во НОБ заземајќи разни раководни функции во леринско. За време на граѓанската војна беше функционер на НОФ и политички комесар на бригада на ДАГ.

Христо Коленце - Кокинос, активно се вклучи во НОБ и беше одговорен во Леринско–Костурскиот Македонски Баталјон. Во 1945г се вклучи во НОФ и зазема разни функции. Беше член на оруженот комитет на КОЕМ за Леринско.

Наум Пејов, роден во 1919г во селото Габреш, Костурско. Член на КПГ од пред војната. Во 1939г беше затворен од грчката полиција. Во НОВ беше од 1941г. Командант на партизанскиот македонски одред "Лазо Трповски". Член на окружниот одбор на СНОФ за Костурско. Ја раководи групата македонски борци што го напуштија ЕЛАС и преминаа во редовите на НОБ во Вардарска Македонија како реакција на одлуката на КПГ да ја распушти организацијата СНОФ. Заменик командат на првата егејска ударна бригада. По војната зазема разни високи политички и државни функции во Македонија.

ЛАЗО ПОПЛАЗАРОВ, член на КПГ од пред втората светска војна. Во 1943г. беше затворен од италијанските окупаторски власти. Во летото на 1943г беше назначен за командир на една воружена единица на ЕЛАС составена претежно од Македонци во Костурско. Во 1945г стан инструктор на НОФ во Костурско, Леринско, Гуменџиско и други реони. Во 1947г стана секретар на главното раковоство на НОФ на Македонците во Егејска Македонија.

Уранија Алилова - Раковска, родена во село Пателе, Соровичко. Во текот на НОБ (1941-1945) беше организирана во младинската ЕПОН. Во 1945г се вклучи во редовите на НОФ-АФЖ. Од март 1948г. стана уредник на списанието "Нова Македонија", орган на главниот одбор на АФЖ за Егејска Македонија. Од април беше избрана за член на главниот одбор на АФЖ.

Герман Дамовски, роден во 1918г во село Герман, Леринско. Се вклучи во прогресивното комунистичко движење пред втората светска војна. Во 1944г се поврза со НОД во вардарскиот дел на Македонија. Во 1945г се вклучи во организациата НОФ на Македонија. Во Егејска Македонија работеше како организациони секретар на окружниот одбор за Леринско. По капитулацијата на ДАГ се префрли во источно-европските земји каде беше прогонуван како Титовец.

Петре Аспров, роден во село Оштима, Леринска околија. Се вклучи во НОБ во 1945г. и беше секретар на околискиот комитет на младинската организација НОМС во леринско и потоа стана член на секретарјатот на НОМС за Егејска Македонија.

Пандо Вајана, беше командир за време на НОБ во ЕЛАС и заврши офицерска школа при ГШ на ЕЛАС. За време на граѓанската војна беше командир на одред. По извесно време стана командир на чета, баталјон, бригада и дивизија. По капитулацијата на ДАГ стана претседател на организацијата "Илинден", формирана од КПГ во источно-европските земји. Беше и член на ЦК на КПГ.

Уранија Јурукова - Пировска, родена во село Излибени, Костурско. Во текот на НОБ (1941-1945) беше реонски активист на младинската организација ЕПОН за реонот Попеле – Костурско. Потоа беше учесник во Леринско-Костурскиот баталјон и Првата Егејската Ударна Бригада. Од август 1945г се вклучи во редовите на НОФ, АФЖ и работаше како реонски окружен активист и член на секретаријатот на главниот одбор. Прими чин капетан и член е на организациониот комитет и на раковоството на КОЕМ.

Михаил Керамитчиев, активен член на кумунистичко движење од 1935г, поради што во 1939 и 1944 беше затворан и интерниран. Во 1943г стана командат на една македонска партизанска единица на Словено Македонската Ослободителна Војска (СНОВ) во Костурско. Во 1944г беше пратеник на Политички Комитет на Националното Ослободување (ПЕЕА). Во ноември 1944г стана комесар на Првата Егејска Ударна Бригада и од декември 1944г стана член на политичката комисија за ослободување на Македонците под Грција. Потоа стана член на секретарјатот и преседател на НОФ на Македонците од Егејска Македонија, и беше политички комесар на ДАГ. Михаило умре во Скопје во 1981г.

Вангел Којчев, активно се вклучи во НОБ за време на окупацијата. Во 1946г, се вклучи во НОФ и стана член на окружниот комитет на организацијата во Леринскиот округ. Потоа беше командант на народната милиција во Костурско и Леринско и секретар на НОФ и член на воениот совет на ДАГ.

Тодор Коцев – Виктор, потекнува од село Баница, Леринско. Учесник во ЕЛАС од почетокот на 1943г. а за време на граѓанската војна беше член на околискиот одбор на НОФ и на НОМС. Беше член на главниот одбор на НОФ и на АФЖ и член на обласниот комитет на македонската организација НОМС на Егеска Македонија.

МАКЕДОНСКИ БОРЦИ ВО СТАЛИНИСТИЧКИТЕ ЛОГОРИ ВО СИБИР
“12 месеци зима – останатото лето’’

Сведочење на Евдокија Фотева (Вера), учеснична на движењето на отпорот во Грција за време на втората светска војна и интернирец во злогласните советски логори со петте Македонци кои ги преживеаја мачењата во логорот во Воркута. Во смртоносни јагленокопски базени во Воркута, меѓу затворениците од многубројни националности се наоѓаа и петмина Македонци. Тиа беа долгогодишни антифашисти од 1941г. а и пред тоа активисти на македонските патриотски организации и раководители, како во времето на ЕЛАС така и на ДАГ во Граѓанската војна во Грција, членови на Извршниот одбор на организацијата НОФ, кои заедно со грчките антифашисти се бореа против окупаторите, а за слобода и демократија за своите национални права во рамките на грчката држава.

НАКЛЕВЕТЕНИ ХЕРОИ

По поразот на ДАГ во Албанија, во првата декада на октомври десетчленото раковоство на херојската македонска организација Народно Ослободителен Фронт (НОФ) беше наклеветено од раковоството на КПГ и ДАГ од генералниот секретар на КП на Грција, Никос Захаријадис и од тогашните соработници, како виновници за поразот на ДАГ. Тоа беше во октомври 1949 во градчето Бурели, Албанија. Веднаш потоа раковоството на НОФ беше лишено од слобода. Со исфабрикувани обвинениja беа испратени во самица во Москва. Во истражните служби на НКВД, односно КГБ-МГБ во Лубјанка, Лефортово Бутирка и Сухановска Тјурма каде останаа триесет и два месеци.

Присилно им изнудуваа изјави врз основа на клеветничките изјави дадени против нив со приложени фотографии од најблиските соработници кои исто така под притисок и страв беа претставувани како агенти на интелиџенс сервис на меѓународната буржуазија и на ТИТО. Поради немање докази тие беа осудени под завештание по кривичниот закон на РСФРС. На 19 април 1952 беше прочитана пресудата со можност кога ќе се достават докази, казната да биде продолжена до бесконечно.

П Р Е С У Д А

Вака беа осудени следните македонски патриоти;

1. Паскал Григориевиќ МИТРЕВСКИ, роден во 1912 во село Чука, Егејска Македонија, округ Костур, инаку претседател на централниот одбор на НОФ и министер во привремената Демократска влада на Грција и со ред други функции. Беше осуден на 25 години и испратен во логорите на Вокута.
2. Минчо Фотев Атанасов Лазаревиќ, роден во 1922 во Хрупишта, округ Костур. Преседател на младинската организација НОМС и помошник на политичкиот комесар на главниот штаб на ДАГ и со други функции. Осуден на 10 години и испратен на издржување на казната во Воркута.
3. Христо Коленцев-Кокинос Василевиќ, роден во 1916 во Лерин, Егејска Македонија. Претседател на Народно Ослободителниот Одбор на Леринскиот округ. Осуден на 8 години и испратен на издржување на казната во логорите на Воркута.
4. Анастас Хаџијанов–Ташко Трифуновиќ, роден 1922 во Воден, Егејска Македонија. Член на централното раковоство на НОФ и НОМС, осуден на 8 години и испратен на одржување на казната во логорите на Воркута.
5. Ламбро Чолаков Иваноиќ, роден во 1912 во село Смрдеш, округ Костур, Егејска Македонија. Член на централното раководство на НОФ и одговорен по финансии. Осуден на 8 години и испратен на одржување на казната во логорите на Воркута.

Другите пет членови на централното раковоство на НОФ беа исто така осудени и испратени на тешка физичка работа во сибирските логори во Таишетска траса, Иркутска област.

ЕПИЛОГ

Горчливата историја на селото Буф ни прикажува дека по повеќевековно постоење дојде ден селото да изумре. Најлошите години за целиот македонски народ во Егејска Македонија беа од 1947- 1949г.

Кои се последиците за селото Буф?

Убавото село Буф беше едно од најголемите селски населби во Леринско. Тоа пред граѓанската војна броеше над 2.500 жители, а денес Буф има едвај 120 жители и тоа претежно стари лица.

Каде отидоа тиа буфчани?

Цветот на буфската младина, борејќи се за добивање национални права, со својата младешка крв ги натопи планините во Егејска Македонија и Грција, а нивните остатоци почиваат во незнајни гробови. Десетици буфчани загинаа од бомбардирањата врз цивилното население, преку триесет лица останаа трајни инвалиди, стотина деца останаа сираци, а останатиот дел беа протерани или емигрирани во прекуокеанските земји.

Во поглед на материјалните штети, не навлегувајќи во проценката, штетите беа огромни: разрушени стотина куќи, изгорени над 70 трла и плевни, триесетина воденици уништени, илјадници грла стока и живина пцовисани и ред други материјални добра.

Жалоста кон изгубените синови, браќа и блиски роднини, страдањата, опустошувањата и протерувањето од родните огништа, ја надополнуваат голготата на Буфчани и не само на буфчани, туку на целиот македонски народ.

ПОПИС ЗА БУФЧАНИ НИЗ СВЕТОТ

Во 1988г заедно со Минела Бранов од Канада, Диме Гагачов од Битола и јас, Коста Алабаков од Австралија, направивме попис за буфчани, за да видиме каде ги има во светот. Ова се нашите бројки и податотци:

Америка	224
Австралија	974
Буф	146
Бугарија	8
Канада	1,244
Чехословачка	17
Романија	4
Југославија	916
Полска	25
Русија	4

Вкупно се 3,558 луѓе. Немаме податоции од Пенсилванија и Детроит - САД, таму буфчани се разединети, тоа се млади луѓе кои не се чуствуваат буфчани, а повеќето од старите се одамна умрени.

Јас со Минела Бранов

Диме Гагачов

ОСЕТИВ ИСТРАГА ЗА МЕНЕ

Еден ден командирот на четата ме викна и ми рече дека некој од главниот штаб ме барал мене. Јас одма отидов во штабот и тој од мене побара да му кажам како дојдов до Егејската Бригада, зошто избегав во Југославија и како повторно дојдов во движењето на ДАГ и како ја гледам борбата на ДАГ денес. Со појавата на резолуцијата на Информбирото меѓу Сталин и Тито стално се зборуваше дека Тито помина во таборот на фашизамот, а се зборуваше дека и македонското раководство је подржива политиката на Југославија. Се слушаа и верзии дека доста од раководството на НОФ се истерани во Југославија, а се слушаше и на Кајмакчелан некој командант убил десет такви борци од бригадата на Гоче.
Тој ме праша ''Кој те испрати во 1946 да одиш во Југославија и да однесиш писмо во време на расцепот на Вичо. Кој беше меѓу Пандо Шиперко и Папата Стратос. На кого му го даде писмото што ти го даде Паплазаров Лазо и каде го сретна Гоче. Кои партизани ги доведе назад во Трсје?".

Негде во летото 1947г се стретнав со Керемџиев и тој ми рече дека го напуштил движењето и дека е на пат за Југославија. Го суспендирале од НОФ и требаше да ја напушти Грција. Тогаш ми кажа и за некоку други познати раководители од НОФ кои биле суспендирани и требало да ја напуштат територијата на Грција. На еден партиски состанок се напаѓаше раковоството на Република Македонија. Јас на тој састанок си помислив дека на овие клевети многу да не ми се верува. Од тогаш на два партиски четни састаноци ми се даваше некои задачи за да одам некаде. Мене ми текна дека тоа беше направено нарочно, за јас да не бидам присутен на состаноците. Почувствував кога одевме во некоја борбена задача, мене ми се даваше опасниот терен, кое јас го сметав дека е против мене.

Една вечер бевме улогорени над селото Оштима. Доцна во ноќта дојде еден курир од четата и ми рече дека треба да одам кај командирот. Кога стигнав, командирот и комесарот на четата ми наредија да земам една десетина и да одам одвечер на ридот Лунзер, меѓу селото Арменско и Бигла. Јас ја зедов десетината и со десетарот Ило Србинов, кој беше мој соселанец, се качивме на врвот каде се камуфлиравме во стените. Требаше да ја чекаме грчката војска која требаше да иде или од Бигла или од Трсје. Трбаше кога тие ќе го обиколоуваат ридот, ние да удреме и некако да избегаме од обрачот во правец за селото Оштима. Ама не ми кажаа колку војници ќе дојдат околу нас и како јас со една десетина ќе излезам од обрачот. За мене тоа значеше сигурна смрт за нас или пак предаваље. Кога стигавне до врвот, ја поставив тројца стражари. Стражарот што гледаше кон Бигла ми рече дека се појавува голема војска. Со десетарот се договоривме да почниме да пукаме уште иако тие беа далеку за додека се крија ние да можеме да избегаме кон Оштима. Оваа задача уште еднаш ги потврди моите сомневања дека нешто не беше во ред.

Командирот на четата ми кажа дека некој нов офицер дошол од Булкес и јас треба да му го предадам водот и да одам во Прекопана и да се јавам во штабот за Вичо. Командир на четата беше Суло од Черешница, добар Македонец со кого односите ни беа многу пријателски. Тој ми кажа дека ќе се формира баталјон мешан од Грци и Македонци и раковоството ќе биде половина Грци и половина Македонци, а мене божем ќе ме поставеле за политички комесар на чета. Баталјонот требаше да замине во внатрешноста на Грција како пример дека Македонците и Грците братски се борат. Ама беше забрането да се зборува или да се пее на македонски. "Па пули и прај'' тој ми рече. Јас тогаш решив дека времето дојде да ја напуштам ДАГ, па на комадирот Суло му реков дека треба да одам во Кономлати, божем имам оставено пантолони за крпење кај некој терзија. Тој ме ослободи и ме рече кога ќе се вратам, ќе одам за Прекопана.

Суло ме запозна со офицерот кој требаше да го прими водот. Јас го одведов и му го претставив на другарите и си заминав. Се збогував со пријателот Чакало и трнав. Јас тргнав преку селото Кономлати, продолжив за селото Оштима и од тамо за селото Желево. Застанав да преспијам малце на планината над Псодери и друѓиот ден се спуштив низ ридот мегу Ѓерман и Псодери. Го следев движењето на ридот мегу Буф и Герман каде имаше војска која се повлече накај Бигла. Го поминав ридот и влегов во буфскиот синор.

Слегнав во селото и набрзина отидов во нашата куќа каде ги најдов мајка ми, брат ми Доне и сестра ми Фанија. Си ги собравне алиштата и вечерта заедно ја напуштивне куќата и тргнавне де бегаме преку границата за Битола, знаејќи дека нема да се вратиме назад.

ТЕЖОК ПОЧЕТОК ВО МАКЕДОНИЈА

Таа вечер ја поминавме границата и влеговме во Битола каде се пријавивме на властите кои не однесоа во селото Браилово, Прилепско каде имаше други бегалци како нас. По некоја недела не пренесоа во селото Гајранци до Штип каде се сместивне во една соба 5м на 4м со две други буфски семејства. Во собата немаше светлост, оган и никакви продукти за јадење. Немавме работа и уште од првиот ден почнаа да одат по куќите и да питаат за парче леб. Ние повозрасните, јас со брат ми Доне собиравме по градините изоставени зелени домати, пиперки или зелки. Кога ќе соберевме, ги носевне во станот каде живеевме. Ги јадевме варени без сол и зејтин. Ништо немавме. Но сепак ни се допаѓаше овоа јадење. Си велевме дека кога ќе се вратиме дома во селото, ќе си вариме вакви манџи. Со брат ми Доне почнавме да бараме работа низ селото. Јас имав малку поим од зидање и малтерисување па почнавме да работиме градежни работи. Имавме доста работа и почнаа да не бараат низ селото. Одборот ни даде купони и од селската задруга си земавме брашно, сол, масло, шеќер и други работи. Работевме и делник и празник, земавме пари и не бевме повеќе гладни.

По три месеци кога работевме во една куќа, дојде еден милиционер и ме праша ''Кој е Коста Алабаков?" Му реков" "Јас". "Знаеш, друже, треба да дојдиш со мене, ќе одиме за Штип." Си го зедов палтото и без приговор тргнавне пешки. Околу 20 километри со пријателски разговор стигнаме во Штип. Тој ме однесе во една зграда на УДБА и таму ме предаде на еден офицер. Офицерот ми рече да одам по него и ме однесе во една темна келија, ме пикна внатре, ми ја затвори вратата и си замина. Јас седнав на циментото и се изгледав по ѕидовите каде лазеа црвје, разни лигавци, и во ќошот имаше една кофа за по нужда. Некако ја преспав ноќта а утрото дојде друг војник и ме натера да ја изнесам кофата и да ја истурам во една дупка. Јадење ни даваа низ мало вратниче и никој не дојде да ме праша од каде сум и зошто сум тука.

По три дена во келијата влезе еден војник и ми рече да излезам. Јас излегов и тој ми даде една торба со моите алишта. Сигурно мајка ми дошла и ги донела. Тогаш војникот ме одведе до вратата на затворот и ме предаде на еден милиционер. Овој пак ми стави лисици на рацете и ме поведе. ''Не бегам му реков!'' Тој ми договори ''Ќе избегаш, ама го гледаш овој!'' покажувајќи на пиштолот. Отидовме на железничката станица и таму ми кажа дека ме носи во Скопје. Влегоме во возот, тој седна до вратата и си запали цигара и почна да си го трга цигарчето па почна да бара нешто во џепот. Ја извади кутијата со цигари ми рече ''Да ми простиш што не ти дадов цигара''. Јас запалив една. Во купето бевме сами и тој продолжи "Не те прашав од каде си?'' Му реков ''Кас сум егејец''. ''Ти си за да одиш долу, ве собираат за да ве носат да се борите. Ќе ве сотрат долу...''.

Паттот го поминаме со разговор па кога ќе си запалеше цигара и мене ми даваше една. Стигнавме во Скопје и ме одведе во внатешни работи каде ме предаде на еден полицаец и на одење ми рече да не се плашам. Полицаецот ме однесе во еден подрум во ќелија со патос од даски. Ми даде две ќебиња кои беа чисти а и ќелијата беше многу чиста. Тука немаше кофа за нужда и ме носеа надвор кока побарав. Во во ќелијата полицаецот побара да си ги извадам врвците од чевлите и каишот од панталоните. По извесно време помина стражарот, го отвори прозорчето и ме запраша дали имам цигара и ако сакам да пушам тој ќе ми ја запали. Јас му ја подадов, а тој откако ја запали сакаше да си замине. Јас почнав да го пцујам на што тој почна да ми се заканува дека ако ми влезе внатре целиот ќе ме искрши. Но се врати и ми ја подаде цигарата со извинување.

И тука никој не ме праша од каде сум и зошто сум тука. По два дена сигна еден полицаец ме зеде и со џип ме однесе во една барака во Козле која се наоѓаше зад едни лозја. Научив дека ова беше затвор за сите дезертери од ДАГ. Раководството од егејци со голема тортура се изживуваа врз нас и за најмала ситница не затвараа во карцели. По еден месец не однесоа во Маврово каде работевме на изградба на хидроцентралата. Таму се сретнав со многу соборци и пријатели. Работевме само за јадењето. По некое време ме преместија во Маврови Анови, па оттаму во Вруток, каде што извира Вардар. И тука работевме само за јадењето. Секој момент размислував како да избегам ама не знаев како. Еден ден отидов кај управителот Мичо кој беше од Костурско. Го замолив и јас да бидам преместен во Маврови Анови, ама тој ми рече дека не сум во списокот. Но, на мое инсистирање ми одобри и ми даде едно писменце да му го дадам на тамошниот управител.

Трнавме со камион кон Маврово. Во Вруток јас слегов од камионот и тргнав пешки за Гостивар, па од таму за Тетово. Стигнав на железничката станица. Таму се сретнав со прилепската ударна бригада која се враќаше за Прилеп. Се смешав со нив и се качив на возот кого мештаните го викаа Мали Киро, зашто одеше по теснолинејка. Заедно со нив стигнавме во Скопје, па во Велес. Таму јас слегов од возот и пешки по линијата тргнав за Штип. На првата станица заспав и го чекав возот за Штип. На станицата не даваа карти, картите ги даваа кондуктурите во возот. Затоа тука и дојдов бидејќи на станиците пред да земиш карти требаше да се покаже лична карта, а тука стоеше и милиционер. Јас не носев лична карта па веднаш ќе бев уапсен. Возот стигна и јас се качив. Требаше да се возам четири станици после Штип. Но на Овчеполската станица дојде милиционер и ми побара лична карта. Јас му реков дека сум егејец и дека немам лична карта. Тогаш го познав дека и тој беше егејец, се викаше Јани. Тој строго ми одговори "Оделото што го носам не познава пријатели, па ниту тебе. Во Штип ќе те предадам на милицијата."

Пред Штип народот на една спирка слегуваше на десната страна а јас слегнав на левата. Влегов во нивата со јачмен и таму седев се додека не дојде друг воз. Кога возот стигна се качив и стигнав на станицата Ванчо Прке. Веќе се стемни и по еден час пешачење стигнав дома. Веќе од утредента почнав да работам.

Тогаш се градеа кооперативни домови. Ме поставија одговорен за работниците што градеа. Јас им пишував надници, ги распоредував кој што да работи. За ручек имавме еден час пауза и јас тоа време го користев да одам во општината и да го читам весникот "Нова Македонија". Разгледував огласи за градежни раководители. Еден ден најдов оглас од Министерството за градежништво кое бараше палири. Отидов во селската задруга, купив еден лист хартија и напишав молба и ја пратив. По 15 дена од Министерството ми одговорија дека сум примен и дека треба да се јавам за работа. Јас немав лична карта па си го зедов писмото од Министерството и отидов во Штип во Министерството за внатрешни работи. Им го покажав писмото и таму ми дадоа една белешка која можев да ја користам како лична карта.

Бев на курс во Скопје, во близина на фабриката ''Треска''. Курсот го завршив со многу добар успех, односно со 4.

Со ученици од Палирската Школа - 1949г

Со пријателот Панче од Кочанско

Министерството ме распореди на работа во градежното претпријатие ''Бабуна'' од Велес. Отидов на работа во Ерџелија каде се градеа свињарници, краварници, штали за коњи, станбени згради, силоси за жито. Секоја сабота се враќав за Велес а во понеделник пак за Ерџелија.

Во Велес ми дадоа стан каде се населив. На на 27 август 1949 година се оженив со мојата жена Анастасија Маурдева, соселанка од Буф, а со која живеевме во село Гајранци емигрантски живот.

Прва фотографијата од бракот

Фотографијата е од 60 годишнината од бракот

Од Штип је зедов фамилијата: мајка ми, брат ми и сестра ми и ги доведов во Велес. Се пријавив во општината и не заведоа како жители на град Велес. Братми Доне се вработи во градежното претпријатие ''Бетон'', мајка ми во еден дом за девојчиња - сирачиња како перачка, а сестра ми Фанија продолжи да оди на училиште. Ни дадоа стан, а на 1.8. 1951 година добив југословенско државјанство. Градскиот комитет ме испрати во Скопје на едногодишно партиско училиште, 1951-52. Тоа беше последната генерација од тоа училиште.

На сликата се дел од учениците од партиската школа во Скопје (1951-1952г) која јас ја завршив. Јас сум првиот над главата на Управничката (во средината со белиот фустан) која беше женате на познатиот писател Владо Малевски и мајка на Венко Малевски. Исто така се присутни и професорот Драган Ташковски и Радуле.

На сликата сум со Коле Шалваринов и Ристо Кирјазовски од Костурско и Ѓорѓи од селото Прекопана.

Се вработив во претпријатието ''Бетон'' и работев две години на изградбата на фабриката ''Порцеланка''. Кога работите на фабриката привршија, претпријатието ме испрати во Мариово каде го отворив градилиштето во Чебран каде се градеше хидроцентрала во селото Манастир. Бидејќи семејството ми беше во Велес, по извесно време повторно се вратив во Велес.

На 20 април 1951 година ни се роди ќерката Лена, а на 21 март 1954 синот Благојче. Во Велес бев биран за четири години во Градскиот Комитет и две години одборник во градскиот совет во Општината и во Урбанистичката Комисија во Градот.

Со (мали) деца во 1955г

Со (пораснати) деца во 2010

Во 1955г бев испратен на еден угостителски конгрес како делегат од градскиот комитет од Велес, кој се одржа во Охид и траеше три дена. На сликата сум со делегатите од Велес, директорот на Атина и директорот за Македонија.

Во 1957г ме зедоа вежба во ЈНА и служев еден месец во Куманово. Ми беше признат чинот потпоручник кој го имав во ДАГ. Истата година се преселивме во Битола каде работев како палир во градежното претпријатије ''Маврово-Пелагонија'' а последно работно место ми беше во управата за комунални работи во Битола.

Во јули 1967 со фамилијата заминавме за Австралија. Во Австралија првите години работев и по 12 сати дневно. 11 години работав во фабрика за теписи во 12 саати смени: 7 часот наутро до 7 навечер или од 7 навечер до 7 наутро. Сменив неколку фабрики. Последно работно место ми беше во компанијата Телеком каде работев по 8 часа. Во 1990г на 63 години се пензионирав со борачка пензија. Австралија ми го призна боречкиот стаж. Во 2005г владата на Австралија ме награди со медал за 60 годишнината од победата над фашизамот.

Слика со група работници кога работев во Телеком

ОБЈЕКТИ ВО МАКЕДОНИЈА КОИ СЕ ИЗГРАДЕНИ ПОД МОЕ РАКОВОДСТВО

Во Ерџелија (Овчеполе) - 2 силоси и 9 свињарници,

Во Овчеполе - голем памучен магазин, кој се наоѓа на патот кон Свети Николе.

Во Велес - една хала од фабриката ''Порцеланка''. Рампа за истовар и утовар на возот, станбена зграда на Сармаале и некои помали објекти како детско игралиште во градскиот парк.

Во Кавадарци: 5 станбени згради.
Патот во Мариово до Чебрен, од селото Манастир до бешишкиот дол и браната;

Во Прилеп - станбена зграда ''Партизанка'' во Бончевица.

Во Битола - зградата ''Хеликоптер'' од 52 стана. Откупната зграда за тутун во монополот.

Базентите и мостот за растовар на репата. Каналот за транспортирање на репата до шеќераната.

Во мелиорација на реката Црна - главното корито од селото Радобор до линијата на возот до селото Тројкрсти и некои одводни канали во Пелагонија. Насипите оформување со болдожерите од Новаци до Тополчани.

Во последно претприатије во кое работав четири и пол години – Управата за комунални работи во Битола, изведувње на канализации, патишта, асфалтирање, поправки на калдрми, канали, тратоари низ градот Битола.

ПРВА БУФСКА СРЕДБА ВО БИТОЛА

Првата буфска средба се одржа на 29 јули 1975г. во манастирскиот двор на црквата Св. Богородица, во селото Трново, која беше извонредно организирана и величествена. Посетата беше масовна, присуствуваа над 3,000 буфчани кои пристигнаа од сите краишта на светот. Многу од нив се сретнаа за првпат по долги години. Новинарот Доне Панов од Битолскиот Весник прочита пригоден реферат со куса историја на селото Буф, а се одржа и културно забавна програма.

Буфските средби беа организирана до 1980г, а потоа селските средби прераснаа во леринска средба а од 1986г секоја година како и пред тоа во последната недела од месецот јули на истото место се одржуваа средбите на Македонците од егејскиот дел на Македонија.

Одборот кој ја организира првата буфска средба во селото Трново во 1975г. Од лево на десно
Јове Гагачев, Никола Маурдев, непознат, Доне Панов, Диме Аспровски, Гоче Марковски, Доне Гагачов, Диме Тодоровски, Нико Миновски и Гоче Волчев.

Во 1995г јас бев во Битола на посета и отидов на буфската средба во Нижополе каде се видов со многу буфчани и стари пријатели. Исто така го сретнав претседалел Киро Глигоров и многу добриот пријател Васил Тупурковски.

Со Васил Тупурков(ЦИЛЕ)

Со Киро Глигоров и брат ми Доне

БУФСКО ДРУШТВО ВО МЕЛБУРН

Првото буфско друштво се створи во на 1 Новембар 1947г

Преседател - Васил Горев
Подпреседател - Панте Цветковси
Благајник - Доне Опашинов
Секретар - Симе Ангелевски
Член на управта - Цане Тодоровски
Член на управата - Диме Тодоровски
Член на управата – Симе Цвтековски

First Boufski picnic in Melbourne, c1950 1951

Привиот буфски пикник во 1951г

Следното е првиот устав кое беше напишано на ''латиница'' - збор со збор.

USTAV NA BOUFSKOTO SPOMAGATELNO DRUZESTVO (BOUF) VO MELBOURNE

==========

1) **Imeto na Druzhestvoto da bidi <u>BOUFSKO</u> Spomagatelno Druzhestvo**
2) **Chlenovite na Druzhetvoto da bida Boufchani, ne drugi selani.**
3) **Druzhestvoto da nese mesha vo polotichki I relidiozni raboti**
4) **Chlenskiot vnos se beri ednash godishno. (Vo J<u>ANUARY</u>)**
5) **Vo sluchai nekoi se ostavi od druzhetvoto, parite shto gi dal nema dagi zemi nazad.**
6) **Ako nekoi ot chlenovite nesi go plati vnosot za 6 meseci od datata 1-vi <u>JANUARY</u>, secretarot na Druzhestvoto treba da mu se javi i da mudadi vreme od drugi 6 meseci. Ako toi ne se javi vo toa vreme, druzhestvoto dago reshi voproso vo svoite sobrania.**
7) **Glavnata tsel na Druzhestvoto shtosfe napravi e da gi beri selanite za veselbi I da mu spomagna na svoite chlenovi od razni nestrejki.**
8) **Pomosh ke mu se dava samo na tie Boufchani koi se chlenovi na <u>BOUFSKOTO</u> spomagatelno Druzhestvo.**
9) **Pomosh nemuse sleduva na tei chlenovi koi se po malkou od 6 meseci vo Druzhestvoto.**
10) **Pomosh nemuse sleduva na tie chlenovi koi se zaostanati so, chlenskiot vnos za povejke od dve godini.**
11) **Onie chlenovi koi zevaa penzia, nemuse sleduva pomosh od Druzhestvoto poradi tie se osigureni Drzhavno za sekakvi bolesti, apak mozhat da dobiat pomosh od drugi nesrejki samo.**
12) **Chlnovite pod penzia nama da platvaa chlenski vnos godishno, isto I po orata ke vleguvaa bes plata.**
13) **Ako nekoi od chlenovite pochini, (oumri) ke muse dadi venec za pogrebot I sumata pari opredelena od Druzhestvoto na negovata Familia.**
14) **sumata za pomosh kese opredeluva godishno od chlenovite, do kolku ke muse dava na sekoi chlen. Chlenovite na druzhestvoto ke ja razgleduva taija rabota od vreme na vreme.**
15) **Ako doidi vopros da se bara pomosh od onie Boufchani koi nese chlenovi na Boufskoto spmagatelno Druzhestvo, vo takov sluchain ke zavisi do upravata na Drushestvoto da organazira dobrovolna pomosh vo edno od svoite ora. (Vecherinki.)**
16) **Detsa ispod 16 godini nama da platvaa ulaz na vratata po orata.**

<u>DODADENI TOCHKI</u>

17) **Vo vrska so davanje pomosh na chlenovite.(vidia tochka 8-ma) ovaa pomosh se dava ednash na 5 godini.**
18) **Vo smrten slichaj, venec dase dava na sekoi Boufchanec nezavisno dali toi chlenuva ili ne vo druzestvoto.**
19) **Vo sluchai Druzhestvoto ne Funksionira imoto na Druzhestvoto da se dadi na <u>ROYAL CHILDREN HOSPITAL</u> vo Melboure.**
20) **Prvata uprava koija se glasi od chlenovite koga Druzhestvoto se osnova na 1-vi NOEMVRI 1947 godina va grad Melbourne Avstralia bea slednite litsa**

Predsedatel. Vasil Georev
P.Predseratel Pante Tsvetkovski
Kasier Done Opashinov
Sekretar Dime Todorovski
K.Komisia (Alek Todorovski
(Sime Tsvetkovski

OVOI USTAV e UDOBREN of CHLENOVITE vo 1974 godina

==========

БУФСКИ ПАРК

Во 1974г Буфското друштво купи место од 22 екари во градчето Гизборн, околу 70км надвор од Мелбурн. Овоа место го употребуваме секоја година за 2-3 излети (пикници).

Сликата е од портата на Буфски Парк во Гизборн.
Сите деца се од буфско поколение – тие се цутот од расадникот БУФСКИ.

60 ГОДИНИ НА БУФСКОТО ДРУШТВО ВО МЕЛБУРН

Во 2007г Буфското друштво организира богата вечеринка за да прослави 60-та година од неговото формирање. До сега не се памети таква посета од младината на буфчани и многу гости кое ќе остани за долго сеќавање. Тортата ја пресекоа двајца од првата управа на друштвото - Диме Тодоровски и Цане Тодоровски. Овие двајца доаѓаат на секое оро и пикник, особено Цане кој мора најнапред да го изигра буфското оро "пуштеното".

Овие слики се од моите внучина: левате слика - Стефание, Антони, Давид
десната слика - Грег и Вивиан.

МЕДАЛ ЗА 60 ГОДИШНИНА ЗА КРАЈОТ НА ВТОРА СВЕТСКА ВОЈНАТА

Овде е прикажано моето одликувањето со медалот кој ми го даде Сојузот на борците на Австралија како признание по повот 60 годишнината од победата над фашизамот. Потпишане од премиерот на Австралија Џон Хавард и министерот на борачката организација за Австралија Де-Анне Келли.



ПРЕСТАНАВ ДА РАБОТАМ И ОТИДОВ ВО ПЕНЗИЈА

Во Аустралија се пензионирав во 1990г. и станав член во македонската првославна општина за Мелбурн и Викторија.

Уште во првата година, со тајно гласање, бев избран во управата и станав заменик секретар за 2 години бидејќи управите се бираат на секој 2 години. Во фторите наредните избори бев поново избран во управа и станав секретар. Бев задолжен за броење на парите.

Во управата бев биран уште во 2 наредни избори станав заменик секретар.

Во моето време во епархиата дојде до промена на Владиката Тимотеи и во Австралија дојде Јован Каровски со името Владиката Петре. Односите меѓу општината и Влдиката Петре се олошија и до сега не се имат подобрено.

За мојата 8 годишна работа и труд во општината, упрват ми додари ПОФАЛНИЦА

ПОГОВОР

Драги читатели, тука ја завршувам мојата животна историја која ја напишав во мојата 83-та година, во 2011.

Сакам да остани за сеќавање на моето поколение и за сите генерации кои сакат да научат не само за мојот ама и за многу други Македонци како си го поминаа животот во револуцијата на 2-та светска војна, во годините 1941-1945 и во тешката грајанска војна во Демократската Армија на Грција (ДАГ) во годините 1946 - 1949.

Сликата е од мојата фамилија на мојот 82 роден ден.

Голема благодарност на
Лена Маурдева (Петрејца Марковска)
Стасија Опашиноа (Симејца Желеварова)
Риза Јанколовска (Вангелица Анданоа)
Томаниа Кашароа (Василица Чокреја)
Зетот на Томанија (од с. Брајчино)
Минела Бранов
Коста Ангелевси
Цане Бранов
Менка Србиновска
Диме Шападовски (Трајковски)
Полекција Алабакова (Атансица)
Нико Миновски од Битола
Пидо Патковски од Асаново Село.
Филко Алабаков
Јошета Ќипров
Лазо Младеновски од Турја.
Јован Танин од Бапчор
Мара Колоа
Гочета Ѓорев и ќеркаму Тула

КРАТЕНЌИ

АВНОЈ	Антифашистичко веќе на народно ослободување на Југославија
АСНОМ	Антифашистичко собрание на народно ослободување на Македонија
АФЖ	Антифашистички фронт на жената
БКП	Бугарска комунистичка партија
ВМРО	Внатрешна Македонска Револуционерна Организација
ГШ	Главен штаб
ДАГ	Демократска армија на Грција
ЕЛАС	Грчка народнослободителна армија
ЕПОН	Национална сегрчка организација на младина
ЕТА	Комисија за снабдување на партизаните
ЗПГ	Земјоделска партија на Грција
ИБ	Информбиро
ЈНА	Југословенска народна армија
ЈЦК	Југословенцки црвен крст
КОЕМ	Комунистичка организација на Егејска Македонија
КПГ	Комунистичка партија на Грција
КПЈ	Комунистичка партија на Југославија
КПМ	Комунистичка партија на Македонија
КПСС	Комунистичка партија на Советскиот Сојуз
МАО	Македонска антифашистичка организација
МБ	Македонско биро (на КПГ)
МНОД	Македонско народно ослободително движење
НОВ	Народно ослободителна војска
НОД	Народно ослободително движење
НОМС	Народно ослободителен младински сојуз
НОФ	Народно ослободителен Фронт
ОК	Околиски (или) Обласни комитет
ООН	Организација на обединетите нации
ПБ	Политбиро
ПДВ	Привремена демократска влада
СНОФ	Словеномакедонски народно ослободителен фронт